

# ГЕВГЕЛИЈА

*130 години град*









# ГЕВГЕЛИЈА ЖИВЕЕ И ЌЕ ЖИВЕЕ

Градот како и човекот. Се раѓа, расте, се развива, но не умира. Останува за навек – да им обезбеди покрив и живот на бројни генерации.

Гевгелија како град се роди во 1886 година и оттогаш, расте, се развива и на своите граѓани им обезбедува пристоен живот. Бројни и бројни генерации биле соврсници на нејзиното раѓање, нејзиниот развој, нејзиното проширување. Биле дел од тоа градското семејство кое минало низ многу премрежја, но, успеало да опстане. И што е уште поважно, да стане посакувана дестинација за живеење. Да стане препознатлив бренд.

И тоа, не само поради отвореноста и гостопримството на градот и неговите граѓани. Поради благата медитеранска клима, еколошката средина и благосостојбата на поднебјето. Поради првите домати, зрели смокви и пространите плантажи со грозје. Поради казино туризмот и репрезентативните хотелски капацитети. Туку и поради обезбедените поволности и услови за живот според европските стандарди. Уште повеќе поради предизвикот – да се живее подалеку од европските метрополи, а сосема одблиску да се користат нивните погодности.

Горд сум што сум се родил, живеам и опстојувам во Гевгелија. Што сум нејзин врсник, барем во еден помал, но значаен дел од нејзиниот развој. Последнава деценија Гевгелија продолжи да живее и да се развива, доби многу нови обележја и погодности, кои придонесуваат за подобрување на условите за живот. Но, истовремено и го менуваат градскиот лик, приближувајќи го до европските стандарди. Бидејќи Гевгелија отсекогаш, од своето раѓање, па, до денес, важела за европски град.

Ваквата придобивка треба да ја негуваме и да ја чуваме. Заради нас и заради идните генерации. Затоа, и пишаното сведоштво за Гевгелија, по повод 130 годишнината од нејзиното прогласување за град, претставува мал, но, значаен придонес за историјата на овој град. Порака за сите генерации, сегашни и идни, е дека Гевгелија продолжува да живее. А, заедно со неа и ние, нејзините граѓани, кои живееле и растеле заедно со својот роден град. Исто така, кои ќе живеат и ќе растат заедно со него. Сведоштвото за тоа ќе остане за навек и ќе претставува патоказ за идните генерации.

**Иван Франгов**
**Градоначалник**
**на општина Гевгелија**





# ГЕВГЕЛИО, ГЕВГЕЛИО!

Сите ние, Твоите гевгелиски сограѓани, што Те имаме како едно од најголемите и најтрајните скапоцености во нашите животи, сите ние, да повторам, со голем пиетет кон Тебе, го одбележуваме Твојот стоитриесетгодишен роденден (1886–2016).

Наш граду, наш роденграду! Во сите овие Твои тринаесет децении, растејќи и вознесувајќи се себеси, Ти нè растеше и нè вознесуваше и нас самите. Ние израснавме од Тебе и се врастевме во Тебе. Така, проникнувајќи се меѓусебно, станавме, за вечни времиња, Едно и Неделиво. Ти си, Гевгелио, и ние сме Твоите граѓани, со Тебе налик на Твоите извишени кипариси што го красиле речиси секој гевгелиски двор и дом. Тие, иако во овие 130 години од Твоето раѓање, биле изложени на познатите гевгелиски ветришта, никогаш не ја скршиле својата и нашата снага, туку постојано ја издигнувале угоре спрема високоно небо, сфаќајќи го стихот на Блаже Конески како основен животен принцип на нашето опстојување, дека најважното и најсудбоносното во животот е да никнеш.

Убаво е речено: човекот не си ги избира ни родителите, ниту, пак, градот, она родно место во кое се родил и ги направил првите чекори на својот животен пат. Но, затоа, пак, во времето доаѓа време кога ние можеме, како денес, да го речеме спротивното, дека Ти нè роди и нè избра нас заедно да ја делиме со Тебе нашата заедничка животна судбина. Затоа, имено, денес Те прославуваме и вознесуваме како свое чедо.



Драг читателу!

Кога сега и во овој час, ја земаш враце и ја отвораш оваа книга, гледаш дека таа, Гевгелио, е создадена за Тебе и во Твоја чест и слава. Неа, пак, ја напишале скромни, но пресретливи и умни наши сограѓани, Ристо Стамков и Златко Трајков. Тие, Твои и предани на Тебе истражувачи, познавачи, но и искрени поклоници, ја напишале оваа книга во која е собрана севкупната Твоја историја од Твоето раѓање па сè до денес. И, притоа, ништо во неа не заборавиле и никој и ништо во неа не го заборавиле. Затоа кога ќе ја прочитаме неа откриваме каков и трнлив, но и со трендафили бил послан, Твојот животен пат, во Гевгелискиот простор и во Гевгелиското време.

Ристо Стамков и Златко Трајков напишале книга за Гевгелија, што ги исполнува нашите срца со голема и непресушна љубов кон Тебе. Тие, во своето пишување, ја следеле мислата на Френсис Бекон: „Tantum possimus, quantum scimus", т.е. Толку можевме колку што знаевме, а знаеле, сознале и откриле за Тебе многу, толку многу што Тебе, наша Гевгелио, Те опфатиле во целост, со Твојата севкупна материјална и духовна култура. Сега, по оваа нивна книга знаеме сè што само Ти си имала и поседувала и никој друг град во нашата татковина. Затоа ги восфалуваме нивните текстови за Тебе, Гевгелио. Зад нив стои не само знаење и проучување, но и бројна литература, што тие ја пронашле и истражиле, од која, вградена во нивната книга, тие ги црпеле бројните факти и врз основа на нив ни ја открија и пренесоа својата мошне точна и објективна оценка за Тебе. А го направиле тие тоа со научна строгост и штедрост во своите зборови, со зборови во кои блика само вистината на која тие единствено се предале. Но со сето тоа и над сето тоа, Ристо Стамков и Златко Трајков, го сфатиле создавањето на својата книга за Тебе, Гевгелио, не само како обврска, но, и пред сè, како морален долг. А за долгот Кант велеше дека е поим со возвишено име кое не содржи во себе ништо од празното ласкање... Од долгот произлегува неопходниот услов за онаа вредност што можат само искрени луѓе себеси да си ја дарат.

Така ја пишувале авторите својата книга за нашата единствена Гевгелија, која е единствена зашто е подруга од другите и зашто како неа нема таква друга. Така и јас, барабар со нив, ги напишав овие неколку реда како мој долг кон Тебе, зашто јас го поминав својот живот во Гевгелија – и со Гевгелија во мене – речиси половината од времето на Твојот опстој во просторот и времето и зашто дури и кога бев далеку од Тебе, моја Гевгелио, по повеќе континенти на земниот Глобус, секогаш бев со Тебе, бидејќи Ти, беше, всушност, мојот вистински животен континент.

**Георги Старделов**
**Академик**
**од Гевгелија**



# ВОВЕД

Во 2016 година Гевгелија одбележува еден значаен јубилеј во своето постоење – 130 години откако Гевгелија со декрет или правен указ на Османлиската империја е прогласена за градска населба. Голем предизвик – на хартија, со слика и збор да се пренесе развојот на еден град. За секој гевгеличанец, а особено за група ентузијасти кои се зафатија со макотрпна работа да се истражи и да се забележи сè што се нарекува – изворно познавање за одредени настани од историјата на град Гевгелија и сето тоа уредно да се спакува и да се презентира на јавноста.

Ваквата заложба на луѓето од Редакцискиот одбор кои се зафатија со целта да се колекционира и да се состави овој пишан, устен и фотографски материјал ќе беше залудна, ако не наидевме на подготвеноста и отворената поддршка од страна на општина Гевгелија. Советот на општина Гевгелија формираше Општински организационен одбор за одбележување на 130 години од прогласувањето на Гевгелија за град, со кој претседаваше градоначалникот на општина Гевгелија Иван Франгов. Една од првенствените активности на овој одбор беше токму изработката и печатењето на Монографија за Гевгелија, по повод 130-годишнината од нејзиното опстојување како град.

За пишувањето на историјата на нашиот град Гевгелија проф. д-р Владо Картов запиша: „Домашни изворни материјали не постојат, бидејќи повеќето од нив се уништени за време на борбите од 1913 година, како и во периодот на борбите што се водеа на ова подрачје од 1915 до 1918 година, односно за време на Првата светска војна. Градот Гевгелија, секако, бил борбено средиште на кое противниците ги вкрстувале своите 'огнови'. Уништувањето на основното училиште 'Св. Кирил и Методиј', црквата 'Св.Троица' и другите општествено-културни знаменитости на градот е проследено и со уништување на многу драгоцен изворен материјал за културно-просветниот живот, црковно-просветните пропаганди и револуционерното движење..."

Авторите, и покрај тоа, се обидоа на едно место да ѝ го претстави на јавноста 130-годишниот пат на Гевгелија од селска населба до современа европска градска населба.

Авторите изразуваат голема благодарност за ваквата поддршка, како и благодарност до сите институции и поединци кои на различен начин дадоа придонес за изготвувањето на оваа Монографија за Гевгелија.

**Од авторите Ристо Стамков и Златко Трајков**



## Трба трби Гевгелија

Трба трби Гевгелија
сите Турци надавија
од јунака Леонида.
Цар испратил до три војски
до три војски се ти разби.
Прва војска Гевгелиска
втора војска е Дорјанска
трета војска е Струмичка,
ќе го барат Леонида,
Леонида баш комита.
Го бараја во Богданско
го најдоја во Ѓавочко
во Ѓавочко во Ѓурѓов дол,
јунак лежи в постилата,
срце му е динамита
враце држи револвера
бој започна од сабајле
од сабајле дур до вечер,
триста души убиени,
а ранети не броени.
Проговара Јуз-башија
еј јунаку Леонида
предај ми се ти на мене
да те видам кај Султанот
тој да види каков јунак
ќе ти даде многу пари.
Одговара Леонида,
слушај мене Јуз-башијо
елај ваму понаваму
да ти кажам два три збора
два три збора Македонски.
Голем страм е за комита
жив да падне в турски раце
таква правда турска правда
три илјади на три мина
останаа два патрона
еден за теб втори за мен.
Си извади револвера
па го стрела Јуз-башија
и на крајот сам се убил.
Живот даде Леонида
за Македонија мила.



# СОДРЖИНА


12 стр - ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГЕВГЕЛИЈА И ГЕВГЕЛИСКО И РАЗВОЈОТ НА СООБРАЌАЈНО-ПОШТЕНСКИТЕ ВРСКИ.

23 стр - ГЕВГЕЛИЈА СПОРЕД АРХЕОЛОШКИТЕ НАОДИ

34 стр - НАСТАНОК И РАЗВОЈ НА НАСЕЛБАТА ГЕВГЕЛИЈА

41 стр - ГЕВГЕЛИЈА ВО ВРЕМЕ НА ОСМАНЛИСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ

45 стр - ТУЃИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО ГЕВГЕЛИЈА

49 стр - НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА

58 стр - ГРАД ГЕВГЕЛИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ДВЕТЕ БАЛКАНСКИ ВОЈНИ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

68 стр - ГЕВГЕЛИЈА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

76 стр - ГЕВГЕЛИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И ФАШИСТИЧКАТА ОКУПАЦИЈА НА ГРАДОТ

84 стр - ГЕВГЕЛИЈА ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

97 стр - ГЕВГЕЛИЈА ПО ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1991–2016)

102 стр - ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ГЕВГЕЛИЈА ОД МИНАТОТО ДО ДЕНЕС

120 стр - ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ ВО ГЕВГЕЛИЈА ОД МИНАТОТО ДО ДЕНЕС

126 стр - КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИТЕ И ОПШТЕСТВЕНИ ПРИЛИКИ ВО ГЕВГЕЛИЈА ОД МИНАТОТО ДО ДЕНЕС

# ДЕЛ ПРВИ

# ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГЕВГЕЛИЈА И ГЕВГЕЛИСКО И РАЗВОЈОТ НА СООБРАЌАЈНО-ПОШТЕНСКИТЕ ВРСКИ.



# ГЛАВА 1.
# ПОЛОЖБА И ПРОСТОРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГЕВГЕЛИЈА И ГЕВГЕЛИСКО

Гевгелија се наоѓа во Гевгелиско-Валандовската Котлина, на 41° 8′ и 41° 25′ северна географска ширина и 22° 20′ и 22° 35′ источна географска должина. Таа го зафаќа најјужниот дел на Република Македонија, од двете страни на реката Вардар

Од источната страна Гевгелиско-Валандовската Котлина ја заградуваат појасите на планината Беласица, што се простира на север сè до планината Плауш и заедно со неа ја одделуваат од Струмичката Котлина. На запад се протегаат појасите на Кожуф и Пајак планина чии височини донекаде го запираат влијанието на средоземната клима во ова подрачје.

Гевгелиско-Валандовската Котлина достигнува должина до 30 км, а широчина од 6 до 7 км. Од левата страна на реката Вардар се наоѓа една помала котлина, наречена Бојмија или Боемија, односно Валандовската Котлина. На исток и запад, по должината на реката Вардар, се наоѓа поголемата, Гевгелиска Котлина. Од левата страна на Гевгелиската Котлина се наоѓа плодното Богданско Поле, а западно од Валандовската Котлина, одделено со реката Вардар, се наоѓа малото Миравчко Поле.

Целокупната површина на која се простира општина Гевгелија е 485 км2. На север и на исток таа се граничи со општините Валандово и Богданци, на запад со општините Демир Капија и Кавадарци, а на југ со Мачуково (Евзони), во соседна Грција. Населбите се распоредени по долното течение на реката Вардар, во средишниот и во јужниот дел на Гевгелиско-Валандовската Котлина. Според апсолутната надморска височина, општина Гевгелија е една од најниските општини во Република Македонија со 64 м н.д., додека највисока точка е врвот Зелен Брег, на Кожуф Планина, со н.в. до 2.167 м.



# ГЛАВА 2.
# КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ВО ГЕВГЕЛИЈА И ОПШТИНАТА[1]

Ова подрачје е во голема мера под термичко влијание од Егејското Море и овде се манифестира средоземноморското климатско влијание. Просечната годишна температура во Гевгелиско Поле изнесува 14,2°C, исто како и во Дојранската Котлина. За 1,9°C е пониска од онаа во Солунското Поле, а за 0,4°C е повисока од Тиквешката Котлина и за 2,0 °C од Скопската Котлина. Ова климатско влијание особено се манифестира во зимските месеци од годината, што се гледа од релативно високите температурни вредности во зимските месеци. Средната вредност во трите зимски месеци изнесува 4,7°C и за 1,1°C е повисока од Тиквешката Котлина, а за 2,9°C од Скопската Котлина.

Заради отвореноста на Гевгелискотo Поле кон север, во зимските месеци се јавуваат доста ниски температури. Во овој дел од годината забележана е апсолутна минимална температура од -19,5°C, на 27 јануари 1965 година. Во летните месеци, највисоката апсолутна температура на воздухот, во последните 30 години, била измерена во јули 2004 година - 44,6°C. Најтопол летен месец е јули, со просечна месечна температура од 25°C, кој за 0,4°C е потопол од август. Есента е значително потопла од пролетта.

Режимот на врнежи во Гевгелиско Поле е под медитеранското климатско влијание. Летните месеци сѐ со мала количина на врнежи, а максимумот врнежи се во доцните есенски месеци. Просечната годишна сума на врнежи изнесува 711 мм/м3 , во периодот од 1950 до 1990 година, додека денес просечната годишна сума изнесува 649 мм/м3. По сезони, најврнежлива е есента, потоа зимата, а со најмала количина на врнежи е летото. Пролетта е поврнежлива од летото и е со приближна количина на врнежи како и зимата.

Во Гевгелиско Поле врнежите се главно од дожд, а само во зимските месеци повремено се со снег. Просечно, годишно има 6 денови со снежен покривач, кој просек се намалува како резултат на глобалните климатски промени. Иако годишните врнежи се доста високи, сушните периоди се јавуваат со голема зачестеност. Во Гевгелиското Поле најдолготрајниот сушен период изнесувал 88 денови, забележан во 1956 година.

Гевгелиското Поле спаѓа во подрачјата со најдолготрајно сончево зрачење во Република Македонија. Просечното годишно траење на сончевото зрачење изнесува од 2.400 до 2.600 часови, со 240 сончеви денови во годината. Со најдолготрајно сончево зрачење се карактеризира јули, просечно 350 часа или средно дневно 11 часа, а со најкусо траење месец декември, средно дневно 126 часови или 4 часови дневно.

Во Гевгелиското Поле најизразени се ветровите по долината на реката Вардар и тоа, Вардарецот кој се јавува од северен правец, и Југот од југоисточен правец. Вардарецот дува преку цела година, а најчесто во јануари, февруари и декември, додека нешто поретко се јавува во пролетните и во есенските месеци. Со голема зачестеност Вардарецот се јавува и во летните месеци, особено во јули и август. Тој е рафален ветер и на моменти дува со голема брзина од 7,2 м/сек. Југот е доста чест ветер, особено во пролетните и есенските месеци. Брзината на Југот е значително помала отколку на Вардарецот, а максималната брзина достигнува до 12,5 м/сек.

Појавата на град од нестабилни конвективни облаци е доста застапена, особено во април и мај, но со голема зачестеност и во јуни, јули и август. Маглата како појава не е застапена во ова подрачје, така што просечно годишно овде се јавуваат околу 10 денови со магла, главно, во зимските месеци.

# ГЛАВА 3.
# ФЛОРА И ФАУНА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Во јужниот дел на Република Македонија, на потегот од Демир Капија до Гевгелија, кој е познат како Долно Повардарие, десно од течението на реката Вардар, се издигнува планинскиот масив Кожуф. Највисоките делови на оваа планина достигнуваат над 2.100 м н.в., а највисок е врвот Зелен Брег, со 2.165 м н.в.. Во непосредна близина на Гевгелија се наоѓа најниската точка во Републиката и таа изнесува 42 м н.в.. Општина Гевгелија, според микрорелјефот, е рамничарска, падинска, ридска и планинска територија. Од вкупната општинска територија 28.350 ха се застапени со шуми, 2.652 ха се пасишта, а 7.800 ха се обработлива површина. Во такви природно-географски услови општина Гевгелија се одликува со богата флора и фауна, меѓу кои има и ендемски единици.

## 3.1. ФЛОРА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Како резултат на големата висинска разлика, на влијанието на климата, почвата и вегетацијата во Гевгелија и околината се среќаваат скоро сите климатско-вегетациско-почвени региони (зони) кои се застапени во Република Македонија.

Лоцираноста на Гевгелија на само шеесетина километри од Егејско Море, придонесува за модифицирано влијание на медитеранската клима, која овозможила да се развиваат растенија својствени за типичниот Медитеран, па

дури и некои тропски и суптропски видови. Така, на овој мал простор, виреат повеќе видови на палми, меѓу кои најзастапени се: влакнестата палма – Trachycarpus fortune, жбунеста палма – Chamaerops humilis, канарска палма – Phoenix canariensis и Washingtonia robusta. Во последните години со феноменот на глобалното затоплување и повисоките температури, евидентно е зголемен бројот од палми, поради што Гевгелија се нарекува и град на палмите.

Во Гевгелија и поширокото подрачје, се среќаваат и други интересни видови растенија, како што е типично медитеранскиот зимзелен даб црника – Quercus ilex, понатаму декоративни форми на див лимон – Poncirus trifoliate, поинцијана – Poinciana gilliesii, закум, леандер – Nerium oleander, мандарина – Citrus Tangarina, рузмарин – Rusmarinus officinalis, разни овошни суптропски и тропски видови и други растенија.



Од кактусите присутен е кактусот Agave Americana од кој најголемиот примерок во целата Република се наоѓаше во Гевгелија, во дворот на хотелот „Аполонија", а беше стар 20 години. Посебен белег на градот претставуваат ловоровите дрвја – Laurus nobilis, чии лисја се силно миризливи. Исто така, значаен белег на Гевгелија претставува овошното дрво јапонско јаболко – Diospyros kaki, кое редовно се среќава по приватните градини. Други дрвја кои се присутни се дрвенестото растение киви – Actinidia chinensis, питом ф'стак – Pistacia vera и декоративниот вид копривка – Celtis australis.

Исто така, во приватни парцели, во градот и во неговата непосредна близина, виреат декоративни растенија и дрвја како хималајски кедар – Cedrus deodara cv.pendula, атласки кедар – Cedrus atlantica var.glauca cv.pendula, јапонски палмовиден јавор – Acer palmatum ssp.atropurpureum, махонија – Mahonia sp., аризонски чемпрес – Cupressus arizonica, кортадерија – Cortaderia sp., абелиа – Abelia sp., нандиниа – Nandinia domestica, мушмулица – Cotoneaster orizontalis, кривуљ – Pinus mugo и други. Освен декоративните растенија, во Гевгелија и нејзината околина се одгледуваат и стопански видови дрвја, кои се наоѓаат на пошумените површини: пињол – Pinus pinea, алепски бор – Pinus helepensis, приморски бор – Pinus pinaster, кедар – Cedrus sp., чемпрес – Cupressus sempervirens, аризонски чемпрес – Cupressus arizonica и други.

Во селото Негорци се наоѓа најстарото стебло на полски брест (Ulmus campetris) во Република Македонија, кое е заштитено со закон. Раритетни се и неколку стебла еукалиптус – Eucalyptus sp., кои растат 60-70 м, а во близината на влажните предели околу Негорските Бањи можат да се сретнат ретки растителни видови како полски и рунтав јасен– Fraxinus angustifolia и F.pallisae. Освен овие два типа на јасен, во ова шума виреат единствените примери на полски брест – Ulmus minor, дива круша – Pyrus piraster, бела врба – Salix alba, повит – Clematis vitalba и бршлен – Hedera helix. Од грмушките се среќаваат трнинката – Prunus spinose, песји дрен – Cornus sanguineum, глог – Crataegus orientalis, капини – Rubus ulmifolius, веприна – Ruscus aculeatus и други.



# 3.2. ФАУНА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Во општина Гевгелија има 53 вида на цицачи, од дивата фауна, од кои 34 се вклучени во европските конвенции и директиви за заштита на видовите и еколошките мрежи. Кафеавата мечка и балканската дива коза се посебно заштитени.

Во општина Гевгелија се среќаваат благородниот елен – Cervus elephus, кој е највеличественото животно во оваа средина. Интересно е што роговите на овој вид елен достигнуваат висина и до 1,6 m. Потоа, дивата коза – Rupicapra rupicapra, а најзначајно е присуството на кафеавата мечка – Ursus arctos.

Од помалите диви животни опстануваат: ласица – Vulpes vulpes, волкот – Canis lupus, зајак – Lagomorpha leporidae, јазовец – Melinae, верверица – Sciuridae, невестулка – Mustela nivalis, сив стаорец – Rattusnorvegicus, источни европски еж – Erinaceus concolor, златка – Martes martes и уште многу други.



На територијата на општина Гевгелија можат да се најдат и многу видови птици, дури 54 видови, од кои некои се загрозени. Бројноста на птиците се должи, пред сè, на долината на реката Вардар, која е важна рута за миграции на птиците.

Од позначајните птици присутни се: потполошка – Coturnix coturnix, пернатонога кукумјавка – Aegolius funereus, царски орел – Aquila heliacal, врапчова кукумјавка – Glaucidium passerinum, трипрст клукајдрвец – Picoides tridactylus, еребица – Perdix perdix, карпест орел – Aquila chrysaetos, лештарка – Tetrastes bonasia и многу други.

Општина Гевгелија располага и со разновидни риби, од кои дел се среќаваат во река Вардар, но и во планинските речни текови. Најчесто има балканска пастрмка – Salmo trutta fario, мрена – Barbus barbus, сом – Siluridae, караш – Crucian carp, крап – Carp, бојник – Chondrostroma nasus, речниот клен – Leuciscus cephalus и други.

Од жаби, на ова поднебје, присутни се: балканска поточна жаба – Rana graeca, крастава жаба – Bombina variegate, додека од желки има: грчка желка – Testudo graeca и шипоопаша желка – Testudo hermanni.

Во општина Гевгелија живеат и повеќе видови на змии, меѓу кои: усојница – Vipera berus (многу отровна змија), шумски смок – Zamenis longissimus, слепотрок – Anguis fragilis и други. Исто така, застапени се и многу ретки видови на безрбетници, кои обично се наоѓаат во јужните биокоридори, како: водно коњче – Cordulegaster heros, бумбари – Coleoptera, шкорпија – Mesobuthus gibbosus, стоногалка – Scolopendra cingulata, термити – Reticulitermes lucifugus, многу видови на пеперутки и разни ситни инсекти.

# ГЛАВА 4.
# СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ НА ГРАД ГЕВГЕЛИЈА (РЕЧЕН, ПАТЕН, ЖЕЛЕЗНИЧКИ И ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ)

Стопанскиот развој на Јужна Македонија во шеесеттите и седумдесеттите години на XIX век, се покажал како клучен за економскиот развој на Гевгелија. Ваквиот брз прогрес бил условен од политичко-економските услови на Отоманската империја, по Кримската војна (1853-1856), каде што била и Македонија, односно, Гевгелискиот регион. Исто така, за овој стопанско-економски прогрес на Гевгелија, придонес имала и географската местоположба, гео-политичките потенцијали на Балканскиот Полуостров и актуелната политика од тоа време.

Гевгелија, меѓу другото, претставувала витална сообраќајна артерија која ги поврзувала народите во подалечното минато. Поставена на релацијата меѓу Солун – Велес – Скопје, преку Гевгелија транзитирале патници и стока од Западна Европа кон Солун и обратно. Токму географската локација на населбата Гевгелија придонесе за изградба на значајни сообраќајници од видот на патниот, железничкиот и поштенскиот сообраќај.



## 4.1. РЕЧЕН СООБРАЌАЈ

Во минатото водените ресурси на реката Вардар, најчесто биле користени за наводнување на посевите и за движење на воденичките тркала. Со развојот на трговијата во Македонија, по Кримската војна (1853–1856), почнало да се размислува, стоките да се пренесуваат и по воден пат.

Првите пловни објекти, кои што се користеле само во еден правец, по Вардар, биле дрвените сплавови. Обично, тие биле подебели дрвени мотки, поврзани една со друга, а на нив имало издигнато постолје, од половина до еден метар, на кое се товарело стока (жито, јаглен, кожи, бали од памук, волна, свилени кожурци и друго). Дел од тие сплавови застанувале и во Гевелија, кај Вардарски Рид, и тука се растоварувала и товарала стока кон Солунското пристаниште. Првите сплавови, најчесто патувале од Велес до Солун и се појавиле во 40-тите години на XIX век. Се проценува дека во наредните години од Велес до Солун поминале над 10.000 сплавови.

Во 1858 година двајца трговци од Серез склучиле договор со Портата - турската влада, да го исчистат коритото на Вардар, за да употребуваат бродови на парен погон. Спомнатите лица барале да им се издаде концесија на 30 години и за таа цел вложиле средства, но проектот останал нереализиран. Во 1870/1871 година, браќата Алатини од Солун, формирале Душтво за регулирање на реката Вардар, со седиште во Солун, со цел да го оспособат коритото на Вардар за влечење шлепови со ниско дно. Но, планот им пропаднал, бидејќи набрзо била изградена железничката линија.

## 4.2. ПАТЕН СООБРАЌАЈ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Гевгелија отсекогаш, се наоѓала на главниот пат којшто минувал од Скопје и Велес кон Солун и кон други правци. Уште од античко време, постоел еден патен правец, кој минувал на десната страна на Вардар, од Демир Капија низ Гевгелија, кон југ и престолнината на македонските кралеви - Пела. Друг еден поспореден пат, од Демир Капија одел преку планинските населби Петрово, Габрово, Серменин и Конско за Воден.

Во време на римското владеење бил изграден еден попречен пат којштo ги поврзувал двете главни трансверзали - Via miritalis (војничкиот пат кој минувал од Белград – Ниш – Скопје – Велес – Штип – Радовиш – Струмица – Валандово – Дојран – Кукуш – Солун – Цариград) и трговскиот пат - Via Ignatia кој што минувал од Драч – Охрид – Битола – Воден – Солун – Цариград. Врската на попречниот пат била кај Валандово, односно стариот град Dober (денешен Исар), па преку селата Миравци и Петрово одел кон Тиквешијата и од тука до Прилеп, па и до Битола.

Покрај овие главни патишта постоел и т.н. каравански и колски пат, кај народот познат и уште како Солунски Пат.Тој од Удово одел, ако полето не било поплавено, директно за Марвинци, па, оттука за Грчиште – Ѓавото – Стојаково – Мачуково – Михаљево – Кукуш – Солун. Но, доколку полето било поплавено вртел, преку селата Калуцково – Пирава – Брајковци – Балинци – Марвинци и натаму. По овој пат, главно, се движеле товарен добиток (коњи, магариња, мазги и камили) и запрежни, воловски и биволски, коли.











# 4.3. ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ НА ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

Според народните кажувања железницата требало да минува од источната страна на реката Вардар, односно, од Удово на југ, во близина на селата Марвинци, Грчиште, Ѓавото, помеѓу селата Стојаково и Богородица и понатаму кон Мачуково. Но, стојачкиот Асан-бег, за да не му се оштети земјиштето, преку врски со високи лица од централната власт, се изборил железницата да минува на западната страна од Вардар. Тоа придонесло Гевгелија да прерасне во важен градски центар.



Изградбата на железница, според записите на Ф. Липих, ѝ била поверена на „Societe Imperiale", преку генералниот претприемач Е. Барола од Милано. Железницата била градена две години, од 1871 до 1873 година, во должина од 243 км. Конечно, железничката линија Скопје – Солун била предадена во употреба на 28. декември 1874 година, кога била изградена и железничката станица во Гевгелија.



По пуштањето во погон, железничката линија располагала со 500 возила, од кои 200 затворени вагони за стока (крупен добиток), 60 отворени вагони за ситен добиток (овци и кози), 50 отворени вагони за јаглен, 70 вагони за истурање на градежен материјал (песок, чакал и друго), 25 патнички вагони од I и II класа и 25 вагони од III класа. Постоеле и 10 фургони за специјална стока и друга резерва.

За влечење на вагоните биле користени 17 локомотиви на парен погон. За поправка на локомотивите и вагоните постоела работилница во Солун, во која работеле 30 стручни лица. Во Скопје, Солун и Митровица постоеле депоа за јаглен, а магацини за стока имало во Велес, Скопје и Солун. Поголемите железнички станици имале шеф со помошен персонал, а помалите само еден шеф и помошник. Железницата Скопје – Солун била раководена од еден инспекторат со седиште во Солун, а за одржување на линијата постоеле инжинери, со седиште во Скопје, додека врховното раководство на железницата било во Истанбул. Со железницата од Солун биле товарени француски и англиски мануфактурни стоки (шеќер, сол, платно, сапун, гајтани, лекови, накит, ткаенини и друго), а од внатрешноста кон Солунското пристаниште биле пренесувани, главно, земјоделски и сточарски производи,





како и производи од индустриски култури (свилени кожурци, памук, сусам, афионов опиум, мед и друго).

Една патничка карта од Солун до Скопје чинела 27 пари – I класа, 20 пари за II класа и 13 пари за III класа. Постоеле различни цени за превоз на ситен и крупен добиток, како и посебни цени за кршлива стока. Иако, сè било добро организирано, железничкиот сообраќај Скопје–Солун се одвивал со тешкотија, поради тоа што движењето се одвивало еднонасочно, по еден колосек. Во изградбата на железничката линија Скопје–Солун, свои средства вложил и белгискиот Евреин Барон Хирш.





# 4.4. ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА[2]

Согласно решението на Министерството за пошти (подоцна именувано во Министерство за пошти и телеграфи), од 4. октомври 1913 година, на релација Гевгелија – Белград била воспоставена подвижна пошта. А, од 18. април 1914 година започнала да работи амбулантната пошта Ниш – Гевгелија 6 и Гевгелија–Ниш 6, додека амбулантната пошта Белград–Гевгелија 1 била преименувана во амбулантна пошта Белград–Гевгелија 12 и обратно. Покрај овие пошти во транспортот на поштенски пратки бил користен и возот Ориент-експрес, што сообраќал на линија Париз – Скопје – Солун – Цариград и назад, а поминувал низ Гевгелија.

Пред Првата светска војна, по 1915 година, Белград ја наследува гевгелиската пошта. Во текот на 1916 – 1917 година во постојните или новоотворените пошти бил воведен и телеграфскиот сообраќај и тоа, во Брод, Галичник, Гевгелија и Дојран. На 21. јануари 1921 година Министерството за пошти и телеграфи издало нови поштенски марки со ликот на крал Петар I Карaѓорѓевиќ и со натпис Кралство СХС. Тие марки биле во употреба и на територијата на Македонија, која се најде во состав на новото Кралство по завршувањето на Првата светска војна.

По ослободувањето поштенскиот сообраќај во внатрешноста на Македонија се одвивал преку железницата. За пренос на поштенските пратки најмногу се користеле специјални поштенски вагони, т.е. подвижна пошта. Во тој период биле воспоставени следните три подвижни пошти: Скопје – Битола, Скопје – Гевгелија и Скопје – Кочани.

Во 1964 година железницата и подвижната пошта биле целосно напуштени, а поштенскиот сообраќај се одвивал со сопствени автофургони на релациите: Скопје – Велес – Штип – Струмица, Скопје – Кавадарци – Гевгелија и Скопје – Гостивар – Дебар.

Во 1945 година во Гевгелија е поставена индукторска централа со 20 броја и 19 претплатници. Услугите ги вршеле деветмина вработени. Во 1968 индукторската централа располагала со 100 броја. Обработката на телеграми со помош на Морзеови апарати започнала да опаѓа позабележливо од 1953 година.Телепринтерски мрежи биле проширени со нови две релации во 1958 година, и тоа, Скопје – Кавадарци и Скопје – Гевгелија.

Во Гевгелија телефонската централа била пуштена на 20. декември 1969 година и претставувала меѓумесен автоматски телефонски сообраќај со 293 претплатници. Во 1972 година телефонската централа располагала со 400 броја, а во 1973/74 година во новоизградената поштенска зграда била монтирана нова автоматска телефонска централа од 2.000 броја. Во 1984/85 година извршено е проширување на постојната централа со нови 800 броја.

На 8. септември 1994 година, во центарот на Гевгелија, била пуштена во употреба нова шалтерска пошта. Во новиот поштенски објект се обавуваат секојдневните поштенски, телефонски и телеграфски услуги, како и платен промет на граѓаните на град Гевгелија. Гевгелиската поштенска подружница со 11 единици го опслужува целиот Гевгелиско – Богданско – Дојрански регион. Моментно, на годишно ниво, на шалтерите во сите пошти на Подружницата се примаат околу 125.000 пратки, а се доставуваат околу 900.000 пратки.





ДЕЛ ВТОРИ

# ГЕВГЕЛИЈА СПОРЕД АРХЕОЛОШКИТЕ НАОДИ



# ГЛАВА 1.
# НАСЕЛЕНИЕТО НА ПРОСТОРИТЕ НА ГЕВГЕЛИЈА ВО ПРЕДИСТОРИСКИ ПЕРИОД







Отвореноста на Гевгелиската Котлина кон Егејското Море придонесува таа да биде населена уште од најрани времиња, но евидентни докази за постоење на локалитети од старото камено време (палеолит) сѐ уште нема откриено. Во наредниот временски период, во новото камено време (неолит), луѓето ги основале своите населби блиску до реките и околните тераси, така што долното течение на реката Вардар, несомнено, било доста населено, но, за жал, локалитетите од неолитот во Гевгелиско се многу малку истражувани. Евидентирани се во близина на селото Смоквица и на повеќеслојната населба на локалитетот Вардарски Рид, кои датираат од околу 5.500 – 5.000 година п.н.е.

На Вардарски Рид се пронајдени неколку неолитски камени алатки, антропоморфни фигурини и неколку фрагменти керамика. Но, поради физичката оштетеност на локалитетот, на неговата источна и јужна страна, кои се наоѓаат во близина на реката Вардар и каде би требало да се наоѓа населбата од времето на неолитот, истражувања не се вршени, така што сите сознанија се базирани врз основа на површинските манифестации и случајно откриените ретки наоди.[1]

Локалитети од турбулентното бакарно време (енеолит) во Гевгелија и Гевгелиско сѐ уште не се откриени, а од следното бронзено време постојат неколку локалитети кои датираат од самиот крај на бронзеното време и од преодот од доцно бронзено во рано железно време (XIII– XI век п.н.е.). Овој временски период е исполнет со големи преселби на индоевропските народи, кои од север и североисток се движеле кон југ. Долината на реката Вардар како важна патна магистрала била исто така искористена за овие миграции. Во Гевгелискиот регион постојат бројни сведоштва за културно-политичките манифестации од доцното бронзено време на племињата кои живееле на овие простори, познати под единственото име како Пајонци. Пајонците за првпат се споменати од Хомер во „Илијадата", каде што пишува дека се сојузници на Тројанците и дека предводени од нивните водачи Пирајхме и Астеропај дошле од долината на широкострујниот Аксиос (Вардар). [2]

Најразвиена населба од доцното бронзено време во гевгелискиот крај постоела на локалитетот Вардарски Рид.[3] Таа се наоѓала во седлото меѓу двата рида од кои е составен локалитетот и, за жал, поголемиот дел од населбата е оштетена со пресечувањето на ридот поради изградбата на автопатот Е75. Некрополата на оваа населба е систематски истражувана и се наоѓа на 200–300 метри западно.

Оваа населба, како и погребувањата на некрополата во целост одговараат на културните критериуми од самиот крај на бронзеното време по долината на реката Вардар каде што живееле Пајонците. Од археолошките артефакти кои се пронајдени најчеста е керамиката, која според изработката е поделена на груба (која најчесто е употребувана за кујнска намена) и фина, која се карактеризира со квалитетот на изработка и монохромното боење познато како мат-боење.

Отспротива на локалитетот Вардарски Рид, на другиот (лев) брег од реката Вардар, на локалитетот Богородичин Рид (Кофилак), исто така, постоела населба од доцното



бронзено време која била со помала површина и е малку истражувана, но доволно да се покаже културната идентичност со населбата на Вардарски Рид.[4]

Други остатоци од населба од доцното бронзено време во Гевгелиско се регистрирани на локалитетот Керамидарница, што се наоѓа помеѓу селата Прдејци и Смоквица, веднаш до патниот коридор Е75. Поклопувањето на современата траса со праисторискиот и античкиот коридор, во близина на реката Вардар, е резултат на одбраната стратегиска локација на населбата. Во прилог на причините за нејзин избор оди и близината на постојниот и сè уште активен термален извор. На овој локалитет истражени се два објекта за живеење. Формите и декорацијата на откриените фрагменти на керамичните садови, како и временската рамка, е потполно идентична со горе спомenатите два локалитета.[5]

Во следниот временски период, во железното време (X–VI век п.н.е.), продолжува културно-економскиот развој на пајонските племенски заедници. На територија на општина Гевгелија најголема населба од железното време се наоѓала на локалитетот Вардарски Рид, која се развивала во две фази, како првобитна и помала во раното железно време (X–IX век п.н.е.), за подоцна да се развие и прошири скоро низ целиот локалитет во полното железно време (VIII–VI век п.н.е) кога бил остварен посебен економски подем и интензитет на живеење. Оваа пространа и економски моќна населба во целост припаѓа на т.н. Долновардарска или Гевгелиска културна група на железното време, во чии рамки се развивала како еден од најсилните населбински пунктови. Од тогаш датираат и големите некрополи во кои се погребувало населението од Вардарски Рид, а кои се наоѓаат на локалитетите Милци, Сува Река и Парагон.[6]

Овие некрополи се типични за погребувањето кај Пајонците и во нив најчесто се практикува инхумацијата како ритуал на погребување, а покојниците биле положувани најчесто во убаво изработени камени цисти, а поретко во фрагментирани питоси (големи ќупови), под могилки од камења или во слободни јами. Кај овие погребувања евидентно е постоењето на богат и разновиден бронзен накит, утилитарни керамички садови - бокали со засечен врат, длабоки шолји и панички, како и вотивни бронзени предмети кои се поврзани со верувањата и ритуалите на Пајонците.

Овие вотивни или култни предмети се познати како Пајонски или Македонски бронзи и се одликуваат со високи естетски вредности и занаетчиски вештини и следствено ја отсликуваат религијата на Пајонците. Најразвиен култ кај Пајонците бил култот кон сонцето кои тие го претставувале како сончев диск, што е чест декоративен орнамент како на секојдневниот накит, така и на вотивните предмети. Најинтересни се вотивните бронзени чашки со стилизирана форма на афионова чашка.

Кај некои од нив на дното е зачуван талог од засушен афионов катран којшто населението во тоа време го употребувало за лечење, но и за религиски цели.[7] Тоа потврдува дека уште во VII век п.н.е. населението во Гевгелиско имало традиција во одгледување на афион и производството на афионов катран. Познато е дека Пајонците од овие простори во тоа време имале женски свештенички, кои во своите ритуали користеле вакви афионови чашки, што е потврдено со едно погребување на соседната железновременска некропола Лисичин дол кај Марвинци.[8]

Освен населбата на Вардарски Рид со околните некрополи, други траги од живеење на населението во железното време во општина Гевгелија има на локалитетите Туфка со блиската некропола Бишов јавор кај селото Смоквица. Оваа некропола е значајна по тоа што освен познатите керамички форми на садови и метални прилози, збогатена е со предмети од доцноархајско време (крај на VI и почеток на V век п.н.е.).[9] Во овој временски период, исто така, имало населба и на локалитетот Вардарски Рид, која била уништена од голема поплава, што покажува дека Гевгелискиот регион кон крајот на VI и почетокот на V век п.н.е. го зафатила вистинска природна катастрофа со силни поплави.[10] Тука некаде е и крајот на праисторијата како временски период на овие простори и почетокот на едно ново време – антиката.









# ГЛАВА 2.
# НАСЕЛЕНИЕТО НА ПРОСТОРИТЕ НА ГЕВГЕЛИЈА ВО ПЕРИОД НА АНТИЧКОТО МАКЕДОНСКО КРАЛСТВО

Гевгелискиот регион уште во почетокот на античкиот период влегол во рамките на Македонското кралство, кое почнало да се шири на териториите населени со Пајонци. Политичкото и територијално физиономирање на древното Македонско кралство се одвивало токму во правецот на Долното Повардарје и на исток кон планината Пангај (блиску Кавала), поради интензивниот живот и ви-сокото ниво на културен и економски развиток во желез-ното време, како и погодната географска местоположба на овие региони. Со растењето на моќта на Македонското кралство веќе во времето на кралот Александар I (498–454 год. п.н.е.), Гевгелискиот регион дефинитивно потпаѓа под власта на Македонија.



Со префрлувањето на македонската престолнина од Ајга (Кутлеш) во Пела за време на владеењето на кралот Архелај I (413–399 год. п.н.е.), ќе се зголеми улогата и значењето на Долното Повардарје или областа Амфакситида (од двете страни на Аксиос), како што се нарекувала во антиката. Покрај престолнината Пела се развиваат и други градски центри по долината на Вардар, како Еуроп, Аталанта, Гортинија (Вардарски Рид, Гевгелија) и Идомене (Исар, Марвинци), кои се градови со големо геополитичко, стратегиско и економско значење за кои се врзани важни настани од историјата на античка Македонија. Првото споменување на овие градови во областа Амфакситида се среќава кај античкиот автор Тукидит, кој пишува дека во 429 год. п.н.е. одрискиот (тракиски) војсководец Ситалк ги нападнал овие градови во Македонија.[11] Близината на престолнината Пела, како и историските случувања за време на кралевите Филип II и Александар III Македонски, кога античкото кралство Македонија станува „Господарка на светот", ќе влијаат на понатамашниот културен, економски и духовен развој на населбите од Гевгелискиот регион, кога тие го достигнале својот најголем растеж и процут.

Најголема населба во Гевгелискиот регион во античко време бил градот Гортинија кој се наоѓал на локалитетот Вардарски Рид како еден од најпознатите археолошки локалитети во Република Македонија. Тој се наоѓа на влезот во градот Гевгелија, сместен на неговата источна периферија, на самиот десен брег на реката Вардар, со доминантна позиција над непосредната околина. Реката го заокружува локалитетот од северната и источната страна, додека другите две се отворени кон Гевгелија и Гевгелиското Поле. Локалитетот го сочинуваат два рида, западниот, кој е повисок и стрмен, и источниот, кој е понизок и благо паѓа кон коритото на Вардар. Досега на локалитетот се откриени станбени куќи – инсули, занаетчиски објекти кои содржат печки за керамика или метал, градска Стоа – дел од Агората на Вардарски Рид[12], улици, плоштади, инфраструктурно уредување и други населбински содржини.

Некои од куќите кои им припаѓале на богатите граѓани, кои, пред сè, биле трговци, се луксузни и уредени според последната мода во тоа време позната во медитеранскиот свет, со насликани ѕидови со фрески, со поплочени внатрешни дворови и со колонади од дрвени и камени столбови.

На врвот на источниот рид лежи акрополата на градот, каде што се наоѓа т.н. Централен комплекс околу кој е изграден внатрешен бедем со кули, кој претставувал седиште на магистратот (управителот) на градот Гортинија.

Движните археолошки наоди од овој период на локалитетот го заземаат централното место во постојаната археолошка поставка на Музејот во Гевгелија, изложени според своите хронолошки, уметнички, стилско-типолошки и културни карактеристики и вредности.[13]

Раниот развој на населбата и нејзиното прераснување во централна античка населба во овој дел на Долно Повар-









дарје, покрај местоположбата и културно-економското наследство од железното време, секако, се должи и на интензивирањето на занаетчиско-трговските релации со хеленскиот југ, како и на раната употреба на ковани пари во истите.[14] Откриените артефакти, луксузни и за секојдневна употреба, трпезна керамика, предмети за тоалета и накит, релјефни чаши (една со мотив на македонскиот штит), ламби, кантароси, унгвентариуми и амбалажни садови го отсликуваат духот на времето и подемот во развитокот и изгледот на населбата, формирањето на трговско-занаетчиски и станбени зони во нејзините рамки, како и продолжувањето на трговско-економските релации со поблиското и подалечното опкружување.[15]



За високиот стандард и степен на културен развој сведочи и една када за бања во една куќа на источната тераса. Металуршките алати и производи – клешти, ножеви, српови, клучеви, како и калапите за теракоти, кои заедно со досега откриените 11 печки за печење керамика на локалитетот го акцентираат локалното производство и занаетчиско-уметничките вредности на жителите на градот Гортинија.

Камената пластика и теракотите како луксузна стока, издвојувајќи ја прекрасната скулптура на Афродита како најрепрезентативен и значаен наод, го отсликуваат вкусот и стилот на времето, модата, како и локалните афинитети на населението во овој период. Мноштвото на откриени недвижни и движни остатоци укажуваат на интензивно и високо културно и духовно ниво на живеење на градот на Вардарски Рид, претставувајќи го неговиот изглед како организирана урбана населба.[16]

Откривањето на една камена плоча во 1999 година на која се читаат буквите ...PTYNIA[17], како и последното откритие од 2010 година на една пломба (отисок од печат) со натпис ГОР INIA[18], придонесоа за расветлување и идентификација на градот на Вардарски Рид како Гортинија. Животот во овој град ќе згасне во времето на крајот на старата и почетокот на новата ера, нешто повеќе од стотина години по потпаѓањето на Македонија под римска власт.

Други населби на кои живеело населението во Гевгелиско за време на античкото Македонско кралство имало на локалитетите: Керамидница – Ново Конско, Бачилиште – Смоквица, Туфка – Смоквица, Градишор Мрамор – Милетково, кои се парцијално или многу малку истражени, Ќупот – Моин и Краварникот – Негорци, кои не се истражувани, но заслужуваат внимание, како и планинските населби кои најверојатно биле рударски и се наоѓале на падините на планината Кожуф, во близина на селата Серменин и Конско. Во тоа време треба да се бараат и почетоците на експлоатирањето на злато од златоносната Конска Река.











# ГЛАВА 3.
# НАСЕЛЕНИЕТО НА ПРОСТОРИТЕ НА ГЕВГЕЛИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА РИМСКОТО ЦАРСТВО





По доаѓањето на Римјаните и потпаѓањето на Македонија под римска управа во 168 година п.н.е. полека, но сигурно почнува да се менува економско-политичката положба на населението во Гевгелискиот регион. Поради тоа што на Римјаните не им одговарало поранешната македонска престолнина Пела да биде економски, политички и културен центар на Македонија, тие почнуваат да го форсираат античкиот град кај Солун, кој го презема приматот и почнува да се развива во еден вистински урбан центар на веќе римската провинција Македонија. Така и градот Гортинија на Вардарски Рид почнува да замира заедно со Пела, затоа што тие биле меѓусебно тесно поврзани. Сепак, на самиот почеток на римското време, во периодот на Римската република, Гортинија бележи значителен економски подем и од тогаш датираат неколку луксузни станбени куќи и Централниот комплекс на акрополата.[19]

За жал, овој просперитет на градот нема долго да трае и до почетокот на новата ера тој нема да биде населен. Подоцна, во III и IV век од нашата ера, во близина на Вардарски Рид егзистира друга населба која е помала и никогаш нема да го достигне развојот и сјајот на старата Гортинија. Од оваа населба археолошки истражувања се вршени на некрополата, каде што се истражени десетина гробови и се пронајдени примероци на садова керамика (чинии и бокали), светилки и накит кои се карактеристични за овој временски период.

На северозападната периферија на Гевгелија се наоѓа локалитетот Рауљ (Стари лозја) кој претставува некропола од римско време (III и IV век).[20] Локалитетот е сместен на блага височинка што доминира над непосредната околина. Самата некропола за прв пат е регистрирана во 1978 година при машинско подготвување на теренот за посадување овошни насади во кругот на Регионалниот затвор, кој денес се наоѓа на оваа локација, кога се откриени 4 гробни конструкции од типот на две води. На локалитетот не се вршени систематски истражувања. Уште еднаш во 1991 година се извршени интервентни ископувања, кога се откриени две гробници со централни гробови и еден гроб со иста хронолошка определба. Населбата се лоцира на околу 500 метри северозападно на ритчето Топлик, насадено со борови дрвја. По површината се среќаваат фрагменти од садова и градежна керамика, како и грамади од камен.

Локалитетот Башот–Горна корија се наоѓа на јужната периферија на селото Негорци и на околу 500 метри западно од минералните Негорски Бањи, каде што се издига висок рид составен од неколку помали врвови. На оваа локација, иако досега не се вршени археолошки истражувања, била сместена населба од римскиот период. На источната тераса од локалитетот, веднаш до сегашните селски гробишта, се наоѓа некропола која датира од II-IV[21] век. Овде среќаваме биритуално погребување, така што некои од покојниците се кремирани, а некои инхумирани. Населението на овој локалитет било релативно богато, што веројатно се должи на близината на населбата до термоминералните води. Така, од артефакти се пронајдени мноштво од бронзени и сребрени монети, обична и луксузна керамика, а интересен податок се пронајдените остатоци од сандали кај покојниците, што, секако, укажува на висок културно-економски степен на развој кај локалното население.

Локалитетот Бистерна се наоѓа на 500 метри северозападно од селото Прдејци, десно од автопатот Е75 и претставува населба од римското време. Со заштитни археолошки истражувања на локалитетот се откриени архитектонски остатоци (тегули, имбрекси, кршен камен, варов малтер), керамички садови, мозаични подови, тубулуси и суспензури.[22] Исто така, на североисточната периферија на селото Прдејци, во непосредна близина на железничката пруга Скопје–Гевгелија се наоѓа локалитетот Ветка Црква каде се откриени градежни остатоци и архитектонска пластика на сакрален објект – храм од римско време.



Тука е најдено и мермерно торзо со претстава на облечена машка фигура во природна големина, што претставува фрагментирана скулптура од типот Палијатус.[23]

Со скорешната изградба на новата делница од автопатот Е75 од Демир Капија до Смоквица, во 2013 година, во близината на селото Смоквица се пронајдени три локалитети на кои живеело населението во римско време, претежно во III-IV век: Св. Илија-Пиут, Бачилиште и Трската. На локалитетот Св. Илија-Пиут се откриени населба и североисточно од неа некропола со повеќе погребувања. На локалитетите Бачилиште и Трската се откриени и истражени по еден објект, кои беа на самата траса на автопатот, а северозападно од објектот на локалитетот Бачилиште се наоѓа рид со зарамнето плато на кои се забележуваат остатоци од поголема населба која, за жал, не е истражувана.

На десниот брег на реката Вардар во непосредна близина на селото Милетково, се наоѓа локалитетот Градишор–Мрамор.[24] Пласиран е на едно големо плато кое зафаќа површина од околу 5 хектари. Во стручната литература оваа локација потенцијално е земена предвид при убицирањето на античкиот град Идомене.[25] Првични археолошки истражувања на локалитетот се изведени во 2000 година и до сега е откриен еден објект – римска куќа со триклиниум, чија што големина сè уште не е дефенирана и кој хронолошки може да се датира во III–IV век. Вкупно се откриени 10 простории, но, во основа, објектот се шири кон југоисток и југозапад.

Локалитетот Селиште се наоѓа на околу 2,5 км источно од селото Габрово, лоциран на една пространа височинка.[26] На неговите јужни падини во 2001 година при изведување на заштитни археолошки ископувања се откриени 4 гробни конструкции со кремирани покојници. Според откриените гробни прилози – садова керамика, лампи, фибули, игли и монети, хронолошки овие откриени гробови датираат во раноцарскиот римски период (крај на I век п.н.е – I век). Остатоци од населбата се видливи на површината северно од некрополата во правец кон возвишението на локалитетот. Недалеку од овој локалитет, блиску до вештачката акумулација на Габрово, се видливи остатоци од поплочен пат од римското време.

Слично како и во претходниот период во времето на Македонското кралство, населението од Гевгелискиот регион во римското време вршело експлоатација на рудните богатства на планината Кожуф, но со зголемен интензитет и на повеќе различни локации. Така во близина на планинските села Ума, Конско и Серменин има повеќе локалитети на кои постоеле населби. Во ова време веќе наголемо се врши ископ и перење на злато од златоносната Конска Река. На повеќе локации по текот на реката се среќаваат грамади од речни камења кои порано биле извадени од реката за да може да се испира златото од речниот песок. (сл. 39) На неколку возвишенија по долината на Конска Река се забележени и населби од римското време (Кула, Пастареу, Цитате и др.) кои што тука биле подигнати токму поради експлоатација на златото и, секако, поради контрола на патот којшто минувал покрај реката.



# ГЛАВА 4.
# НАСЕЛЕНИЕТО НА ПРОСТОРИТЕ НА ГЕВГЕЛИЈА ВО СРЕДНОВЕКОВНИОТ ПЕРИОД

Од периодот на раниот среден век во Гевгелискиот регион нема регистрирано локалитети, иако индиции за живеење има повторно на локалитетот Вардарски Рид каде се пронајдени неколку артефакти од VI век. Подоцна, во полниот среден век, на западните и јужните падини на повисокиот рид на локалитетот егзистира некропола, која датира од XI–XIII век и на која се истражени повеќе од 50 погребувања поделени во повеќе групации. Повеќето од овие гробови се вкопани во културни слоеви од античкиот град на Вардарски Рид.[27]

Ритуалот на погребување кај сите гробови е христијански, што значи инхумација со положување на покојникот на грб во испружена положба со ориентација исток-запад, додека рацете се поставуваат на карлицата или на градниот кош. Во некои случаи коските на покојникот се собрани на едно место за да се направи простор за погребување на друг покојник. Конструкцијата на гробовите е гробна јама, кај некои погребувања делумно оградена со кршен камен. Гробовите се доста сиромашни со гробни прилози што содејствува со христијанската традиција дека ништо од овој свет не му е потребно на покојникот во другиот свет, така што се пронајдени само неколку бронзени алки и прстени, приврзок - бронзен крст и голем бронзен енклопион – крст на преклоп кој припаѓал на свештеник или монах.

Населбата во која живеело населението, кое се погребувало на оваа некропола, би требало да се наоѓа некаде на периферијата на локалитетот Вардарски Рид и, секако, ова иницира и евентуално постоење на средновековна црква или параклис во близина. Друг локалитет од средниот век се наоѓа во самото урбано јадро на градот Гевгелија, а тоа е некрополата Бела прс на која се истражени неколку гробови кои се сиромашни со прилози.[28]

За разлика од овие локалитети кои археолошки се ископувани, локалитетот Марков Манастир кај селото Габрово[29] е само регистран и според површинските наоди од фрагменти глеѓосана керамика и бакарна монета претставува утврдена населба од XIII–XIV век. Има индиции за постоење на мала средновековна црква во оваа населба. Народното предание ја врзува населбата со Крале Марко, па од тука е и името на населбата.











ДЕЛ ТРЕТИ

# НАСТАНОК И РАЗВОЈ НА НАСЕЛБАТА ГЕВГЕЛИЈА



# ГЛАВА 1.
# ЗА ИМЕТО НА НАСЕЛБАТА ГЕВГЕЛИЈА

Гевгелија е релативно нова градска населба, која го наследила името од селска населба. Најверојатно зборот Гевгелија потекнува од турскиот збор Gölgeli, што значи место во кое има многу сенки (сенковито место или место со дебели сенки). За ова тврдење сведочат повеќе големи и дебели дрвја кои се стари од 100 до над 120 години. Такви се маслинката во манастирскиот комплекс „Св. Вознесение Христово" („Св. Спас"), кое е старо повеќе од 120 години, исто така брестот во градскиот парк, до самата железничка станица, за кое се претпоставува дека е старо околу 150 години.

Доста е раширено мислењето дека зборот Гевгелија има и грчка етиологија. На грчки јазик zevgelija значи ораница. Меѓутоа, според српските публицисти С. Станоевиќ и К. Костиќ, зборот Гевгелија значи пар волови, рало или ораница на едно семејство. Таквата констатација тие ја споредуваале со зборот ђевђелијами, што претставувало феудален облик на земјишна сопственост во повелбите на српските владетели.

Најраспространета легенда за потеклото на името Гевгелија, која старото месно население најмногу ја прераскажува, е запишана уште во 1890 година од А. Тошев, учител во Солун:

„Во најраните години на селото, кога немало повеќе од 5 до 10 куќи, дошол еден дервиш и не сакал да си отиде, бидејќи многу му се бендисало селото и земјиштето. Малкубројните жители не сакале да го примат и решиле насила да го прогонат. Како резултат на тоа дервишот почнал луто да ги проколнува и заплашува жителите кои навистина се исплашиле и го повикале да се врати назад со зборовите гел-гери, што значи ела назад (врати се), од кое подоцна станало Гевгелија".

Исто така, постои и друга легенда според која населението во населбата постојано се преместувало сè додека тоа не нашло ново земјиште за постојано населување, па поради тоа се претпоставува дека населбата го добила и името од зборовите гев-гел што значи оди-дојди.

# ГЛАВА 2.
# ДЕМОГРАФСКО-СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ И ПРИЛИКИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ГЕВГЕЛИЈА ОД МИНАТОТО ДО ДЕНЕС

Според едно предание населбата Гевгелија била запалена и ограбена од Турците при крајот на XIV век, а самите луѓе одведени во ропство. Најраниот податок за постоењето на населбата Гевгелија на денешното место датира уште од 1495 година, во книгата „Македонска хронология" / часть - София, 1926 година. Во оваа книга се вели: „Во 1495 година почна потурчувањето на словенското население од Македонија, особено во Гевгелија". Меѓутоа, за бројот на населението не пишува ништо. Овие два податока очигледно зборуваат дека населбата Гевгелија, многу веројатно, постоела уште од крајот на XIV и почетокот на XV век.

Инаку, најраните официјални и автентични податоци за населбата Гевгелија, за тоа како се движела демографско-статистичката крива, датираат уште од 1530 година, што укажува на фактот дека Гевгелија, на денешната локација, постоела од многу порано.

Имено, според дефтерот за демографија на населбите за Паша санџакот во областа на Сол-Кол од 1530 година, од времето на султанот Сулејман Величествениот, тогашната населба Гевгелија (во дефтерот именувана како Гевгел) броела околу стотина и можеби нешто повеќе жители. Во официјалните графи на овој османлиски даночен попис стои дека во Гевгелија имало 24 домаќинства, 13 ергени и 5 вдовици. Други податоци за населбата Гевгелија, од овој период, нема. Тогаш населбата Гевгелија се наоѓала во состав на Аврет-Хисарската (Кукушката) каза.[1]

Во турски документ од 1665 година се спомнува населбата Гевгелија, меѓутоа, не се посочени демографско-статистички параметри, туку само исплаќањето на данок на населбата. Но, ова потврдува дека населбата егзистирала и после XVI век.

Според Јоанис Ксантис, населбата Гевгелија, после нејзиното уништување од Турците (1823/24 година), односно, во 1830–1840 година, била мало селце од 20 до 25 фамилии, кое подоцна пораснало на 60 до 70 фамилии.[2] Од овој податок, кој во поголема мерка е веродостоен, можеме да заклучиме дека Гевгелија од 1830 до 1840 година броела од 100 до 150 луѓе.

Според податоците на Стефан Верковиќ, што ги добил преку кукушко-полјанскиот епископ Партениј Зографски, во 1860 година Гевгелија имала 215 куќи од кои 180 биле македонски, 25 турски и 10 куцовлашки. Во овој период во Гевгелија се населува турското, влашкото и циганското население, со што населението е веќе зголемено повеќекратно. Во 1870 година бројот на вкупното население изнесувал околу 1.610 жители, од кои 1.257 Македонци, 250 Турци, 103 Власи, предимно доселени од Влахо-Мегленската област. Во 1890 година, според податоци на К. Костиќ, Гевгелија имала 4.200 жители.

Од 1890 до 1912 година бројот на населението во Гевгелија се движи од околу 4.200 до над 5.000 жители. Според податоците на В. К'нчов, во 1895 година, Гевгелија броела 4.175 жители, од кои 3.000 христијани (се мисли на Македонци), 650 Турци (мухамеданци), 175 Чекрези, 120 Власи – христијани и 230 Цигани. Во 1906 година Гевгелија, пред Балканските војни, според Јован Трифуновски, имала 5.188 жители и поради брзиот економски раст била нарекувана „Кучук Сељаник" (Мал Солун).

Првата светска војна во Гевгелија оставила сериозен пустош, како на економски план, така и врз демографијата на населението. Според пописот на населението во Кралството СХС од 1921 година, непосредно по Првата светска војна,

Гевгелија броела само 2.792 жители, така што овој податок доволно укажува на тектонските поместувања во однос на демографската состојба на населението во градот Гевгелија во текот на Првата светска војна. Околу 2.000 жители биле раселени, од кои само една четвртина подоцна се вратиле. Во 1925 година, Гевгелија и градската чаршија едноставно биле мртви.

Според официјалната годишна статистика на Кралството Југославија од 1936 година, Гевгелија непосредно пред Втората светска војна, одвај достигнала до 4.000 жители. По Народноослободителната борба (НОБ), односно, во 1944 година, имала околу 4.000 жители. Според податоците на државните пописи, односно според податоци на Државниот завод за статистика на Р Македонија, населението во град Гевгелија во 1948 година броело 4.967 жители. Во годината 1953 град Гевгелија веќе нараснува до 5.777 жители, а во 1961 година во град Гевгелија живеат 7.332 луѓе. Според пописот во 1981 година во Гевгелија имало 9.410 жители.

Во 1991 година се одржа првиот нецелосен попис во самостојна Република Македонија, така што според податоците на Државниот завод за статистика во Гевгелија живеат 15.041 жители. Додека според републичкиот попис што се спроведе од 21. јуни до 5. јули 1994 година, во град Гевгелија веќе живеат 14.974 жители, од кои 14.490 Македонци, 253 Срби, 116 Власи, 24 Турци, 25 Албанци и останатите од други народности.

Според последниот попис на населението во Република Македонија во 2002 година, градот Гевгелија брои 15.685 жители од кои 97% се етнички Македонци, 1,6% се Срби, 1% е влашко население, а 0,4% се останати народности.

# ГЛАВА 3.
# ТЕРИТОРИЈАЛНА И АДМИНИСТРАТИВНА ПРИПАДНОСТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

По завладување на Балканот, Османлиската држава вовела нова територијално-административна поделба. Гевгелискиот крај како составен дел на Кукушкиот крај влегувал во Солунскиот санџак, кој бил поделен на помали територијално-административни целини, кои се викале нахии, на чие чело стоеле мудури. Гевгелискиот крај влегувал во состав на Авретхисарска-нахија, чие седиште до 1793 година било селото Авретхисар (село Женско), а потоа Кукуш (Килкис).

Во 1865 година во Империјата била воведена нова територијлно-административна поделба. Најпространи територијални единици станале вилаетите на чело со валија. Гевгелискиот крај влегол во Солунскиот вилает. Вилаетите биле поделени на помали територијални единици наречени каази (околии). Во 1886 година населбата Гевгелија била прогласена за околиски центар, седиште на кајмакам и воен, трговски и административен центар на Гевгелиската околијата.

# ГЛАВА 4.
# ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ НА ГЕВГЕЛИЈА

## 4.1. ТУРЦИТЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Покрај македонското население во Гевгелија живееле и други народности, како резултат на завојувачките војни и други случувања во минатото. Поради османлиската наезда на Балканот и во Македонија, се разбира, и во Гевгелија, од XVI век почнале да се доселуваат турски колонисти, кои, главно, го зафатиле западниот дел од градот. Тука тие изградиле и свои верски храмови – џамии, чиј број се зголемувал во зависност од бројот на доселениците, а ги имало вкупно три.

Една џамија била лоцирана кај веќе урнатата денешна куќа на Костови до укуменската управна зграда (поранешна зграда на Извршен совет). Втората џамија била на 300 м одалеченост и се наоѓала во дворот на тогашната градска бања (денешниот Градски пазар во центарот на градот). Додека третата џамија се наоѓала северозападно во Гевгелија (во дворот на ОУ „Крсте Мисирков“), поточно, во турското маало. Првите две џамии биле срушени за време на Првата светска војна во 1918 година, а третата била разрушена во 1931 година како резултат на катастрофалниот земјотрес кој го погодил градот Гевгелија.

Од другите зачувани објекти на жителите-Турци, во градот до денес останал само Амамот во центарот на градот, кој што е саниран и уреден во Ликовна галерија. Жителите-Турци градот го напуштиле во време на Балканската војна од 1912 година, а мал број од побогатите Турци си заминале во периодот меѓу двете светски војни.





| اسامی | جنسی | قضا |
|---|---|---|
| اره‌سیلی | م | کوکیلی |
| اریقوبجه | ق | عورتحصاری |
| ازرادیك | ق | زیخنه |
| ازنجه‌لی | م | عورتحصاری |
| ازور | ق | کوکیلی |
| اسپاطوه | ق | عورتحصاری |
| اسپانج | چ | کوکیلی |
| اسپانجهٔ بالا | ق | تیمورحصاری |

## 4.2. РОМИТЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во градот Гевгелија сè до средината на 19 век немало Цигани или Ѓупци (Роми), како што се нарекувале. Првите Ѓупци (Роми) во Гевгелија, според истражувањата на д-р Владо Картов пристигнале во 1845 година. Најголемиот дел од нив биле православни верници и оделе во православните храмови. Имало и мал дел мухамеданци-Цигани кои оделе во џамиите. Ромите во Гевгелија додека стекнат свои имоти работеле како надничари кај побогатите Турци и христијани, но и како занаетчии на ситни производи. Со тек на времето тие стекнале свои мали земјоделски имоти, а по Втората светска војна Ромите во градот работеле во постојните локални претпријатија.

## 4.3. ВЛАСИТЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА

По прогласувањето на Гевгелија за град во 1886 година, во Гевгелиската околија, иако доста оддалечени, влегле и мегленските влашки населби: Ума, Бериславци, Лугунци, Ошин, Н'те, Љумница и други. Од тогаш некои поединци или семејства почнале да се доселуваат во градот Гевгелија. Бидејќи биле малубројни и православни христијани, потомците на овие доселеници ги посетувале месните училишта во коишто се школувале на македонски народен јазик, а богослужба слушале на црковнословенски јазик. Дома си зборувале на својот мајчин јазик, кој што претставува една посебно мегленско наречје со примеси на латински, словенски, грчки, турски и други зборови. Како вредни и работливи луѓе се стекнале со свои земјоделски имоти во околината на градот и живееле од својот труд.



## 4.4. ЕВРЕИТЕ ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

Според истражувањата на д-р Владо Картов, во Гевгелија Евреите пристигнале во почетокот на осумдесеттите години на 19. век. Како трговци по занимање тие веројатно биле привлечени да дојдат во градот по изградбата на железничката линија Скопје – Солун и тука во Гевгелија да отворат свои трговски продавници. Тие дошле од Солун, каде што се доселиле многу одамна, по делувањето на Инквизицијата во 16. век. Солунските Евреи, како и доселените во Гевгелија, припаѓале на групата Сефарди. Нивните живеалишта во Гевгелија биле лоцирани западно од денешната зграда на Градската библиотеката во правец на главната улица. Во целина, имало две-три семејства кои исклучиво се бавеле со трговија на прехранбени и колонијални продукти, а продавниците, како и куќите, им биле на самата главна улица.

Евреите во Гевгелија се задржале сè до 11. март 1943 година, кога во раните утрински часови биле собрани од бугарската полиција и со воз транспортирани во фашистичкиот логор во Треблинка во Полска. Познати еврејски семејства во градот биле семејствата Бразилај и Ишула, со вкупно 14 членови. По војната во спомен на сограѓаните-Евреи, на 11. ноември 2000 година, на објектот на поранешната Градска аптека, била поставена спомен-плоча со испишаните имиња.*

# ГЛАВА 5. ВЕРСКО-АДМИНИСТРАТИВНА ПРИПАДНОСТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Гевгелија и населбите од десната страна на реката Вардар најдолго време биле во состав на Воденската епархија. Откако Гевгелија била прогласена за градска населба станала и седиште на архиерејски намесници кои управувале со градот и околните населби. Познати архиерејски намесници назначувани од Цариградската патријаршија биле: Иренеос, Леонидас, Александрос и последниот до 1912 година, Анањадис.[3] Спомнатите архиереи настојувале во црквата да се врши богослужба на грчки јазик. Подоцна народот во Гевгелија и околината бил поделен на повеќе конфесии, меѓу нив и на егзархиската конфесија, поради што се појавила потреба да се гради нова црква во која богослужбата се изведувала на црковнословенски јазик.

По Првата светска војна градот Гевгелија со околните населби паднала под српска власт. По верска линија духовниот живот го организирала Српската православна црква. Во 1919 година било формирано Гевгелиско-Дојранско архиерејско намесништво кое ги опфаќало црквите во Гевгелискиот, Валандовскиот и Дојранскиот регион. Сите архиерејски намесници биле од српско потекло со исклучок на еден намесник кој бил од македонско потекло, а тој бил Илија Мукаетов по потекло

од село Ваташа, Кавадаречко, со завршена богословија во Битола. Како наместник работел од 1937 година и подоцна во време на бугарската власт во Македонија.

По паѓањето на српската власт во Македонија, во 1941 година, духовниот живот во Гевгелија и околијата го организирала бугарската црква-егзархијата. Гевгелија и натаму останала центар на Гевгелиско-Дојранското архиерејско намесништво со извесна измена во организирањето на епархиите. За време на бугарското владеење сите свештеници, со мали исклучоци, биле доведени од Бугарија и служеле за интересите на бугарската црква и држава.[4]

По Втората светска војна во Федерална Македонија верскиот живот го организирала Македонската православна црква, која во прво време била под покровителство на СПЦ, а од 1967 година како афтокефална православна македонска црква - Охридска архиепископија. Гевгелија и понатаму е центар на Гевгелиско-Дојранското архиерејско намесништво со Македонци како свештени лица. Во самиот град Гевгелија подолго време егзистирале две парохии: I Гевгелиска парохија со дел од градот и селото Мрзенци и II Гевгелиска парохија со дел од градот и селото Моин.

## 5.1. ЦРКВАТА „ВОЗНЕСЕНИЕ ХРИСТОВО“ ВО ДВОРОТ НА ИСТОИМЕНИОТ МАНАСТИРСКИ КОМПЛЕКС

Во Гевгелија во минатото биле изградени еден манастир и три цркви: манастирската црквата „Вознесение Христово" - во дворот на истоимениот манастир во Гевгелија, црквата „Света Троица" (која денес не постои) и соборната црква „Свети Кирил и Методиј". Црква „Вознесение Христово" била една од најстарите цркви во градот, лоцирана во југоисточниот дел на Гевгелија, која во својата прва фаза била замислена како манастирска црква, посветена на „Христовото вознесение". На нејзиното место, според одделни кажувања, пред многу векови постоела стара црквичка – параклис, која со тек на времето била обновувана и оформувана до денешниот изглед.

Првите податоци за нејзино подигање, од поново време, се среќаваат во 1803 година. Таа била мала црквичка со димензија 18 на 15 метри, градена во византиски стил како квадратна базилика, вкопана 2 метра во земјата.[5] Ваквата конструкција на црквата се должела на забраната од власта која не дозволувана христијанските храмови да бидат повисоки од џамиите. Самата црква можно е да била обновена во 1842 година, како што подоцна поради војните била обновувана уште два-три пати.

Во својата примарна состојба (1803 год.) црквата била поставена на ваковско место на кое биле засадени разгранети маслинови дрвја, како и други дрвенасти растенија. Со тек на време на нивно место биле лоцирани месните гробишта. Верниците верувале дека црквата има чудотворна моќ да исцелува од разни болести, затоа на вечерта спроти патронот на црквата луѓе од блиски и далечни населби доаѓале да преспијат во црквата. Во најраните години од постоењето на црквата богослужбата се вршела на црковнословенски јазик. По забраната на Охридската архиепископија, во јануари 1767 година, богослужбата почнала да се врши на грчки јазик. Така, со повремени искучоци, состојбата се задржала сè до поделбата на Македонија во 1913 година.

Во црквата „Свети Спас" до Балканските војни служеле голем број свештеници и псалтови. Од псалтовите до 1905 година најпознат бил Христо Крецовалијата од Богданци, кој секоја сабота доаѓал да псалти во црквата. Истиот бил и голем пропагатор на грцизмот во околијата, поради што бил ликвидиран од Леонид Јанков во јуни 1905 година. Во периодот меѓу двете светски војни српската власт довела свештеници од Србија. Познат бил поп Драголуб Михајловиќ, којшто ги искршил спомен-обележјата на македонските револуционери кои почивале тука - на Леонид Јанков, на Иванчо Карасулски, на Никола Греков и други.

## 5.2. Соборната црква „Свети Кирил и Методиј“

Во 1881 или 1882 година егзархистите во градот Гевгелија откупиле место од Ѓорге Бајалџалиев, повеќегодишен претседател на гевгелиската црковно-училишна општина, на кое место подигнале мала црквичка (параклис) посветена на светите браќа Кирил и Методиј. Во 1895 година била изградена нова црква, односно завршена во 1896 година, чиј главен влез на црквата е од јужната страна над која се наоѓа фреска со претстава на браќата Кирил и Методиј. На целивањето е претставена икона на браќата Кирил и Методиј која потекнува од 31. јуни 1880 година, а е насликана од зографот Коста Атанасовски од Крушево. Постои кажување дека оваа икона била земена од поранешната црква „Света Троица".

На последните столбови од наосот се поставени икони со претстави на „Свети Кирил и Методиј" и на „Богородица со Христос". Во самиот наос се среќаваат иконите „Исус Христос во Ерусалим" која потекнува од 18. век, „Рождество Христово" која потекнува од 19. век, „Крштевање во реката Јордан" и „Света Троица". Црквата има убав иконостас изработен од Димитар Андонов-Папрадишки (син на Андон Китанов кој што ја градел црквата). Царските двери се навистина ремек-дело на македонската резбарска уметност. Се претпоставува дека потекнуваат од некоја постара црква во градот, изработени во 18. век. Од истиот век потекнуваат и две икони на кои што е претставен „Исус Христос" и „Вознесението Христово".

Во последните години на 19. век во дворот на црквата постоело егзархиското основно училиште сè до 1909 година кога била изградена нова училишна зграда на кат, која постоела сè до 1980–1981 година. Црквата „Свети Кирил и Методиј" во време на црковните борби (втората половина на 19. век) добила локација за свои гробишта која се наоѓа на север од старите гробишта на црквата „Свети Спас". Гробиштата на оваа локација се познати како егзархиски или „бугарски" гробишта.



# ГЛАВА 6. ЕТНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ГЕВГЕЛИЈА ВО МИНАТОТО

Просторната организираност на Гевгелија околу 1870 година претставувала неколку маала. Фамилиите што живееле во овие маала биле едни од најстарите фамилии во градот. Такви маала биле: Чарши-маало во кое живееле фамилиите на Чурлиновци, Ристо Ќеата, Аџи-Коста, Балабуровци, Догановци; Даре-маало со фамилиите на Биг-Делови, Аџи-Анго, Аџи Ташо, Росникут, Јован Г'чут, Ралевци, Јован Ангов, Бутровци; Манастир-маало со фамилиите на Јован Петков, Дељо Турунџов, Продановци, Аџигоновци; Клисе-маало (Свети Спас-маало) со фамилиите на Бешировци, Тано Москов, Дино Ризов, Пиперовци, Зафир Стојков, Мито Киров; и Новото маало во кои живееле фамилиите на Гошовци, Мамковци, Палазови, Кавазови, Ичо Аџиов, Никола Зафирчин[6].

Освен македонските маала, во Гевгелија имало и турско и циганско маало. Со населувањето на турското население во Гевгелија, по 1850 година, се формирало т.н. Џами-маало кое се наоѓало западно во градот. Со доселувањето на Циганите во Гевгелија, во средината на XIX век, се формирало Циган-маало со цигани христијани, а другиот дел од циганите муслимани се населило во Џами-маалото. Од 1864 година во Гевгелија се населуваат Черкези каде го образуваат Черкез-маало, западно од Циган-маало. Подоцна, со доселувањето на влашкото население, во 1860/70 година, во градот се формирало Влашко-маало кое се наоѓало на просторот помеѓу турското, черкеското и циганското маало. Во 1880/90 година во Гевгелија побогатите Турци, заради поудобен живот, оформиле ново турско маало, кое се наоѓало северозападно, како продолжение на Џами–маало[7].

Во овој период во Гевгелија веќе постоеле 10 маала. Населувањето на Евреите во Гевгелија не било концентрирано во маало, бидејќи биле малубројни. Тие живееле на самата главна улица во „Еврејскиот конак"[8]. Куќите до 1850 година биле градени ниско, адаптирани за одгледување на свилена буба и стока. Куќарките биле со низок таван и мали прозорци со една влезна врата и лице свртено на југ. Муслиманските куќарки биле заградувани со ѕид, додека христијанските не биле заградувани. По 1860 година, во Гевгелија почнало

градење на куќи од нов тип. Побогатите почнале да градат куќи на кат, кој им служел за одгледување на свилена буба, а приземјето било користено за отворање на трговски и занаетчиски дуќани. Новите двокатни куќи биле градени во византиско-македонски стил, со велелепни отворени и затворени чардаци, високи и средно-тесни прозорци, претежно широки тераси од ковано железо и естетски фасади. Споредните улици биле тесни и не секогаш прави, но многу чисти.

Гевгелија во овој период имала веќе водоводен градски систем од бунари, цевководи и чешми. Скоро секоја куќа во авлијата имала бунар, чија длабочина изнесувала од 8 до 10 м, додека водата до чешмите се пренесувала на трошок на општината, со земјени цевки од растојание на околу 3 км[9]. Исто така, градот имал и градски одводен систем кој служел за собирање на водата од обилните дождови. Тие одводни канали биле странично од улиците. Одводниот канал на главната улица бил длабок 1 м и ја собирал сета вода од градот, додека споредните одводни канали биле поплитки и атмосферската вода истекувала во реката Вардар.

Во годините кога Гевгелија била уште селска населба, луѓето користеле носија изработена во домашни услови (домашни изработки на ткаеници, плетеници и комбинации). По Кримската војна (1853–1856), кога повторно живнува караванскиот сообраќај и врските со Солун стануваат сѐ почести, гевгеличани почнале да го прифаќаат европскиот начин на облекување.

Христијанското населението во Гевгелија, по 1803 година, живеело во согласност со православната вера и догма, додека, населението околу Гевгелија било повеќе суеверно[10]. Селското население околу Гевгелија се служело со разни обреди, идолопоклонства на разни камења со необична природни форми, статуи од античко време (археолошки артефакти), олицетворенија на разни дрва (чинари и дабови). Во Гевгелија и околината по 1900 година имало и разни верувања и обичаи, меѓу кои најпознати биле: Русалии, Коледе, Сурва, Култ на мртвите, Празници на животните, Колаче со паричка за Бадник, Свадбени обичаи, Лазарување, Дудуле, обичај на правење Лулки, подготовка на Мамило, играње на Џамала, верување во змејови и самовили, практикување на магии, Мартеница и други. Некои од овие обичаи и денес се зачувани во Гевгелија и се пренесуваат од колено на колено.



ДЕЛ ЧЕТВРТИ

# ГЕВГЕЛИЈА ВО ВРЕМЕ НА ОСМАНЛИСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ



# ГЛАВА 1.
# КОЛОНИЗАЦИЈА И ИСЛАМИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА И ГЕВГЕЛИСКО

Според постојните податоци населението во гевгелискиот крај било подложено на исламизација уште кон крајот на 14. век. Овој процес бавно се одвивал бидејќи селското население тешко ја прифаќало исламската вера. Во Гевгелиско ниту една населба не прифатила доброволно да прими ислам освен мегленското село Н'ти (Нонти). Ова село било насила исламизирано на денот на Велигден во 1671 година, заедно со воденскиот митрополит којшто присуствувал на црковна служба во селото. Ненадејно влезената војска во црквата им поставила услов на присутните - или ислам или смрт.[1]

Во гевгелискиот крај поголемо значење добила османлиската колонизација која започнала уште во почетокот на 15. век и се состоела во доведување на турски колонисти од Анадолија (од Синоп, Ајден, Трапезунт, Караман, Коња, Сархун и др.). Затоа во нашиот крај овие доселеници повеќе биле познати под имињата коњари, кои биле земјоделци, и јуруци, односно сточари. Во околината на Гевгелија познати колонистички села кои се формирале во тоа време биле: Болован, кај Богданци, Девенџели и Селемли во близина на Стојаково, јужно од сегашната граница биле селата Чидемли, Ерзели и други, а со тек на времето



биле доселени турски колонисти и во самите македонски населби (во Богданци, Стојаково, Богородица, Карасуле, Ореховица, Карасинанци, Горничет, Гевгелија, Мрзенци, Негорци и Прдејци).

Поради верската нетрпеливост што ја практикувале дојдените колонисти, некои македонски села останале само со Турци, бидејќи Македонците избегале. Такви биле селата: Побрегово, источно од Стојаково, Честово и Прстен во Валандовско, Горничет западно од Гевгелија и други. Најголема група доселеници-турски колонисти ја сочинувале средно-вардарската група која се засилила во текот на 17. и 18. век и се простирала од Бешик-даг (северно од Солун) до Велес и Овчеполието на север, до Вардар и до реката Струма на исток. Одделни групи на доведени колонисти се населиле и на десната страна од реката Вардар - во Мајадак, Карасинанци, Алчак, Гевгелија, Мрзенци, Негорци и Прдејци.

Втор помал бран на турски колонисти во гевгелискиот крај пристигнал по Грчкото востание во 1821 година, како резултат на сознанието на Османлиите дека во ова востание учествувале и голем број доброволци од Гевгелиско и пошироко. Ова го потврдува и фактот што власта веднаш по востанието извршила претрес во овие населби и одзела 49 пушки, кои заедно со нивните сопственици на 15. август 1823 година биле испратени во Цариград.[2]

За да ги контролира македонските населби, власта довела голем број колонисти, јуруци и коњари и ги распоредила во погоре споменатите населби. Но, не се задоволила со тоа и опожарила 42 населби во Централна Македонија, како и во Гевгелиско, каде била опожарена и гевгелиската чаршија.[3] Опожарувањето на населбите го искористиле некои бегови и паши барајќи од Портата да направи обештетување. Така, со наредба на диванот од 13. август 1828 година бил извршен попис на опожарените чифлици, поверен на солунскиот валија Мустафа-паша. При ова биле опфатени чифлиците на големиот серски бег Исмаил-бег во кој што влегувал и чифлигот Гевгелија.[4]

# ГЛАВА 2.
# ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗУВАЊА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ГЕВГЕЛИЈА ВО ВРЕМЕ НА ОСМАНЛИСКО ЦАРСТВО

Во Османлиската империја бил воспоставен опширен и строг даночен систем. Особено биле оптоварени селските маси. Така било и во Македонија, односно и во Гевгелија и Гевгелиско. Обесправената раја била подложена на разни давачки: натурални, парични, вонредни и бесплатни. Натуралните давачки повеќе се однесувале на спахиите во време на тимаро-спахискиот систем и подоцна кон чифлигсајбиите во време на чифлигарскиот систем на управување.

Натуралниот данок кон спахијата или чифлиг-сајбијата бил познат под името ушур или ашар. Пред чифлигарскиот систем тој се состоел во 10% од секој производ, а во време на чифлигарскиот систем достигнувал и до 50%.

Втора група даноци биле паричните даноци кои селанецот ги плаќал на име на државата, односно султанот, а трета група давачки биле т.н. вонредни давачки кои се

плаќале во услови на војна или други вонредни случаи. Четврт вид давачки биле бесплатните работни денови што селаните биле обврзани да ги работат за спахијата или чифлиг-сајбијата и за државата. Тие обврски се познати под името кулук или ангарија. До времето на султанот Сулејман Величествениот потчинетата раја била должна да работи 10 бесплатни денови во годината, а после него кулукот или ангаријата биле сведени на три дена во годината.

Петтиот вид данок бил најтешкиот данок во Турската империја - данокот во крв, или на турски - девширме. Овој данок се состоел во одземање на христијански машки деца од 7 до 15 години кои биле носени во специјални школи наречени аџами-оглан каде прво им биле менувани христијанските во муслимански имиња, потоа подложени на кастрирање и најпосле школувани да бидат вечни војници. Од овие деца се регрутирала познатата турска пешадија наречена јаничари или јаничарска војска.[5]

## 2.1. ПАРИЧНИ ЕДИНИЦИ КОИ СЕ КОРИСТЕЛЕ ВО ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА, А СО ТОА И ВО ГЕВГЕЛИЈА

Најдолго време во Османлиската империја биле користени сребрените монети наречени акчи (се задржале дури до 1820 година). Во меѓувреме во Империјата се појавувале и се користеле и други парични единици. Во времето на султан Мустафа III (1757–1774) биле користени ермели и пиастер. Еден ермели чинел 20 аспри, а еден руб чинел 10 аспри. Во време на султан Селим III (1789–1807) биле воведени нови монети. Такви биле секвен-фондукли, потоа секвен-зармахуд и секвен од Каиро (Египет). Во исто време биле користени и монетите половина златен мас'р и ерми-бешлик.

Во времето на султан Абдул Меџит (1839–1861) била кована познатата бела меџидија и златна лира. Една златна лира чинела две бели сребрени меџидии. Освен лирата биле ковани и поголеми парични единици на оваа монета-дволирка или дупљанка и петолирка. Овие монети се задржале сè до падот на турската власт на Балканот но и подоцна. Од 1861 година се појавиле и книжните пари - банкноти. Сите овие парични средства се користеле и во Гевгелија.

# ГЛАВА 3. ГОЛЕМАТА СЕМЕЈНА ЗАЕДНИЦА И МЕСНА УПРАВА ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во Македонија и во гевгелискиот крај, па и во самиот град Гевгелија, големите семејни заедници се задржале сè до Втората светска војна. Во месната управа отсекогаш раководеле лица што ги избирало селото како истакнати домаќини, луѓе без пороци и грамотни луѓе (писмени). Во време на османлиското владеење се избирал еден главен претставник на населбата, кој што се нарекувал кмет (на турски коџабашија). Тој имал свои помошници - советници (на турски ази). Советот (меџлисот) заседавал при потреба или вонредни состојби, а со него заседавал коџабашијата. На заседанијата се решавале проблеми поврзани со населбата: поправка на црквата или камбанаријата, поправка на селскиот пат, чистење на ливадите од плевел, помош на бедни семејства во гладни години итн.

Во населбите со мешано население (Македонци и Турци) заседавале мешани совети. Тука присуствувал покрај коџабашијата и турскиот кмет - мухтрата. Тие решавале проблеми кои што се однесувале на двете заедници: чистење на селскиот бунар, поправка на селската чешма, поправка на селскиот пат, решавање на некои немили случаи (караници, кражби, долгови и др.). Во месната управа повремено заседавал и месниот суд (џимает), кој решавал имотни, брачни и некои неморални случаи. Ако на пример некое момче нападнало девојка, се казнувало со многу строги мерки, најчесто момчето било присилено да се ожени со таа девојка. Ако одбивало, најчесто добивал казна од 25 стапа на голо или во поретки случаи се носела и смртна казна.

Месната управа во Гевгелија располагала со свој печат за христијанскиот дел: Гевгели-кариеси, христијан-малеси.[6] За муслиманскиот дел на градот на печатот пишувало: Гевгели-кариеси, мухамедан-малеси.[7]





# ГЛАВА 4.
# ГЕВГЕЛИЈА ВО ВРЕМЕ НА ЧИФЛИГАРСКИОТ СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ

Населбата Гевгелија и околните села многу рано биле претворени во чифлици, можеби уште од почетокот на 17. век. Според постоечките документи Исмаил-бег од Серез, а подоцна и неговиот син Јусуф Мухлиз-паша поседувале седум чифлици во Кукушко и десетина чифлици во Гевгелиско. При ова се споменуваат имотите во Богданци, Мачуково, Богородица, Гевгелија, Смоквица, Серметли, Ларија, Пазар и Радовица.[8]

Процесот на чифлигарството во Македонија бил завршен дури во триесеттите години на 19. век, но османлиската власт чифлигарскиот систем го озаконила дури во 1858 година, во времето на султанот Абдул Меџит (1839–1861). Со закон спахиството било укинато конечно во 1862 година од султанот Абдул Азис (1961–1876).

Чифлигарскиот систем во Македонија се задржал сè до падот на турската власт на Балканот во 1912 година. Последен чифлиг-сајбија кој што бил запаметен што го поседувал имотот на гевгеличани бил Скендер-бег, убиен од Организацијата во 1905 година. После него гевгеличани станале слободни граѓани.












ДЕЛ ПЕТТИ

# ТУЃИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО ГЕВГЕЛИЈА





# ГЛАВА 1.
# ГРЧКАТА НАЦИОНАЛНА ПРОПАГАНДА ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во шеесеттите години на 19. век, откако населбата Гевгелија повторно нараснала, редовно почнале да доаѓаат грчки трговци кои контактирале со месните трговци и го наметнувале своето влијание над нив. Тие трговци откупувале земјоделски и занаетчиски производи и во честите контакти го наметнувале и својот јазик. По изградбата на железничката линија и посебно по осумдесетите години на 19. век, во Гевгелија се појавил и еден прогрчки граѓански слој кој почнал да ги праќа своите деца да учат во грчки училишта, во трговски и занаетчиски школи, гимназии и универзитети. По завршувањето на школите тие се враќале во градот и станувале креатори за ширење на грцизмот. Дури некои од нив почнале со омаловажување да гледаат на својот мајчин јазик, настојувајќи да зборуваат грчки. Во една своја дописка од Гевгелија до цариградскиот весник „Македония", од 4. јуни 1870 година, Кузман Шапкарев запишал: „Тој грцизиран слој - 'рѓосана пасмина, на својот мајчин јазик почна да гледа на непотребен шовинизам..."

Црквата „Вознесение Христово" („Свети Спас"), најстарата црква во градот, го помагала ширењето на грцизмот кај Гевгеличани бидејќи била раководена од грцизирани лица кои настојувале да вршат богослужба на грчки јазик (само во еден краток период, во време на преродбата, во црквата се изведувала богослужба на црковнословенски јазик). Понатаму, сè до Балканските војни, во неа се изведувала богослужба на грчки јазик. По појавата на влијанието на бугарската црква во градот, за да нема караници, било решено да се изгради нова црква за тие верници. Црквата почнала да се гради во 1873 година и била посветена на Света Троица (Оца и Сина и Свјатаго Духа). Сепак, по долги расправии и несогласувања и оваа црква ја преземат патријаршистите.[1]

# ГЛАВА 2.
# УНИЈАТСКО-КАТОЛИЧКАТА ПРОПАГАНДА ВО ГЕВГЕЛИЈА

Католичката црква чекала погоден момент да создаде свои верници во  Гевгелија, и тоа во времето на македонската преродба во шеесеттите години на 19. век кога македонскиот народ покажал стремеж за обнова на забранетата Охридска архиепископија и за воведување на народен македонски јазик во училиштата. Барајќи излез од притисоците на елинизиранаата Цариградска патријаршија и грчката буржоазија, македонските преродбеници и верници побарале закрила од Римокатоличката црква.

Во отпорот кон Патријаршијата и нејзиното елинизаторско делување и во  Гевгелија се појавиле семејства коишто се

при-клучиле кон Унијата. Нема податоци дали во првиот бран, кога во Кукушко-полјанската епархија кон Унијата пристапиле петнаесетина населени места, и Гевгелија направила таков чекор. Но, постојат податоци дека тоа се случило некаде во почетокот на осумдесеттите години, а можеби и пред тоа. Тогаш голема дејност во корист на Унијата развил унијатскиот епископ Нил Изворов кој вршел обиколки по населените места и пропагирал во корист на Унијата. Тој престојувал и во Гевгелија и за тукашните унијати во почетокот на осумдесеттите години поставил еден унијатски свештеник - Даниел Мирчев. Тој бил од Тракија, во Рим завршил грчки колеџ и бил поставен прво да служи во село Сеово, а од 1884 година и во Гевгелија. Тука служел неколку години (до 1888), а потоа служел во село Пирава. За поп Даниел Мирчев бил изграден и конак за живеење и унијатски параклис во којшто тој служел. По него, до 1912 година, во Гевгелија служел поп Ристо Донев.[2] Во 1883 година Нил Изворов го заменил Лазар Младенов, кој имал повеќе посети во епархијата и пропагирал за Унијата. Поради некои лични грешки во 1895 година тој бил сменет и повлечен во Рим, каде што починал во 1917 година. На негово место бил поставен Епифан Шанов, кој служел сѐ до Балканските војни.

Во Гевгелискиот регион голема дејност развиле католичките мисионери - отец Јосиф Алоати и неговата сестра Еврозија Алоати. Тие во село Паљурци основале унијатски манастир „Свети Јосиф", во којшто од 1894 година па сѐ до Балканските војни се развила голема преродбенска дејност во Гевгелиско-Валандовскиот крај и пошироко. Во паљурскиот манастир постоело училиште на македонски народен јазик, ред на сестрите ефхаристинки, сиропиталиште и земјоделска колонија. Во сите овие области мисионерите постигнале гоеми успеси, но најголема верска и културно-просветна дејност развиле сестрите ефхаристинки, чиј ред бил основан во Солун во 1889 година, а потоа продолжило во Паљурци на чело со Еврозија Алоати со монашко име сестра Марија Христина.

Сестрите ефхаристинки во сепtевмри 1901 година отвориле сестрински дом и во Гевгелија. Во овој дом делувале сестра Марија Агнија, сестра Анастасија, сестра Марта Костенарова и Августина Зоева. Во прво време домот бил сместен во приватната куќа на Глигор Ичев, по извесно време била адаптирана куќата на некој дедо Марко и тука останале до 1911 година. Во таа година била купена куќата на Андонови и прилагодена за сестрински дом, а во исто време бидејќи куќата била на кат во неа биле резервирани и простории за архиерејскиот наместник и за училиштето во кое предавеле сестрите, на македонски народен јазик. Во истата зграда била и една просторија во која била сместена шивачница на сестра Онорина.

По Балканските и Првата светска војна во Гевгелиско-Валандовскиот крај и натаму останале мал број унијатски семејства. Верници-унијати во ова време имало во Богданци, Стојаково, Гевгелија, Богородица, Моин и Пирава, како и во колонистичките населби во Дојранско.

Унијатите по Втората светска војна сѐ повеќе го добивале името католици, но нивниот број се намалува, особено по прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква па наваму. Во Гевгелија како носител на католичкото делување е домот на сестрите ефхаристинки и црквата „Свети Петар и Павле".[3]

# ГЛАВА 3.
# БУГАРСКАТА НАЦИОНАЛНА ПРОПАГАНДА ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во Гевгелија уште од 1871 година постоела црковно-училишна општина на чие чело стоеле Ѓорги Бајалџалиев и Ичо Дуганов. Оваа општина била рожба на македонската преродба, но бидејќи во понатамошното постоење се соочувала со финансиски тешкотии при издршката на црквите и училиштата во градот и околијата, станала зависна од финансиските средства што ѝ ги нудела Егзархијата. Во Гевгелија било отворено училиште и изградена нова црква за припадниците на Егзархијата. Така во 1894 година била изградена црквата „Свети Кирил и Методиј" во која се служело на црковнословенски јазик, а северно од гробиштата на црквата „Свети Спас" биле настанати егзархиски гробишта во кои што се погребувале припадниците на Егзархијата-егзархистите (бугарски гробишта). Во 1881 година Егзархијата ѝ доделила извесна сума финансиски средства на гевгелиската црковно-училишна општина со кои во прво време бил изграден еден мал параклис, а подоцна и црквата „Свети Кирил и Методиј". Во ова време со црковно-училишната општина раководел поп Томе Ташев.

# ГЛАВА 4.
# РОМАНСКАТА ПРОПАГАНДА ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во Гевгелија поради тоа што сѐ до крајот на 19. век немало влашко население или сосема малку го имало, романската пропаганда се појавила дури по 1900 година. За првите доселеници - Власи во градот бил направен обид да се отвори влашка црква и училиште, но не се успеало поради притисок на Партијаршијата. Дотогаш Власите во градот и во околните населени места биле под влијание на грчката пропаганда, а некои во градот оделе во постоечките, цркви каде што се служело на црковнословенски јазик.

Од 1904 година во градот Гевгелија почнале да пристигнуваат и весници на романски јазик од Букурешт, од Македонско-романското културно-просветно друштво

(„Мацедониа рависта" и „Пенисула балканика"). По поделбата на Македонија од 1913 година, српската власт го забранила влашкото училиште во Гевгелија, како и во селото Ума.

# ГЛАВА 5.
# СРПСКАТА НАЦИОНАЛНА ПРОПАГАНДА ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во деведесеттите години на 19. век српската пропаганда успеала да се пробие и во Јужна Македонија - во Гевгелиско, Дојранско, Кукушко, Ениџе-Вардарско, Воденско и Тиквешко.[5] Во овие краишта српската пропаганда не се темелела врз „неоспорни осознаени национални стремежи", оти тука немало Срби, затоа применувала други мерки. Преку парична помош за родителите, бесплатна облека, обувки и учебници за учениците, а ги плаќала и учителите.

Први обиди за проширување на српската пропаганда во Повардарието направил конзулот Љотиќ, кој служел во Солун во почетокот на деведесеттите години на 19. век. Тогаш и во Гевгелиско, во Дојранско и во Кукушко биле придобиени некои лица за српската пропаганда. За да може да контактира со луѓето, Љотиќ се поврзал со грчкиот владика Јоаким, а овој му отстапил дејствување откако бил добро потплатен. Во 1894 година владиката Јоаким на придобиените учители и свештеници им одобрил да вршат настава на мајчин јазик и служба на црковнословенски јазик и тоа, во Дојранско, Кукушко и Гевгелиско, односно во населбите Дојран, Богданци, Богородица, Патарос, Сеово.







ДЕЛ ШЕСТИ

# НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА



# ГЛАВА 1.
# ПРИЧИНИ ЗА НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

Нацинално-ослободителното движење во Гевгелија временo се совпаѓа со општата национално-ослободителна борба на македонскиот народ од крајот на XIX и почетокот на XX век и е познат под името Илинденско востание. Потребите за организирање и дејствување на населението во Гевгелија и Гевгелиско се гледало во апсолутистичкиот режим на османлиската власт. Откако се формира Гевгелиската каза, по 1886 година, сите граѓански спорови и прилики на населението ги решавал кајмакаминот, кој по чин бил околиски началник, а бил потчинет на валијата. Во тој период на располагање на кајмакаминот биле полициската станица, судот на белието со соодветен затвор и второстепениот суд. Од 1873 до 1890 година во касарните на Гевгелиската каза имало над 2.000 војници - пешадија, полска артилерија и пионерски баталјони.

Под кајмакаминот биле потчинети сите поважни чиновници во градот: Градоначалникот, таканаречениот беледие-реизи ги потпишувал указите за членовите на општинскиот одбор по предлог на градоначалникот. Членовите на општинскиот одбор, односно советниците на градоначалникот се нарекувале белидие-азаларии. Во општинската управа најважно место заземал беледие-ќатибитот (деловодителот), потоа чиновниците на вакафските имоти, разните управни служби, пазариштата, царинската управа и други. Сè до почетокот на XX век во овие важни општествени служби на град Гевгелија било забрането да се примаат христијани, постојани жители на град Гевгелија и околните села. Револтот на граѓаните на град Гевгелија и околните села сè повеќе растел, посебно на младата интелегенција, која се школувала во Солун, Цариград и Сер.



Освен поривот за национална слобода што бил присутен меѓу граѓаните на град Гевгелија, како резултат на национално-политичката репресија бил присутен и револт против социјално-економската маргинализација на населението во Гевгелија и околината. Тука спаѓаат даноците, трговската политика, откупните пазарни цени на локалното земјоделско производство и друго. Сите овие причини на крајно материјално и духовно ропство, односно асимилација и експлоатација на населението на Гевгелија, придонесле и за формирање на неорганизирани поедини или групни борбени формации наречени ајдуци. Всушност, овие ајдуци го најавуваат зачетокот на организираната национално-револуционерна борба од страна на ВМРО. Првите ајдуци во Гевгелија и Гевгелиско биле Димитар Караѓозев од Стојаково, потоа Иванчо Карасулиски од Карасуле, Апостол Петков од Бојмица, Коста Попето од Смоквица и други. Сите овие ајдуци дејствувале неорганизирано поттикнати од околните актуелни прилики и злодела на турската власт кон граѓаните на Гевгелија и околните населени места.





# ГЛАВА 2. ФОРМИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ГРАД СОЛУН

На 23. октомври 1893 година во Солун било донесено решение за основање на револуционерна организација во Македонија, со цел ослободување на Македонија од турското ропство и по револуционерен пат да се дојде до полна политичка автономија на Македонија. Повеќето од основачите на Организацијата и идеолози, како Христо Татарчев, Гоце Делчев, Даме Груев, Пере Тошев и други, навраќале и во Гевгелија. По основањето на револуционерните комитети во градовите Штип, Кавадарци, Прилеп, Битола, Охрид, Кукуш и Ресен, месен комитет се основал и во Гевгелија.[2]

# ГЛАВА 3. ОСНОВАЊЕ НА РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ОПШТИНСКИ КОМИТЕТ НА ВМРО ВО ГЕВГЕЛИЈА

На 10. јули (стар календар) 1895 година, доаѓајќи од Штип, во Гевгелија пристигнал Гоце Делчев.[2] Тој во Гевгелија се задржал четири дена и престојувал наизменично во куќите на Илија Докторов, која се наоѓала во близината на тогашната гимназија, во куќата на Тома Бајалцалиев, која се наоѓала близу црквата „Св. Кирил и Методиј" и куќата на  Андон Динков, на местото на тогашниот католички параклис.[3]

Пред заминувањето на Гоце Делчев од Гевгелија, на 14. јули (стар календар) 1895 година, во куќата на Илија Докторов Гоце Делчев лично извршил покрстување на основачите на општинскиот револуционерен комитет во Гевгелија. За овој историски настан Илија Докторов во своите спомени вели: „Гоце Делчев беше доведен во мојата куќа од Гоце Чанов чубукчијата, којшто истиот ден, вечерта, пред пристигањето на возот во Гевгелија, кој се обраќал на линија Скопје–Солун, случајно се наоѓал на железничката станица во Гевгелија и познавајќи се со Гоце од порано, како негов сограѓанин, го донесе право кај мене дома, во мојата куќа."[4]

Понатаму Илија Докторов забележал: „За тие четири дена Гоце имаше прилика да се сретне и запознае со неколку од повидните граѓани на Гевгелија, преку кои ја откри неговата цел за доаѓањето во нашиот град. На 14. јули 1895 година лично од него бевме покрстени, Тома Георѓиев Бајалцалиев, Никола Иванов Бојаџиев - главен учител при егзархиската прогимназија во Гевгелија, а роден во град Велес, аџија Наум Николов Матков - трговец, Мирче Димитров - трговец на колонијална стока во Гевгелија, роден во Прилеп, Андон Динков - трговец на колонијални стоки, Гоце Чамов - чубукчијата, роден во Кукуш, а жител на Гевгелија и јас, Илија Докторов. Откако Гоце Делчев ни ги даде потребните упатства и насоки како да работиме и какви лица да примаме во редовите на револуционерната организација, на 15. јули, приквечер, од Гевгелија замина за Кукуш, придружуван од Гоце Чамов. За раководител и организатор на револуционерната организација Гоце Делчев го назначи Никола Иванов Бојаџиев..."[5]

По основањето на Месниот комитет во Гевгелија, Организацијата се ширела и напредувала во својата функција. Од 1895–1896 година во Гевгелија самоиницијативно се организирани повеќе другарски кружоци од младинци и занаетчии, кои пројавиле голем интерес за Организацијата. Особен пример на другарство и интензивна работа развил кружокот (друштвото) во кои биле зачленети: Ристо И. Ангов, Иван Р. Бутров и Дино Бутров – чевлари, Петар Заиринов – железоковач, Ристо Узуниколов - бакалин, Димитар Динев - бакарџија и Коста Ралев - земјоделец.[6]  По 1896 година постепено членовите на овие другарства или кружоци со заклетва почнале да пристапуваат во редовите на ВМРО, така што членството на Месниот комитет во Гевгелија постепено растело.

Меѓутоа, имало и такви гевгеличани кои биле приврзани на делото на Организацијата уште пред 1898 година, а работеле надвор од Гевгелија, како Сава Михајлов, Димитар Г. Стамов, Гоно Т. Зафиров, Коњо Д. Капсаров и други. Во редовите на Организацијата имало и трговци,



занаетчии, земјоделци и учители, што значи од сите слоеви на населението, кои што биле незадоволни од турскиот апсолутистички режим.[7]

Организацијата во Гевгелија и гевгелиските села почнала забрзано да се шири, особено на крајот од 1897 година кога речиси ретко имало по селата луѓе кои не биле членови на Организацијата. Исто така, и влашкото население од планинските влашки села земало активно учество во ВМРО. Мрежата на ВМРО во Гевгелиската каза била добро организирана. Истата 1897 година членот на ЦК на ВМРО Пере Тошев ја посетил Гевгелија и во куќата на Андон Динков одржал состанок на кој била донесена одлука да се посетат одредени села, поточно селата од западниот брег на реката Вардар. Организацијата успешно организационо напредувала и сè до 1901 година дејствувала тајно, не дозволувајќи турските власти да извршат било каков упад во внатрешната општествено-политичка и координативно-воена тактика.



## 3.1. ГОЛЕМИОТ ПРИДОНЕС НА САВА МИХАЈЛОВ И АРГИР МАНАСИЕВ ВО ЗАЈАКНУВАЊЕТО НА ВМРО ВО ГЕВГЕЛИЈА И ГЕВГЕЛИСКО

Сава Михајлов се залагал Организацијата да биде достапна за сите незадоволни граѓанско-општествени формации во Гевгелија и Гевгелиско, па и за припадниците на Патријаршијата, бидејќи дотогаш во Организацијата мо-желе да учествуваат само Македонци кои ја признавале Егзархијата и дел од Власите.[8] Со доаѓањето на Сава Михајлов се отвора внатрешен фронт во Организацијата, кој се борел против шовинистичките пропаганди и меѓу-националните разединувања на населението во град Гевгелија, а за обединување против многувековниот османлиски окупатор и експлоататор. Според Љ. Лапе четниците на Савета и Аргир, пред Илинденското вос-тание, обично оделе по гркомански (патријаршистички) семејства, ги повикувале и советувале и тие да се борат против турската власт зашто нивната задача е да извоју-ваат слобода за сите христијани во Македонија.[9]

Ваквата нова идеолошка платформа за обединување на широките народни маси во Гевгелија и Гевгелиско имала голем успех. Помеѓу симпатизерите на Организацијата не само што имало гркомански семејства, туку имало и Турци што на некој начин ѝ помагале на Организацијата. Исто така, голем интерес за материјална, морална и партиципација со учество покажало и влашкото население од околните влашки села на град Гевгелија, како: Ума, Купа, Ливада, Ошин, Црна Река и други.





# ГЛАВА 4.
# АФЕРАТА ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА ВО 1902 ГОДИНА

За време во првите денови од февруари 1902 година исчезнале тројца членови на Организацијата во Гевгелија, Гоце Атанасов, Илија Поп Илиев и Петар, родени во Прилеп, кои живееле во Гевгелија, а биле обвинети за изнудување на финансиски средства во име на Организацијата. Овие луѓе собрале пари од некои повидни граѓани како Лазар Арнаудов, Владо Икономов, Мицо Хаџигригоров, Гоце Хаџимицев и други, спротивно на опомените на Организацијата да не вршат такви своеволија и изнудените суми на пари да ги внесат во месната революционерна каса. Меѓутоа, тие продолжиле со изнудување, поради што Организацијата побарала од ЦК на ВМРО во Солун да бидат санкционирани, а кој, пак, по испитување на целиот случај издал заповед, овие членови да бидат казнети со смрт.

Според записите на Илија Докторов, раководното тело во Гевгелија писмената одлука за смртна казна лично му ја доставил на Дино Диновски од Петрово, кој преку специјален курир ги повикал тројцата осуденици да дојдат во Кованец, наводно по револуционерни работи. Тука

пристигнала и четата на Дино Диновски, која по средбата со тројцата членови на Организацијата, во куќата на Дино Балабанов, ја извршила смртната пресуда.

Турските власти, откако дознале за случката од членовите на фамилиите на исчезнатите, го уапсиле Дино Балабанов кој признал не можејќи да ги издржи мачењата. Веднаш потоа биле уапсени Дино Филов, Дељо Зафиров, Мицо Динов Пиперов и уште тројца од Габрово, обвинети како соучесници. Дел од уапсените и покрај мачењата не признале ништо. По апсењето извесно време поминале во затворот во Гевгелија, а неколку од нив подоцна биле префрлени во затворот „Једи-куле" во Солун, каде по општата амнестија на султанот Хамид за сите политички затвореници во Османлиското царство, во текот на март 1903 година, биле пуштени на слобода.

# ГЛАВА 5.
# ПОДГОТОВКИ ЗА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

Прашањето за вооружувањето било посебно актуелно, како во другите, така и во Месниот комитет на ВМРО во Гевгелија. Со формирање на реонското раководно тело, кое подоцна било наречено Околиски комитет на ВМРО за Гевгелиска околија, започнало обединувањето на градските и селските комитети, како и формирање на илегални заштитни групи – градска и селска милиција. Најпрво како воени активности се јавуваат ајдучките напади. Според спомените на Б.Мирчев, во Гевгелија биле формирани две борбени терористички воени групации, едната била под водство на Иванчо Карасулиски, а другата под водство на војводата Апостол Петков.

Првата чета што дејствувала во духот на Организацијата во Гевгелија, Дојранско и Ениџевардарско била формирана во октомври 1897 година, со согласност на Аргир Манасиев, која нараснала пред крајот на истата година на 10–12 души.[10] Секој член при зачленувањето во Организацијата требало да си набави и располага со пушка, кама, па дури и ловечка пушка. (спомени на Д. Динев). За набавка на оружје за потребите на Организацијата во Гевгелија и Гевгелиско, Градскиот комитет собрал парични средства од членовите, кои вложувале при нивното зачленување. Учителите биле задолжени да даваат дел од својата плата, а повеќе парични средства биле собрани од побогатите трговци и занаетчии кои биле членови или симпатизери на Организацијата.

Меѓутоа, за потребите на Организацијата од финансиски средства се применувале и други методи, како, на пример, киднаперски акции на богати Турци, странци и слично. Така, во средината на мај 1898 година, по решение на Гевгелискиот комитет при ВМРО и по лична иницијатива на Аргир Манасиев младиот војвода Иванчо Карасулиски, заедно со Апостол Петков и повеќе други членови на Организацијата, го киднапираат богатиот Турчин Дуран од с.Мемешло, Дојранско. При оваа киднаперска акција тие изнудиле 1.800 турски лири и за четири дена го ослободиле Турчинот.

Пушките, со собраните парични средства, се купувале најчесто од одделни Турци – контрабандисти и од Грците од типот „Гра". Во почетокот на 1903 година, со помош на Околискиот комитет, на Организацијата ѝ биле доставени, од Грција преку Солун, 75 пушки. Одвреме навреме во Гевгелиско биле доставувани пушки преку Бугарија, што биле испраќани со знаење на Гоце Делчев. Во февруари 1903 година, покрај другите бојни материјали, Сава Михајлов донел 30 пушки, српски маузерки и берданки, купени по 28–30 лева. Според друг изворен материјал доаѓањето на Сава Михајлов било придружувано од војводата Крсто Асенов, кои покрај пушките со себе донеле и 18 натоварени коњи со динамит.[11]

Организацијата располагала со многу малку динамитски бомби, но Аргир Манасиев забележал: „Бидејќи немавме бомби, момчињата ги снабдувавме со шишиња полни со динамит. Ги обвивавме со ламарина или со јаже. Од полните шишиња со динамит не се очекуваше некој ефект каков што го имаа бомбите, но тие даваа силен тресок што многу ги плашеше Турците". [12]

Динамитот, исто така, не им бил познат на повеќето од четниците сè до доаѓањето на Сава Михајлов, кој при доаѓањето во Гевгелија со својата чета на 20. февруари 1903 година донел, покрај другото, и динамит.[13] Процесот на вооружување на револуционерните чети под раководство на месниот комитет во град Гевгелија, всушност, било подготовка за едно општо востание.

## 5.1. ВРХОВИСТИЧКИТЕ ПРОЈАВИ ВО ГЕВГЕЛИЈА И ГЕВГЕЛИСКО

И покрај широката народна поддршка на централистичките идеи за национална и духовна самобитност, предводени од Гоце Делчев, во Гевгелија и Гевгелиско се појавила врховистичката идеја предводена од генерал Цончев, тогашен претседател на Врховниот комитет во Бугарија, како и Борис Сарафов и Иван Гарванов. Тие меѓу граѓаните настојувале да ја наметнат тезата дека македонскиот народ полесно би дошол до политичка и национална слобода доколку се одржи врховистичката дејност како форма на револуционерно движење, се разбира, со помош на Бугарија.

Голем проблем за Организацијата било ајдутското самоиницијативно паравоено дејствување, главно, на ајдутинот Иванчо Карасулиски. А. Динков за него кажува: „Тој беше човек со арамиска нарав". Иако уште при крајот на 1897 година ѝ се посветил на Организацијата, благодарејќи на Даме Груев и Аргир Манасиев стариот ајдутин Иванчо Карасулиски и понатаму вршел самостојни акции во пределите на планините Кожуф и Пајак. Веќе во 1899 година тој дејствувал самостојно, со мала чета, водејќи независен горско-бунтовнички живот, со што непромислено ѝ

наштетувал на Организацијата. После секоја негова паравоена акција турските власти спроведувале политичко-репресивни санкции врз народот. Со цел да му се помогне на Иванчо да зачекори во духот на Организацијата, во Гевгелиско доаѓале и повеќе истакнати интелектуалци и борбени сили на ВМРО, но ваквите обиди биле неуспешни, бидејќи тој стапил во контакт со врховистите, прокламирајќи ја врховистичката идеја.[14]

Според д-р Владо Картов Иванчо добил задача од генералот Цончев да го убие Гоце Делчев, во што не успеал. Во 1901 година Иванчо бил поставен од врховистите во Софија за врховистички војвода за Гевгелиско.

# ГЛАВА 6.
# ВОСТАНИЧКИ АКТИВНОСТИ ВО ГЕВГЕЛИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕТО

Сава Михајлов уште на советувањата на Органзацијата во Софија, по повод решението на Солунскиот конгрес, од 15. јануари 1903 година, да се дигне востание, се изјаснил во прилог на мислењето на здравите централистички сили на Гоце Делчев и Ѓорче Петров, против едно пребрзо востание, бидејќи народот не бил ни морално ни материјално подготвен за општо востание. Во своите спомени тој забележал: „Воопшто во Гевгелиско не забележав подготвеност да одат да се борат. Инаку четата беше добро пречекана, предавства немаше".[15]

По доаѓањето на Сава Михајлов со четата која броела 10 луѓе, со него дошле и познатите Ташо Гачев - воен инструктор на чета, Кољо Тобџијата и Димитар Јорданов Фенерков, забележал Д. Динков во своите спомени. По доаѓањето на Сава Михајлов, во Гевглија Организацијата развила позасилена активност, бројот на четници се зголемувал, а двете чети, Аргировата и Савовата броеле 80 души.

Пред кревањето на востанието, на почетокот од 1903 година, во Гевгелија и Гевгелиско претходеле револуционерни раздвижувања на четите. За подготовка на востанието во Гевгелија и Гевгелиско пишува во својот извештај од 20. јуни 19013 година генералниот конзул на кралството Србија, Г. Ј. Николиќ: „Судрувањата меѓу четниците и војските на вилаетот не престануваат, туку напротив, од почетокот на овој месец станаа многу чести и кај Турците се забележува поголема волја за енергично гонење на револуционерните чети... Тие продолжуваат да одржуваат несигурност и револуционерна состојба, а со тоа и разидување меѓу Турците".[16]

Во друг извештај на истиот конзул, пратен до министерот на кралството Србија од 30. јули 1903 година, се вели: „Веќе еден месец како комитите се јавуваат во мали чети од 60–80 лица и слободно влегуваат во кое село сакаат, каде што остануваат по 2 и 3 дена... На Кајмакамот во текот на 15 дена двапати му е јавено од самите комити дека ќе влезат во Гевгелија, поради што таму царува голем страв. Во магацинот за оружје не се наоѓа ниедна пушка, ниеден фишек. Сето тоа од страв е разделено по турските куќи и џамии, а Турците се толку раздразнети што чекаат и најмало движење, па да извршат колеж..."[17]

Уште на 25. јуни до војводите Аргир Манасиев и Сава Михајлов, поточно до раководното тело на ВМРО во Гевгелија било доставено решение од ЦК во Солун за кревање на востание. Според тоа решение востанието требало да биде



објавено на 6. јули, но дополнително им било заповедано да чекаат втора заповед. На 16. јули 1903 година од ЦК во Солун било испратено соопштение до истите војводи во Гевгелија дека востанието ќе се дигне на 20. јули (стар календар) 1903 година, на ден Илинден. Одлуката на ЦК за кревање на востание била веднаш испратена до сите нелегални чети во околината на Гевгелија и се држела во најголема тајност за да не стигне до турските власти во градот. Меѓутоа, во јуни 1903 година се случило првото бојно судрување помеѓу дел од четите на Савета и Аргир со 30 вооружени Турци од Горничет, а во близината на Конско.[18] Во периодот на Илинденското востание четите на Аргир Манасиев, Сава Михајлов и Иванчо Карасулиски биле обединети.

Најголема акција на Организацијата се случила на 28. јули 1903 година, со големата експлозија на железничката пруга на мостот помеѓу Гевгелија и Мрзенци. Според спомените на Сава Михајлов во оваа акција учествувале 15 четници: „Тоа го сторивме на 28. ноќта, во 10 часот. Близу до мостот имаше стража, се доближивме со целата чета за да може таа да го чува патот од Гевгелија..., потоа неколку отидовме, ставивме динамит под мостот и на линијата на околу 900 метри далеку од мостот. Експлозијата стана откако се оддалечивме Фитилите беа едновремено запалени. Пукотницата беше страшна. Целиот мост, околу 200 метри, летна во воздух..."

Оваа акција на ВМРО во Гевгелија била пренесена и забележана во повеќе земји во Европа, вклучително и

Цариград, каде било испратено известување до баронот Калиџе, на 11. август 1903 година. По оваа акција била преземена и друга акција, на 24. август 1903 година, кај месноста „Клисурска Јаворица", Демир Капија. Четите на Аргир и Сава имале план да ги дигнат во воздух железничкиот мост на Вардар и тунелот кај Демир Капија, но биле откриени од Турскио аскер и таквата акција била спречена. Всушност, тука се случила голема крвава борба помеѓу двете страни. Турскиот аскер броел околу 800 души, војници и неколку стотини башибозуци. Во оваа борба загинале повеќе четници, меѓу кои Ташо Гачев, Христо Митренцев и Митко С. Јосифов од Гевгелија, Панде Маркудов и други, а биле ранети Димитар Динев од Гевгелија и Тодорчо Чочков.

Според тврдењата на Аргир Манасиев, од турскиот аскер и башибозуци, кои што биле повеќе од 700 души, паднале убиени од четниците околу 50 души. По ова акција турската војска во голем број, од 1000–1500 души, тргнала во потера и извршила големи насилства над населението од Гевгелија и Гевгелиско, сè со цел да ги искажат четниците. После овие акции на четите во овој крај следувале и други крупни акции, меѓутоа турското население било секогаш поштедувано. Поголема акција во текот на 1903 година на Аргировата и Савовата чета била акцијата на 15. септември 1903 година во месноста „Беш Бунар", околу с. Ливада, каде во судир со турската војска загинале околу 20 души, ранети биле околу 30 души, а од востаниците имало само еден ранет.

На 6. ноември 1903 година Сава Михајлов со десетина души поставиле експлозив на железничката линија кај Смоквица, од која имало голема материјална штета. Покрај овие акции по Илинденското востание се случиле и помали такви акции на Организацијата по околните села, кои биле предводени од Аргир Манасиев и Сава Михајлов, но се спомнуваат и акции на Иванчо Карасулиски.

# ГЛАВА 7. ПРЕСТАНОК НА ВОСТАНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИТЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Илија Докторов, во своите спомени, за прекинот на востаничките активности, забележува: „Писмената наредба од ЦК ја добив јас и по специјален курир ја испратив до војводите Аргир, Сава и Иванчо Карасулиски, кои во тоа време првите двајца беа во с. Петрово, а последниот во с. Серменин. Започна да станува ладно по височините, а на Кожуф Планина падна и снег. На 5. ноември прв замина за Бугарија Иванчо Карасулиски со 20 души, а после него, на 10. ноември замина Сава Михајлов со 6 души, најпосле на 15. ноември замина Аргир Манасиев со 40 души."

Меѓутоа, во Гевгелија останале дел од Савовата чета со цел да не се остава населението без морална поддршка. Доброволно во Гевгелија останале Петар Попов и Тодор Чочков од Серменин, Гоно Јанев од Смоквица и ранетиот четник Димитар Динев од град Гевгелија, и истите вршеле обиколки по селата во Гевгелија. На крајот на 1903 година турската власт во Гевгелија и Гевгелиско ја засилила военополициската контрола по сите села со зголемување на војската од по 100–150 души.

# ГЛАВА 8. РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ГЕВГЕЛИЈА ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Во 1904 година ВМРО во Гевгелија започнала да паѓа во тешка положба, уште пред заминувањето на столбовите на Месниот комитет, Аргир и Сава, и почнала да се претворува во агентура на пропагандите. Во 1904 година бугарската и грчката политика ја засилила својата пропаганда со сите можни и неможни средства. Тие го искористеле неутешниот дух на населението во градот и селата по неуспехот на Илинденсколто востание.

Во 1904 година во Гевгелија се враќа Аргир Манасиев, во улога на околиски војвода, без да може да ѝ помогне на Организацијата. Аргир Манасиев останал верен на Централистите, додека Иванчо Карасулиски со својата чета отворил вистинска борба против централистичките сили на ВМРО во Гевгелија. Често овие две чети паѓале во меѓусебни борби, па дури имало и жртви. По зајакнувањето на врховистите во Гевгелија и околината, нивна главна цел



биле Сава Михајлов, Аргир Манасиев, Андон Јанев и други централисти.

Токму во времето кога се разгорувала борбата помеѓу бугарската врховистичка и грчката вооружена пропаганда, во Гевгелија требало да пристигне со својата чета Сава Михајлов. Но, сè уште од непознати причини, при пристигнувањето во Гевгелија, Савовата и Аргировата чета биле предадени на турските власти кај с. Смол. На местото „Голема Рудина", на 1. март 1905 година, Савета го имал последното вооружено судрување со турската војска, што траело повеќе од 12 часа. Савета со неговите четници херојски се борел, но кога самиот видел дека нема муниција да ја продолжи борбата, за да не падне жив во рацете на турските власти, испил отров.[19]

По смртта на Савета, на 12. септември (стар календар) 1905 година, кај месноста „Ѓуров дол", кај орманот на селото Ѓавото, во борба со Турците бил убиен познатиот револуционер Леонид Јанков.[20] Четата на Леонид броела 11 луѓе од кои пола биле убиени, а пола заробени. Според други изворни податоци Леонид Јанков водел борба во „Ѓуров Дол" со своите двајца соборци Михаил Иванов Таушанов од с. Богданци и Томе Киров Донов од Стојаково.[21]

# ГЛАВА 9. АКТИВНОСТИ НА ВООРУЖЕНИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Откако пропагаторите на соседните балкански држави не успеале да ја постигнат својата цел за придобивање на македонскиот народ за нивните државни каузи, по Илинденските активности, тие во Македонија, а со тоа и во Гевгелиско, започнале да испраќаат вооружени чети од Грција, Бугарија и Србија. Грчките чети биле познати под името андартски чети, бугарските чети биле познати под името врховистички чети, а српските чети биле во незначителен број.

Врховистичките водачи, кои по Рилскиот конгрес ја презеле Организацијата во 1905 година, настојувале да се убиваат мирни Турци без да водат сметка какви последици тоа ќе има врз македонското население. Така, членот на врховизираниот ЦК на ВМОРО Попкоцев ги терал војводите Аргир Манасиев и Сава Михајлов да ги нападнат турските села Прдејци и Горничет (со мнозинство Турци во тој период), да ги запалат и да ги убијат жителите. Аргир и Сава не ја прифатиле оваа наредба, поради што тој наредил да бидат убиени. [22]

Во 1905 година во околината на Гевгелија пристигнале повеќе врховистички чети на Лазар Ореовски, на Ичко Димитров, потоа групите на Дино Драчевски и Баровски и други. Повремено тие влегувале во Гевгелија и поттикнувале некои лица, а и самите тие вршеле насилства и убиства врз припадници на Патријаршијата (гркоманите). Исто така, и андартски чети крстосувале низ Гевгелискиот регион и повремено влегувале и во градот Гевгелија потикнувајќи ги своите припадници да им се одмаздуваат на егзархистите.

# ГЛАВА 10. ОДЗИВОТ НА МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

Илинденското востание ги поттикнало Младотурците, интелектуалци и претставници на војската, школувани во странство и воспитани во европски дух, кои покажувале незадоволство од владеењето во државата, да ја забрзаат својата активност против султанскиот режим. Биле исплашени дека ќе ја загубат територијата на Македонија. По 1905 година Младотурското движење станало доста силно, раководено од Енвер-бег од Солун. Тој со 300 војници од Солун, преку Кукуш, пристигнал во Гевгелија. Тука се сретнал со кајмакамот на гарнизонот Јакуб-паша, кој бил приврзаник на движењето. Пашата одржал говор пред уќуматот и го повикал населението од градот и од околијата на општ собир.

На собирот зборувал Енвер-бег и во својот говор истакнал дека: „Од сега натаму сите граѓани ќе бидат рамноправни пред законот и ќе бидат заведени уставни реформи и слободи". Насобраните Македонци и Турци во градот се радувале и извикувале пароли „Јашасан хуриет!" (Да живее слободата). Од Гевгелија, Енвер-бег со војската заминал кон Западна Македонија за да се сретне со Нијази-бег. Во наредните денови од Кожуф слегле комитските чети на Апостол Петков, на Коста Попето, на Ичко Димитров, па и некои андартски чети. Во градот, како и во некои поголеми населени места неколку денови се манифестирала општа веселба на која свиреле зурли и тапани, се играло и се пеело, се братимеле Турци и Македонци и владеела атмосфера на слобода и задоволство.

ДЕЛ СЕДМИ

# ГРАД ГЕВГЕЛИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ДВЕТЕ БАЛКАНСКИ ВОЈНИ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА



На почетокот од Балканската војна во Гевгелиско биле затекнати четите на Мито Патаразлиев од Кукушко, на Иван Паљошев, Митре Ронката и В'ндо Гошев од Ениџе-Вардарско, Михаил Странџата, на Ичко Димитров, на капетан Тодоров, на Гоце Междуречки, Коста Попето, Лазар Ореовски и други.[1] Исто така, делувала и една мала српска чета како дел од четата на Јован Бабунски, а биле присутни и неколку помали андартски чети на Васил В'ндов, на Кара-Пано и други.

На 8. октомври 1912 година во состав на бугарската армија било формирано т.н. Македоно-одринското опалчение под команда на Александар Протуѓеров, Петар Дрвингов и други, во кое имало околу 14.000 опалченци-Македонци. Македонските војници биле поставени на најударните точки на фронтот и покажале голема храброст, така што во борбите кај Шар-Ќој ја заробиле дванаесет илјадната армија на турскиот командант Јавер-паша. На овој фронт загинале многу македонски доброволци од студ, од глад, од болести и од зараза што ја посеала турската дивизија „Амасија". До крајот на октомври македонските доброволци веќе биле распоредени на фронтовите и воделе натчовечки борби. Меѓу овие доброволци имало и 246 души од Гевгелискиот регион, меѓу нив и од градот Гевгелија.

# ГЛАВА 1.
# ГРАД ГЕВГЕЛИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА И ПО НЕА

Во време на воените дејствија градот Гевгелија имал 4.350 жители од кои 3.000 биле Македонци, 1.200 Турци и Черкези, околу 150 Власи, околу 90 Цигани и други. Во околните населби, пред самата војна, турското население од колонистичките населби и од мешаните го напуштиле Гевгелиско и се упатиле кон својата матична земја. Во Гевгелија сè уште постоела турска власт и турска војска сместена во гарнизонот изграден непосредно пред Хуриетот. Власта во градот, заради превентивни мерки, уапсила околу 200 лица од градот и селата и како заложници ги затворила во гевгелискиот затвор.

Околу 3. ноември српската војска пристигнала до Удово (една коњаничка чета од триесетина коњаници). Насетувајќи го приближувањето на сојузниците Хаџи Муфти-ефенди, заедно со командантот на гарнизонот Тахир-паша, ги ослободиле заложниците. Истовремено, раководните луѓе ги натерале да формираат времена власт во градот додека да стигне сојузничката војска за да се грижи за имотот, животот и честа на граѓаните (всушност, тие воделе сметка за турското население). Во таа времена комисија влегле Аргир Манасиев, Мито Ковачев, Андон Динката, Хаџи Дељо Зафиров и други. Оваа времена комисија формирала по селските населби т.н. селска милиција која ќе се грижи за мир и спокојство во селата. Во Гевгелија се обидувале да влезат повеќе чети, но комисијата ја прифатила четата на Коста Попето како централистичка чета и таа на 4. ноември прво влегла во село Мрзенци, потоа заминала во село Сеово и на 6. ноември влегла во градот Гевгелија. Но, и таа не можела да воспостави ред и мир бидејќи кај некои поединци револтот бил толку голем од поранешните турски злосторства што сега не можеле да се воздржат. Поголемиот број од Турците во градот се иселиле, но останале некои од побогатите Турци кои имале свои дуќани и магазини.

Пред самото пристигнување на сојузничките војски кои настојувале да влезат во Гевгелија, која што се сметала за центар на Македонија, грчките пропагатори



измислиле приказна дека, божем, Турците рекле: „Оваа земја ја зедовме од јунаци и на јунаци ќе ја предадеме". Притоа, мислеле на Византијците со кои сега Грците се поистоветувале. Србите, пак, измислиле своја приказна дека градот треба да им припадне ним зашто населението настојувало во градот први да влезат српските коњаници кои чекале кај Удово. Бугарите влегле подоцна во градот, но, тие отсекогаш сметале дека Македонците се Бугари и градот треба да им припадне ним.

Така, на 6. ноември 1912 година прва во градот влегла српската коњаничка чета, а на 7. ноември влегла грчка војска со два баталјона евзони, на чело со полковник Клисура. Третиот баталјон се стационирал на левата страна на Вардар во селата Богородица, Стојаково, Богданци и во Дојран. На чело на бугарската војска бил полковник Савов. До 12. ноември 1912 година во градот била воспоставена тројна власт која се задржала сè до 29. јуни 1913 година. И покрај тоа што се договориле да мируваат, сепак трите сојузнички војски потајно покажувале нетрпеливост и секоја настојувала да влезе што подлабоко во сферата на другата војска.[2]

Сојузничките војски стационирани во Гевгелија, заради демонстрација на своето пријателство, понекогаш организирале и заеднички забави, на кои свирел патријаршискиот оркестар, а се пееле и играле српски, бугарски и грчки песни и ора. Бугарските војници играле „р'ченица", грчките војници го играле орото „чамико", додека српските војници играле „жикино коло".[3]

# ГЛАВА 2.
# ГЕВГЕЛИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВТОРАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА И ПОДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА

По истерувањето на Османлиите од Балканот, довчерашните сојузници Србите, Бугарите, Грците и Црногорците се скарале околу поделбата на заземените територии. Бугарија покажувала претензија кон цела Македонија. Србија барала компензации на други територии, бидејќи по создавањето на албанската држава во 1912 година, биле пореметени нејзините планови за излез на Јадранско Море. Грција, иако окупирала најголем дел од Македонија и други територии, не била задоволна и ги барала Струмичка околија, Гевгелиска околија до Демир Капија и Битолска околија. Ова незадоволство довело до меѓусебна војна.

Пред да почне војната, Србија и Грција склучиле таен воен одбранбен сојуз на 1. јуни 1913 година за да се бранат од Бугарија. На 29. јуни 1913 година бугарските единици стационирани околу Брегалница и на просторот од Валандово до Дојран ги нападнале српските единици и грчките единици јужно од Дојран, со што започнала Втората балканска војна. При ова грчките единици биле



протерани на ридските височини околу Сеово и Моин, додека српските единици биле протерани северно од Гевгелија, до селото Прдејци. Жестоки борби се воделе во Гевгелиско и во самиот град Гевгелија. Користејќи бродска артилерија бугарската војска од Дојран ја нападнала српската војска на левата страна на Вардар и таа се повлекла на богородичкиот рид, Кофилак. При ова биле убиени голем број патријаршисти од страна на бугарската војска, врховистичките чети и поединци егзархисти од селата Ѓавото, Богданци, Стојаково и Богородица. Тогаш во Гевгелија биле убиени, исто така, повеќе патријаршисти, некои од нив се сокриле во турските куќи за да се спасат, а некои пребегале кон планината Кожуф.

На 3. јули 1913 година, по цел ден борби, српската единица на Кофилак целосно била уништена, а биле заробени и неколку српски војници. Српската војска се повлекла од градот Гевгелија. Истиот ден VII грчки полк се приближил до село Сеово (денешно Идомени). Наредниот ден, на 4. јули, грчкиот баталјон ја нападнал бугарската војска во градот, очекувајќи во нападот да се вклучи и српската војска од кај село Прдејци. Бугарската војска, заради безбедност и заради обезбедување поголем простор за маневрирање, го напуштила градот и се повлекла на левата страна на Вардар. Во таквата состојба грчката војска влегла во градот Гевгелија. Грчки војници, андарти и скаути од Крит извршиле невиден колеж над егзархисти од градот Гевгелија. Биле убиени околу 200 лица. Само еден евзон од Смирна убил 38 егзархисти.[4]

Истиот ден, на 4. јули, бугарската војска засилена со поголем број војници ја нападнала грчката војска во градот и повторно го зазела. Овој пат патријашистите што преживеале во градот се повлекле заедно со грчката војска јужно од Гевгелија, а подоцна биле евакуирани во Солун. По два дена, на 6. јули, грчката војска повторно го зазела градот Гевгелија, а бугарската војска се повлекла на левата страна на Вардар запоседнувајќи ги ридовите на село Богородица. Еден грчки морнаречки баталјон се обидел да ја нападне бугарската војска, но се нашол блокиран помеѓу Вардар и богородичките ридови и тука бил тотално уништен.

На 7. јули 1913 година бугарската војска била поразена кај Лахна, Кукуш и Дојран, по што Дојран бил заземен од грчката војска. Претходниот ден, на 6. Јули, грчката војска влегла во Гевгелија по трет пат. При ова српската војска, иако сметала на сопствени сили, морала да побара помош од грчката војска за да влезе во Гевгелија. Заеднички ја протерале бугарската војска, која почнала да се повлекува кон Струмичко, а со неа се повлекле и голем број бегалци. Сепак, голем број егзархисти кои не успеале навреме да избегаат со бугарската војска биле убиени, пред сè од грчката војска, а потоа и од српската војска.[5]

Во текот на борбите во самиот град Гевгелија по втор пат била уништена гевгелиската чаршија (прв пат тоа се случило во 1824 година). Исто така, биле опожарени повеќе куќи во селото Мрзенции и 11 куќи во селото Смоквица. Во ова село биле убиени и седум селани.[6] Во Гевгелиско и Дојранско по 7. јули 1913 година останале само грчки и српски единици, и тоа сè до 10. август кога било конечно извршено разграничување на територијата. Во оваа војна Бугарија била тотално поразена бидејќи против неа во војна влегле и Романија и Турција.

Територијата на Македонија била поделена помеѓу балканските соседи Србија, Бугарија, Грција и Албанија. Победниците се состанале во Букурешт на 10. август 1913 година. Не било прифатено македонскиот народ да учествува на оваа конференција. Грција добила 51% од македонската територија, Србија, исто така, добила 39%, Бугарија, иако победена во оваа војна, сепак ја задржала Пиринска Македонија со 9,51%. Дури и новопрогласената држава Албанија добила 1,77% од македонската територија. Подоцна, во 1923 година, со меѓусебни договори меѓу Грција и Албанија и во 1925 година, во меѓусебни договори меѓу Србија и Албанија, биле извршени мали промени во однос на поседувањето на македонска територија.

Границата била исцртана помеѓу Грција, Србија и Бугарија на 30. декември 1913 година. При ова од мегленските влашки села само селото Ума останало тогаш на српска територија. На ваквото решение големо влијание кај српската комисија имал србофилот Иван Беќаров(иќ), кој потекнувал од селото Ума. Од останатите населби Моин, Гевгелија, Богородица, Стојаково, Селемлија, Паѓурци, Кара-Огулари, градот Дојран и други населени места ѝ припаднале на српската држава.

# ГЛАВА 3.
# ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ ЗА ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

Во текот на двете војни (Првата и Втората балканска војна) градот Гевгелија многу настрадал. Најпрво биле убиени, ранети и преселени голем број лица, потоа настрадале некои куќи во градот, била ограбена и запалена гевгелиската чаршија, настрадал и железниот мост на Вардар, кај Вардарски Рид. Исто така, тешки последици имало и за земјоделските посеви, настрадале црничковите бавчи, лозјата, сточниот фонд и друго. Сојузничките војски речиси го ограбиле населението одземајќи им хранливи продукти, жива стока и друго, младата воено-способна генерација била мобилизирана во разните сојузнички војски.

Сепак, најголемата трагедија била во тоа што со воспоставувањето на вештачката граница било раскинато македонското ткиво, а со тоа прекинати традиционалните врски на градот Гевгелија со јужно-македонските градови и со градот Солун. Бројот на учесници во Првата и Втората балканска војна од град Гевгелија бил голем. Пред сè, ослободувањето на град Гевгелија им припаѓал на месниот комитет на ВМРО во Гевгелија и на месната милиција. Самиот податок дека Гевгелија во првите денови на Втората балканска војна (во јули 1913 година) дала околу 200 жртви на теророт, претставува доволна основа да се констатира дека учеството на населението од Гевгелија во Првата и Втората балканска војна било масовно.[7]

# 3.1 ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СРПСКА ВЛАСТ ВО ГЕВГЕЛИЈА ОД 1913 ДО 1915 ГОДИНА

И покрај поставувањето на границата помеѓу кралствата Србија и Грција, двете страни и натаму покажувале незадоволство од добиениот плен. Српските окупатори не биле задоволни што границата е поставена само на еден километар од градот Гевгелија. Власта ги подбуцнувала србофилите од градот да праќаат телеграми до врховната воена и цивилна власт во кралството Србија со барање границата да се помести барем 15 до 20 километри јужно од Гевгелија.[8]

Во текот на последните месеци од 1913 година и цела 1914 година грчки воени претставници се обидувале да го спречат организирањето на српска власт во Гевгелиско, се заканувале и со сила. Така, на пример, поранешниот командант на



грчката војска во Гевгелија се противел на воспоставување на српска власт во селата на левата страна на Вардар. Поради ова српскиот началник на Тиквешкиот округ барал штабот на српската врховна команда да преземе соодветни мерки за протерување на овие грчки претставници.

И грчките духовни лица, поедини архиерејски наместници, од порано се обидувале да пропагираат во Гевгелискиот регион заземен од Србите, терајќи го населението да се иселува на грчка територија. Уште во октомври 1913 година Гевгелија ја посетил и воденскиот митрополит со барање во градот Гевгелија да се отворат грчки училишта. Но, српските органи во градот го прогласиле за персона нон-грата и го протерале од градот. Грчкото настојување кај српската власт било да се дозволи ширење на грчка културно-просветна дејност. Но, српската воена команда презела мерки и забранила секакво преминување на границата од грчки воени, цивилни и црковни претставници.

Градовите Дојран и Гевгелија биле прогласени за командни места во кои биле поставени српски гарнизони, а конкретно во Гевгелија бил настанет III батаљон од XIV полк на Брегалничката дивизија. Овој баталјон бил составен од три чети, како и други придружни одделенија поставени во Дојран и Удово. Ваквото обезбедување првенствено било насочено против македонските комити кои влегувале во кралството Србија и, пред сѐ, во Гевгелискиот регион од територијата на Пиринска Македонија. За посигурно обезбедување на границата спрема Бугарија, српската власт довела и џандари. Во прво време во градот Гевгелија биле поставени 10 џандари под команда на капетанот од II класа Љубомир Савиќ, во тој момент командант на кавадаречкиот џандармериски одред.

Во административен поглед Гевгелија од 1913 до 1915 година била прогласена за административен и управен



центар на околијата, а во состав на Кавадаречкиот округ. Целата власт во околијата била концентрирана во рацете на околискиот началник лично поставуван од кралот Петар I Ослободител, а по предлог на министерот за внатрешни работи. Прв гевгелиски околиски началник во тоа време бил Виктор Крстиќ, а полициски комесар Миливоје Алимпиќ. Сите раководни лица во градот биле доведени од Србија и искажувале недоверба кон месното население. Секој влез и излез од градот бил подложен на детален претрес. Така се постапувало и со корабите за преминување преку реката Вардар (меѓу Гевгелија и Богородица, меѓу Прдејци и Ѓавото и меѓу Смоквица и Грчиште). Општинските органи на власта во градот Гевгелија вршеле корупција и самоволие, воведувајќи незаконска кантарина, покачени такси за разни дејности, издавање уверенија, решавање по молби на граѓаните и друго за што наплатувале самоволно парични суми.




# ГЛАВА 4.
# ГЕВГЕЛИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Со самиот почеток Првата светска војна, која започнала на 1. август 1914 година, со нападот на авструнгарската војска врз кралството Србија, Вардарскиот дел на Македонија, односно, Гевгелија била под српска управна власт. Само неколку дена по потпишувањето на Букурешкиот договор, Военото министерство издало заповед, на 14. септември 1913 година, според која целата територија на „новосоздадените краишта" била прогласена за воен дел на Кралствово Србија, па според тоа и Гевгелискиот регион.[9]



Гевгелија и Дојран биле прогласени за командни места. Иако во почетокот на војната, бугарската влада изјавила дека ќе биде неутрална, сепак, не откажувајќи се од реваншистичките стремежи кон Србија и Грција, односно, целосно присоединување на Македонија кон Бугарија, уште од самиот почеток на војната се покажало дека ќе пристапи кон Сојузот на Централните сили, додека, пак, Кралството Србија пристапило кон Сојузот на Антантата.[10]





# ГЛАВА 5.
# ФОМИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ

Од крајот на декември 1915 година до средината на август 1916 година се одвивале подготовки за започнување на воени дејствија на овој дел од Балканот, наречен Македонски фронт (некои го именуваат како Солунски фронт), кој минувал низ срцето на Македонија, а со тоа и низ Гевгелиско-дојранскиот регион.



Два месеца по нападот, односно, по објавувањето на војна на Бугарија против Србија, целата територија на Македонија под српска власт била окупирана од бугарските војски, кои навлегле на југ до српско-грчката граница т.е. до реонот на гевгелискиот крај. На 9. декември 1915 година дошло до борба меѓу бугарските, потпомогнати од австро-унгарските и германските војски, од една страна, и српските и англо-француските воени единици, од друга страна, кај селата Богданци, Стојаково, Ѓавото и Кованец. Само три дена потоа, на 12. декември 1915 година, Гевгелија била заземена од бугарската војска.[11] Борбите во гевгелискиот крај по падот во бугарски раце траеле наредните три цели години.



## 5.1. СОСТОЈБАТА ВО ГЕВГЕЛИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Во периодот на релативно примирје, од декември 1915 до август 1916 година, во Гевгелија се чувствувала воена состојба. Населението било во тешка ситуација. Со доаѓањето на бугарските војски во Гевгелско-валандовскиот регион, престанала реквизицијата што ја вршеле српските власти, но сега почнале да ја практикуваат бугарските. Во сите населби во овој крај се организирани вооружени воени команди за реквирирање и чување на житото во специјални складишта - амбари. Се организирала и принудна работа - реквирирање на трудот. Населението било задолжено да дава 45- дневен „нарјад", што, всушност, е еден вид присилна работа.

Со конституирањето на МВИО, „Македонска воено-инспекциска област", територијата на Македонија била поделена на седум окрузи, а Гевгелија била во Тиквешкиот округ заедно со Кавадаречката, Неготинската и Дојранската околија, со седиште во Кавадарци.[12]

Како резултат на реквизицијата меѓу населението се јавил недостаток од прехранбени производи. Производството за потребите на населението било оскудно, а цените на сите продукти рапидидно поскапеле. Практично, во овој период во Гевгелија настанала сиромаштија, а положбата во реоните блиски до фронтот била уште потешка, бидејќи

страдале и од воените пустошења на непријателската артилерија и авијација.[13]

Непосредно пред почетокот на позасилените воени операции во овој крај, во пролетта 1916 година населението на Гевгелија и Дојран било евакуирано од страна на бугарските власти. Со денови населението од Гевгелија и селата Богданци, Стојаково, Богородица, Мрзенци, Негорци и Моин се повлекувало на север кон Кавадарци и други градови на Македонија.[14]

Од безбројните, секојдневни, артилериски и авионски бомбардирања населението се криело по подрумите на куќите, а поради обостраните бомбардирања од Антантата и Сојузот на централните сили градовите како Дојран, Гевгелија и Кукуш биле срамнети со земја.[15] Овие воени акции добиле особено катастрофален карактер есента 1918 година. Покрај опустошените живеалишта, сите постојни индустриски објеки во Гевгелија биле уништени или целосно онеспособени за работа.







# ГЛАВА 6.
# ИСХОДОТ И ПОСЛЕДИЦИТЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА ОД ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Исходот од борбите на двете завојувани страни на линијата на Македонскиот фронт бил катастрофален за Гевгелија и околината. Новите „ослободители" на Македонија, во границите на Кралството Србија, а со тоа и на Гевгелиско, силите на Антантата, меѓу нив и српските војници, веднаш по заземањето на Гевгелија, на 22. септември 1918 година, организирале српска власт, односно власт на југословенската буржоазија. Во периодот од 1913 до 1918 година и непосредно потоа, до 1923 година, од Гевгелиско емигрирале во Бугарија околу 2.000 Македонци, од кои подоцна назад се вратиме само една четвртина.[16]

Материјалните штети на населението биле огромни, а Гевгелија многу оштетена. Стопанските објекти како Филандата, Тутунскиот склад и некои сушарници за кожурци биле наполно уништени. Непосредно пред Балканските војни од 1890 до 1912 година, бројот на населението на Гевгелија се движело од околу 4.200 до нешто над 5.000 жители.[17] Додека непосредно по Првата светска војна, од 1913 до 1918 година, Гевгелија броела само 2.792 жители.[18]








ија — Царинарница

ДЕЛ ОСМИ

# ГЕВГЕЛИЈА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ



Македонија и по Првата светска војна останала поделена меѓу балканските соседи Србија, Бугарија, Грција и Албанија. По враќањето на гевгеличани од евакуација ги затекнале своите срушени домови, уништено земјоделско стопанство и сточен фонд. Најпрво, жителите морале да се погрижат да создадат каков-таков покрив над главата, бидејќи зимата била на прагот. Многу од жителите изградиле привремени колиби и палатки од ламарини останати од војната, а некои семејства зимата ја поминале во бункерите во градот и околината. Голем дел од населението загинало во Балканските и во Првата светска војна, борејќи се на разните фронтови. Други умреле во време на евакуацијата од глад, студ и од болести. Во војната повторно настрадал и железниот мост на Вардар.

Гевгелиска околија со градот Гевгелија била организирана како посебна административно-управна единица „срез Ђевђелиски", со 28 населби и територија од 673 км2, со вкупно 11.314 жители и градот со 2.792 жители (според пописот од 1921 година). Како околиски началници се спомнуваат Жарко Лазаревиќ, Илија Јовановиќ и др. Градот Гевгелија, како околиски центар, бил во состав на кавадаречки округ, сѐ до 1922 година. Гевгелиска околија ја сочинувале шест општини: една градска со седиште во Гевгелија, чиј прв претседател бил Костадин Хаџи-Николов, а подоцна бил поставен Драги Џуричковиќ, доведен од српската власт, и пет селски општини: Богданска, Стојаковска, Миравска, Негорска и Конска.[1]

За цело време на српското владеење, од 1918 до 1941 година, во Гевгелија постоеле две политички странки: радикална и демократска, кои биле формирани во 1921 година, но, и двете биле буржоаски партии. Најдолго време се задржале на власт во градот претставниците на радикалната странка. Од редовите на оваа странка бил избран и народниот пратеник Андон Биширов, кој редовно бил избиран до 1927 година, кога умрел под неразјаснети околности. После неговата смрт за народен пратеник бил избран неговиот брат Мито Биширов, кој покрај службената должност се грижел и за семејството на неговиот брат, бидејќи оставил шест малолетни деца.




# ГЛАВА 1.
# ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СРПСКА ВЛАСТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Како насекаде во Македонија, така и во градот Гевгелија биле преземени мерки за владеење над граѓаните и нивно постепено асимилирање. За оваа намера покрај доведениот воен, полициски и административен апарат од Србија, биле доведени и учители, бидејќи на просветата ѝ се придавало големо внимание како фактор кој ќе влијае за превоспитување на младите поколенија во духот на српството. Децата од Гевгелиско најчесто останувале со основно образование, не само поради сиромаштијата, туку и поради политиката на српската власт која настојувала по завршување на основното образование децата да продолжат да се школуваат во Србија.



Исто така, и во однос на верското организирање во градот биле доведени свештеници од Србија кои настојувале преку богослужбата и другите црковно-административни мерки (крштевање, венчавање, погреби, ставање српски имиња на децата, написи на гробните споменици и сл.) да се постигне србизирање на жителите. Со ова не се задоволила српската власт во градот, па започнала да доведува српски и црногорски колонисти. Некои од нив биле чиновници и службеници, сопственици на угостителски објекти и помал број земјоделци. Во 1923 година во градот биле доведени десет колонистички семејства, следната година уште две колонистички семејства, во 1926 година четири колонистички семејства, така што до 1937 година имало 19 семејства со 94 членови.[2]



## 1.2. ЗАНИМАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ

Гевгелија, по Првата светска војна, сè уште бил во најголема мера земјоделски град, а во помала мера занаетчиски. Поради недоволен број на работилници и индустриски објекти работничката класа била во мал број и најчесто тоа биле сезонски работници (во монополот, во Филандата). Животот на луѓето се одвивал во тешки услови, бидејќи земјоделските производи и занаетчиските производи постојано биле подложени на постојано намалување на цените. Исто така се намалувале и надниците, па, така една работничка надница во тоа време изнесувала од 3 до 5 динари, а белиот леб чинел 3,5 динари.[3]

За целото време на српското владеење во Гевгелија, покрај тоа што овде била сместена околиската управа, градот Гевгелија постоел и како посебна градска општина со селата Мрзенци и Моин, а од 1923 година и селото Горничет во коешто биле доселени црногорски колонисти. Во самиот град не биле изградени некои индустриски објекти, освен фабриката за преработка на свилен конец, во сопственост на трговската фирма „Дингарац-Голочевац" и Стојановиќ од Скопје и браќата Лазар и Јован Ралеви трговци од Гевгелија. Оваа фабрика била изградена во 1938 година.

# ГЛАВА 2.
# РАБОТНИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

Во Гевгелија заради отсуство на поголем број на мануфактурни и индустриски објекти не била создадена побројна работничка класа. Најголемиот дел од жителите сè до крајот Втората светска војна, а и подоцна живееле од земјоделие, работејќи на своите мали земјоделски имоти. Во градот постоела и една поголема бројка занаетчии кои што произведувале занаетчиски производи и занаетчиски услуги за широка потрошувачка. Од овие семејства, земјоделски и занаетчиски, се регрутирале и работници кои работеле во постоечките работилници, индустриски објекти и други фирми. Најчесто овие работници биле сезонски, бидејќи капацитетите во кои работеле биле од сезонски карактер. Таква била Филандата (фабрика за точење на свилен конец) која работела сезонски од јуни до декември. Доколку имало потреба за некои дополнителни работи фабриката задржувала сосема мал број работници.





Од таков карактер бил и Тутуновиот склад (Монополот) во кој што се работело сезонски од декември до пролетните месеци наредната година. Во двете споменати фабрики во најголема мера работела женска работна сила од градот и блиските околни села. Подолгорочна работа имало за работниците кои работеле во Соланата која била отворена во 1934 година, каде што се носела сол од Грција и тука се мелела и пакувала. Сопственик било семејството Пешеви од Куманово. Исто така постојана работа имало за работниците

кои работеле на железничката линија од Гевгелија до Демир Капија, како и на самата железничка станица во Гевгелија. Сезонска работа се вршела и за товарање на чакал од Сеовска Река која била макотрпна работа.



Бројот на работниците во точилницата за свилен конец се движел од 60 до 80 работници, додека бројот на работниците во Тутуновиот склад бил нешто поголем. Работниците незадоволни од повеќечасовното работење и од ниските надници кои се движеле од 15 до 20 динари на ден, честопати негодувале, а повремено и штрајкувале, демонстрирајќи го своето незадоволство пред работодавачите. Во периодот меѓу двете светски војни поради слабата бројност на работниците, но и поради строгоста на работодавачите тешко можело да се организира штрајк. Сепак, еден таков штрајк бил забележан во август 1919 година, организиран од напредни лица од градот и работници на железничката линија, кои потекнувале од други делови на Кралството СХС. Тие организирале митинг пред Дуд-кафеана барајќи подобрување на условите за работа и поголеми надници. Организаторите биле членови на СРПЈ (Социјалистичка работничка партија на Југославија).[4]



Во време на бугарската фашистичка окупација од 1941 до 1944 година работниците во Гевгелија штрајкувале неколку пати. Така, на пример, во 1941 година се побуниле работниците кои товарале чакал на Сеовска Река, бидејќи работното време им било зголемено од 11 на 12 часа. Во текот на 1942 година штрајк организирале и работниците кои работеле во Бајалцалиевата маза, а организатор бил Ванчо Бајков кој повторно бил отпуштен од работа.



Во истата 1942 година штрајк бил организиран и во Тутуновиот склад, од страна на Јанко Урдинов, Ружа Капсарова и Петар Панов, како и во Филандата од страна на Нада Поп-Ристова и Лена Горова. Работничкото движење во Гевгелија, малубројно и непостојано поради сезонското работење, се покажало немоќно да организира пообемни и поуспешни штрајкови за да се избори за своите права. Сепак, голем број од организаторите на споменатите штрајкови подоцна се вклучиле во народно-ослободителното движење на градот, а некои и во борбените партизански редови.

# ГЛАВА 3.
# ПРИСУСТВО НА ВМРО-АВТОНОМИСТИЧКА ВО ГЕВГЕЛИЈА И АТЕНТАТИТЕ ВО ХОТЕЛ „БАЛКАН“, ДУД КАФЕАНА И ГЕЛЕБЕШЕВАТА КАФЕАНА

Активностите на македонската револуционерна организација не прекинале и по Првата светска војна, кога таа го сменила своето име од Внатрешна Македонско-Одринска Револуционерна Организација во Внатрешна Македонска Револуционерна Организација-Автономистичка. Во 1922 година за Гевгелискиот крај била формирана посебна чета - Гевгелиската автономистичка чета која ја раководел војводата Ѓорги Хаџи-Митров од Гевгелија. Во прво време во четата се јавиле околу 80 лица, но подоцна таа била сведена на дваесетина лица. Причина за тоа била нејзината поголема подвижност и финансиските средства, бидејќи четниците и војводата биле платени лица.






Во Гевгелискиот крај и пошироко Автономистичката гевгелиска чета имала повеќе престрелки со српската војска и џандарите. На 16. септември 1927 година една група од четата поставила пеколна машина во хотелот „Нови Београд" кој целосно изгорел, а на 19. септември истата година група од четата поставила пеколна машина на железничката линија меѓу селата Удово и Миравци при што била уништена железничката линија во должина од неколку метри.

Поради зачестените активности на Гевгелиската автономистичка чета во градот и околијата, во јуни 1927 година во Гевгелија пристигнал Коста Печанец, ги собрал србофилските претставници од градот и формирал „Околиско здружение против бугарските бандити" (македонските комити кои доаѓале од територијата на Бугарија). За претседател на Здружението бил избран гевгеличанецот Илија Т. Иванов(иќ). Во 1938 година, на Видовден, Коста Печанец повторно дошол во Гевгелија за да присуствува на откривањето на спомен-плоча на загинатите србофили во градот во текот на Балканските војни и во Првата светска војна, која подоцна била скриена во црквата „Свети Кирил и Методиј".

Сепак најобемни атентати се извршени во 1931 година на 28. август и на 27. септември 1933 година.

## 3.1. АТЕНТАТОТ ВО ДУД КАФЕАНА

Автономистичката организација, по донесената пресуда за ликвидирање на Паљошев, настојувала пресудата да ја реализира. Прв обид за атентат врз Иван Паљошев бил направен во есента 1922 година кога Паљошев со група свои четници се нашол во кафеаната на Ѓуналијата во Струмица. Фрлената бомба убила некои присутни во кафеаната, меѓу нив и заменикот на војводата - Пеливанов, а Иван Паљошев бил ранет. Српската власт се погрижила да го лекува кај познати државни лекари во Белград и тој бил излекуван и ја продолжил својата контрачетничка дејност.

ВМРО не се откажувала од намерата, па, така пред големиот верски празник „Вознесение на Света Богородица", група атентатори: Иван Марков - Братот, Стефан Каркалашев и еден нивни другар Турчин пристигнале во Гевгелија и чекале погоден момент да го убијат Паљошев. Иван Марков ги ослободил двајцата негови другари да си заминат за Бугарија и тој останал сокриен во фурната на некој Петко, по потекло од Миравци, која се наоѓала во близина на Дуд кафеана. Оваа кафеана во моментот под наем ја држел Марко Ерменлијата, а објектот бил во сопственост на Сеизови и Чаушеви од Гевгелија. На самиот ден на верскиот празник, во вечерните часови, кон кафеаната тргнале неколку видни луѓе од градот, меѓу кои и Паљошев. Пред самиот влез во кафеаната Братот истрелал неколку куршуми од својот револвер при што едно лице ранил, а Паљошев го погодил во устата. Но,



*Дуд кафеана се наоѓала на местото на просторот на денешниот суд и паркот пред судот.

итриот и искусен комита Паљошев веднаш паднал на земјата препраvajќи се дека е убиен, а всушност куршумот му поминал од едната низ другата страна на усната шуплина без да му оштети ниту еден заб.

Братот веднаш се упатил кон „Расадникот“ за да може од тука полесно да се префрли кон падините на Кожуф. Камбаните од двете градски цркви почнале да бијат во знак на тревога, а војска и џандари се растрчале по улиците на градот. На неколку метри од целта, наишол на чуварот на „Расадникот“, некој српски колонист, почнал да го влече за палтото и за ракавите за да дознае што се случило. Тоа го иритирало атентаторот, го извадил револверот и го застрелал. По ова се упатил кон Кожуф Планина и по некој ден со четата заминал за Бугарија. По атентатот во Дуд кафеана, српската власт од градот уапсила и подложила на репресии повеќе лица за кои се сомневала дека ги помагаат комитите.*

## 3.2. АТЕНТАТОТ ВО ГЕЛЕБЕШЕВАТА КАФЕАНА

Атентатот во Гелебешевата кафеана бил извршен на самиот ден на верскиот празник „Крстовден“, 27. септември 1933 година. Гелебешевата кафеана се наоѓала во центарот на градот до самата гевгелиска чаршија и била сопственост на браќата Гелебешеви. На денот на спомнатиот верски празник обично во градот доаѓале луѓе од околните населени места, видни луѓе меѓу кои функционери на власта, воени лица, џандари и други. Секој ден уште во раните утрински часови кафеаната на Гелебешеви ја посетувале повеќе џандари.

Затоа атентаторите К.П. и Б.Л. со цел да извршат атентат врз присутните џандари поставиле пеколна машина до самиот праг на вратата на кафеаната, во една селска торбичка и се оддалечиле бегајќи кон Кожуф. Во меѓувреме кафеаната се испразнила и во неа останале само еден џандар и сопственикот Костадин Гелебешев. Пеколната машина експлодирала, направила голема материјална штета и ги парчосала џандарот и сопственикот на кафеаната. Така замислата да бидат убиени повеќе џандари не се реализирала, а сопственикот на кафеаната трагично загинал.

# ГЛАВА 4.
# ГЕВГЕЛИСКАТА АФЕРА

Српската власт во околијата и во самиот град секоја напредна мисла или револуционерен потфат настојувала да го задуши со најжестоки мерки. При ова корумпираните управници, околиски и полициски началници и нивните помагачи настојувале секој случај да го искористат за да ги уценат жртвите одземајќи им големи суми пари и на крајот сепак ги ликвидирале. Трајко и Теохар Попови биле син и татко, вредни и работливи луѓе од село Ѓавото, Гевгелиско. Трајко бил роден во 1907 година и убиен од српските џандари во 1931 година, а неговиот татко Теохар бил роден во 1875 година и убиен во истата 1931 година.

Трајко Попов бил единец на Теохар и Миропа Попови, најобразуван човек во околијата во тоа време, со завршена гимназија. Уште во време на гимназиските години се судирал со корумпираната окупаторска власт во околијата и пошироко поради што повремено бил апсен од џандарите. Уште од порано, а и во овие прилики тајно соработувал со ВМРО-автономистичка, иако ѝ припаѓал на ВМРО-обединета и на ММТРО (Македонска младинска тајна револуционерна организација).

По враќањето од војска во Штип, не можејќи да го трпи понижувањето и експлоатирањето на својот народ, занесен од делото на солунските атентатори, решил да формира атентаторска група која исклучиво била насочена против луѓето на власта во околијата и пошироко. Во групата влегле тој, Трајко Попов, Илија Димов и Миле Ѓошев, двајцата од Гевгелија. Преку одредени врски набавиле пеколни машини и првата акција им била да го минираат експресниот воз Белград–Атина кога ќе превезува српски воени офицери. При една проба се случила несреќа, пеколната машина експлодирала и на местото го распарчила Миле Ѓошев, додека Илија Димов бил тешко ранет. Трајко Попов извесно време се криел во околината на Ѓавото, но не сакал да оди за Бугарија.

Сепак, потклекнал на убедувањата од народниот пратеник Мито Биширов, кого го пратила власта, а посебно на молбите од родителите да се предаде. Во полицијата започнале неговите пеколни маки, бил жестоко тепан, а началникот Џидиќ го повикал татко му Теохар и побарал да даде извесна сума пари за неговиот син да биде ослободен. Така, од Теохар Попов, кој ги позајмил парите за да го ослободи синот, изнудил 12.000 динари, но наскоро и двајцата биле убиени во затворот во Гевгелија. Ноќта на 18. декември1931 година телата биле однесени и фрлени во една активна варница во близина на село Горничет.



## 4.2. АФЕРА „БРАЌА КАПСАРОВИ“

Меѓу двете светски војни во градот Гевгелија како најпрогресивни луѓе кои покажувале отпор спрема српската окупаторска власт биле браќата Капсарови. Браќата Илија, Ристо и Аргир Капсарови биле занаетчии и средно имотни луѓе, но и со извесно образование доволно за тоа време. Како противници на власта тие секогаш биле под постојано набљудување и при најмал инцидент биле затворани, честопати и жестоко тепани. Но, браќата Капсарови не се помириле и продолжиле со отпорот спрема власта и нејзино негирање.

За да ги уништи овие луѓе, полицискиот началник Цидиќ подготвил сценарио, при што ги обвинил дека се терористи и дека се готват да подметнат пеколна машина на железничкиот мост на Сеовска Река. На 8. декември 1932 година, додека Илија Роснов од Гевгелија собирал старо железо во близина на железничкиот мост на Сеовска Река, бил фатен од цандарите и затворен. Иследниците го терале да посведочи дека тој бил пратен од браќата Капсарови да извиди каде може да се постави пеколна машина за минирање на мостот. По жестокото тепање, измачување и малтретирање, Роснов попуштил и го потпишал бараното признание.

На 9. декември 1932 година браќата Капсарови биле затворени, а наредните два дена власта спровела масовни апсења во градот. Началникот Цидиќ наредил претрес на сите куќи на уапсените, при што во куќата на Мито Дерменџиев била најдена книгата „Малограѓани“ од Чернишевски. Цидиќ барал од Дерменџиев да сведочи дека книгата му ја дал Илија Капсаров, но овој не попуштил. Во јануари 1933 година во затворот пристигнал човек од Лигата на народите и под негов притисок сите уапсени биле пуштени од затвор, но на повеќето од нив Цидиќ им изнудил по неколку златници. За ова Петар Мамков му напишал писмо на банот Жика Лазиќ кој решил да спроведе анкета дали навистина така се работи во Гевгелиската управа. По спроведената анкета Цидиќ бил суспендиран, а по откриената корупција бил уапсен, но откако било разоткриено дека во корупцијата се замешани и повидни личности од Цидиќ, тој бил ликвидиран за да се прикријат останатите.

# ГЛАВА 5.
# ПОЈАВА И РАЗВОЈ НА КОМУНИСТИЧКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

Во месец август 1919 година напредни гевгеличани и лица од други краеви на Кралството кои работеле на железничката линија одржале митинг пред Дуд кафеана при што во своите говори побарале подобри права за работниците, скратување на работното време и др. Наскоро потоа, на 8. октомври 1919 година било одржано основачко собрание на месната организација на СРПЈ, која делувала легално до 1921 година. Имено, по парламентарните избори од 1920 година, кога комунистите добиле 55 пратенички места, во декември 1920 година власта ја забранила СРПЈ со закон наречен „Обзнана“. Партијата преминала во илегала и во 1923 година СРПЈ била обновена под ново име НРПЈ (Независна работничка партија на Југославија). Членовите на НРПЈ (комунисти) добивале разна револуционерна литература и постепено се филтрирале во сите производни организации во градот, во месните установи и друштва, во средношколската младина, во Женското занаетчиско училиште, во фудбалското друштво „Кожуф“, во воздржителното друштво „Просвета“ (во кое постоеле драмска, музичка и спортска секција), а подоцна, од 1925 година и во пејачкото друштво „Крал Петар“.

Од драмските текстови биле подготвувани „Сомнително лице“ од Бранислав Нушиќ, „Јазовец пред суд“ од Петар Кочиќ и други. Во изведбите учествувале и женски лица, Елена Стојчева - сопруга на Теохар Стојчев, Надежда Чурлинова и други. Со тек на времето во НРПЈ во градот се појавиле две фракции што довело до неслога и деактивирање на членството. Така од 1925 до 1935 година работата на месната партија НРПЈ во градот Гевгелија сосема згаснала. Извесни активности до 1927 година покажувал Теохар Стојчев, но по неговата смрт сè замрело. За ваквиот исход на работата на партијата во градот свое влијание имал и притисокот од власта предизвикан пред сè од присуството на комитските „Тројки“ што ги праќал Иван Михајлов во Вардарскиот дел на Македонија. Повидните членови во градот се разбегале во други делови на Кралството, а некои заминале во Бугарија. Во градот останал во својата трафика Мито Дерменџиев -Слепиот и околу него почнале да се собираат помлади симпатизери на партијата, но по Шестојануарската диктатура од 1929 година и овие членови морале да се илегализираат или да заминат во други места на Кралството Југославија.

## 5.1. ОБНОВА НА КПЈ ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА ВО 1936 ГОДИНА

Во есента 1934 година во Гевгелија пристигнало семејството Пешеви од Куманово. Никола Пешев отворил мелница за мелење на морска сол, а неговиот син Панче Пешев, кој бил член на КПЈ, почнал да бара свои истомисленици. Притоа, тој се сретнал со Ристо Бајалски, Мито Дерменџиев, Ристо Трајков, Ристо Бутров и други. Преку Панче Пешев, Бајалски почнал да контактира со велешката партиска организација, се запознал со Киро Петров - Попадиче, од кого бил примен за член на КПЈ и добил задача да работи на примање нови членови на КПЈ во Гевгелија. Во јуни 1936 година бил обновен Месниот комитет на КПЈ за градот Гевгелија и избрани - Ристо Бајалски за секретар и за членови Ристо Трајков, Ристо Бутров, Петар Јанчев, Глигор Глигоров, Илија Карајанов и други. На состанокот од оправдани причини не можел да присуствува Мито Дерменџиев.

Поради успешното делување на партијата во градот, власта била во будна состојба и настојувала да ги открие членовите на партијата. Во јуни 1937 година во градот пристигнала четата на Коста Печанец со цел да ги заплаши напредните гевгеличани и да формира месно здружение против бугарските бандити.

Во април 1937 година при неуспешниот обид да замине за Шпанија, Ристо Бајалски бил уапсен и по извесно време бил испратен да го отслужи воениот рок во Загреб. Во негово отсуство и по неколкуте апсења на другите членови, активноста на партиската организација повторно била во мирување.

Во 1939 година партиската организација развила посебна активност со младинците од градот и во почетокот на 1940 година бил формиран месен комитет на СКОЈ (Сојуз на комунистичката младина на Југославија) за градот Гевгелија. Од овој момент скоевската организација во градот развила голема активност, опфатила големо членство и од нивните редови подоцна ќе излезат првите доброволци-партизани од градот.

Под влијание на скоевската организација била формирана и организацијата ЗОЈ (Здружена младина на Југославија), чиј претседател бил студентот Томе Ортаков, која постоела само пет месеци, но покажала големи успеси на полето на културно-просветниот и забавниот живот во градот. Во октомври 1940 година повторно бил уапсен Ристо Бајалски и во затвор останал до април 1941 година. Останатите членови на партијата, како и скоевци и напредни младинци честопати биле повикувани на информативни разговори од полицискиот писар Бисениќ. Притоа, биле уапсени Алеко Ќаев, Мито Дерменџиев, Петар Мусев и други. Поради овие апсења месниот комитет на КПЈ од ноември 1940 година до 6. април 1941 година не функционирал.



# ГЛАВА 6.
# АПРИЛСКАТА ВОЈНА И ПАДОТ НА СРПСКАТА ВЛАСТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

На 10. април 1941 година Бајалски се вратил од затворот од Прилеп, го консолидирал месниот комитет на партијата и започнале подготовки за вооружена борба против фашистите во градот и околијата. Во првите денови на април Германците навлегле во Вардарска Македонија од територијата на Бугарија. Делови од II оклопна дивизија го запоседнале мостот кај село Удово и тука ја оставила корпусната резерва „Шранк“ да го чува.

Вториот моторизиран баталјон од дивизијата продолжил по десната страна на Вардар и влегле во Гевгелија. Со овој баталјон одела и една инжинериска единица која имала задача да го поправи урнатиот мост кај Гевгелија. При влегувањето на германската војска граничните српски единици во паника се повлекле кон Тиквешијата, а само една чета, повлекувајќи се од Богданци кон Гевгелија, се судрила со германските борбени коли кај Понов Мост, северно од Богородица. Во престрелката бил убиен еден германски војник, а четата се повлекла кон Гевгелија, минирајќи го железниот мост.

Со наредба на Третиот рајх, територијата на поголемиот дел од Македонија ѝ бил отстапен на Бугарија. Околу 14. април во Гевгелија пристигнал 14. бугарски полк, заедно со поголем број пропагатори, кои што имале задача да го „наговестат“ ослободувањето на браќата од српското ропство.



ДЕЛ ДЕВЕТИ

# ГЕВГЕЛИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И ФАШИСТИЧКАТА ОКУПАЦИЈА НА ГРАДОТ



На 26. април 1941 година 26. бугарски полк пристигнал во Гевгелија на местото на повлечениот 14. полк и ги запоседнал граничните сектори формирајќи го 15. граничен отсек, на чело со мајор Стојчев. Од 6. до 26. април 1941 година настапил извесен период на безвластие, при што месни првенци на градот формирале времена власт во која влегле Тодор Делимитов како привремен кмет, Алфред Христов како секретар, Петар Менко, како благајник, Божидар Сарашков како писар и членовите Тодор Мандалов и Јанко Чолков, а за обезбедување на градот била формирана градска милиција од 12 лица. Со пристигнување на војската била воспоставена воена команда.

# ГЛАВА 1. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА БУГАРСКА АДМИНИСТРАТИВНА ВЛАСТ ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА ( 1941–1944 )

Со бугарската окупација на Вардарскиот дел на Македонија, територијата била поделена на две административни области - Скопска и Битолска. До 9. август 1941 година Гевгелискиот регион влегувал во состав на Битолската административна област, а по таа дата влегува во состав на Скопската административна област.

Гевгелискиот крај заедно со Дојран и Валандово ја сочинувал Гевгелиска околија со центар Гевгелија. Во годините од 1941 до 1944 со околијата управувале неколку околиски началници од кои повеќето имале бугарско потекло. На 29. мај 1941 година заедно со околиската власт, во Гевгелија била формирана и градската цивилна општинска власт. На 29. мај 1941 година од страна на Бугарскиот централен комитет за Македонија бил формиран совет во поширок состав, кој имал задача да конституира Собрание на град Гевгелија. За претседател на комитетот во Гевгелија бил избран д-р Димитар Мицев, за потпретседател А. Хаџинаков, за секретар Тодор Мандалов, за потсекретар Христо Пакетчиев, а за благајник Васил Хаџикаркалашев.[1]

Покрај градската Гевгелиска општина во околијата постоеле уште неколку селски општини. До почетокот на 1944 година постоеле четири селски општини: Богданска, Стојаковска, Миравска и Конска, а од почетокот на 1944 година била формирана уште една селска општина - Негорската. До 1944 година Гевгелиската градска општина опфаќала повеќе населби, а од 1944 останала само со градот Гевгелија и населбите Мрзенци и Моин. Од 8. мај 1941 година до крајот на бугарската власт во градот кметувале неколку кметови, повеќето од Бугарија: Никола Бошнаков, Иван Манолев, Благој Дубровски и гевгеличанецот Иван Шопов.

Во декември 1941 година Гевгелиската градска општина имала 6.766 жители. На 22. август 1942 година општината имала 7.791 жител. Од вкупниот број домаќинства, 700 домаќинства живееле од земјоделие, додека останатите живееле од занаетчиство и од работнички надници. Во тоа време во Општината покрај 7.212 жители Македонци живееле и 243 Власи, околу 150 Цигани, 98 Срби, 15 Грци, 18 Арнаути, 14 Евреи и 41 други.

Покрај присуство на бугарска војска во градот била сместена и полициска станица со потстаници во Богданци, Миравци и Конско. Од 1941 до 1944 година полицијата во градот ја претставувале Продан Хаџиев, Саво Иван Савов и други. Првата задача на околиската и градската општинска власт била да ги провери месните жители дали



се лојални на власта, дали се мирни и послушни граѓани, дали се бунтуваат против власта, дали се комунисти итн. За таквите сознанија областната управа ги користела и досиејата оставени од српскиот управник на полицијата Марко Батриќевиќ, во кои имало 1.200 до 1.300 досиеја за комунисти и напредни луѓе од Македонија.

Новата власт не покажувала доверба во месните жители од градот и за да ги превоспитува луѓето довела свои пропагатори да држат предавања преку кои жителите национално ќе се осознаат. Исто така, имало и известителна служба која ќе го прати расположението на граѓаните



## 1.1. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА БУГАРСКА ПРОСВЕТА ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

Со наредба на Министерството за просвета на царството Бугарија бр.1309 од 6. мај 1941 година, во Гевгелија пристигнал Никола В'лчев да организира настава на бугарски јазик и да организира курсеви по бугарски јазик, историја, географија и друго за затекнатите домородни учители. До тој момент основното четиригодишно училиште делуво како прогимназијално училиште, со отпочнување на првиот прогимназијален клас (денешното петто одделеније). За наставата во гевгелиското основно и прогимназијално училиште биле испратени учители од Бугарија. Според зацртаната програма за работа тие посебен акцент им давале на „мајчиниот-бугарски јазик", на предметите историја, географија и други. При ова делови од македонската историја биле присвојувани како бугарски.

Освен на образовниот момент, учителите придавале големо внимание на воспитувањето на децата во бугарски дух. Тоа го реализирале преку посети на воени гробишта на загинатите бугарски војници, на библиотеки, музеи и друго. За поголемите деца биле организирани културно-просветни и религиозни друштва, како и некои фашистички друштва во коишто требало децата да се чуствуваат родољуби и патриоти кон мајка Бугарија. Такви биле организациите „Браник", „Легионери", за женските деца постоеле женските друштва „Мара Бунева", „Царица Јоана" и други. Дури и забавниот живот власта настојувала да го искористи за разни поуки и пропаганда, така што пред секоја игранка морало да се прочита еден вид реферат „скаски" во кои требало да се велича ослободителната мисија на бугарската војска во Македонија и пошироко.

Во првата половина на јуни 1941 година бугарската власт во Гевгелија решила да отвори читалиште. На основачкото собрание дошле видни функционери од градот и некои пропагатори (околискиот началник Драгомиров, пропагаторот Димитар Ѓузелов, по потекло од Дојран и други). На собранието дошле и над 200 младинци од градот кои сакале да дознаат каква е целта на власта, која имала намера во читалиштето да постават свои лојални луѓе и да му дадат име на читалиштето „Отец Паисиј". Прогресивните младинци од градот, со поддршка од месниот комитет на КПЈ, успеале да постават свои луѓе во читалиштето и да му дадат име „Пеју Јаворов" (голем пријател на македонскиот народ). Читалиштето одиграло голема просветна улога благодарение на тоа што во неговата управа биле напредни луѓе.





## 1.2.ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВЕРСКИ ЖИВОТ ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА

Уште со пристигнување на бугарската војска во Гевгелија бил организиран верскиот живот. Било обновено Гевгелиско-Дојранското архиерејско намесништво, како дел од Струмичко-Драмската епархија. Намесништвото со седиште во Гевгелија ги опфаќало парохиите во Гевгелискиот, Дојранскиот и Валандовскиот регион. За архиерејски намесник бил избран поп Илија Мукаетов од село Ваташа, Кавадаречко, кој бил архиерејски намесник и порано. Во градот Гевгелија не биле направени измени, што значи и натаму постоеле две парохии: прва парохија со црквата „Свети Спас“ и втора парохија со црквата „Свети Кирил и Методиј“. Во почетокот на 1944 година била оформена и Негорска парохија со седиште во село Негорци, која ги опфаќала црквите во Негорци, Прдејци, Кованец и Серменин.



Гевгелиските свештеници, дојдени од Бугарија, не покажале некои пропагаторски влијанија. Повисоки органи од власта сакале да ги искористат богослужбите и присуството на верниците и им праќале разни говорници - цивилни и воени лица коишто држеле предавања во кои била глорифицирана моќта на бугарската држава и „ослободителната мисија“ на бугарската војска. Очекувањата од мисијата на бугарската Егзархија во Македонија не се обистила, не само поради краткото делување, туку и поради присутната свест кај населението дека Егзархијата е туѓинска црква и дека таа работи за интересите на бугарската држава.

# ГЛАВА 2.
# ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВООРУЖЕН ОТПОР НА ГЕВГЕЛИЧАНИ ПРОТИВ ОКУПАТОРИТЕ

Уште во 1941 година во Вардарскиот дел на Македонија на повик од КПЈ била прифатена идејата за вооружена борба. Во Гевгелија, на 10. април 1941 година, по враќањето на секретарот на МК на КПЈ Ристо Бајалски од затвор, започнала мобилизацијата на партиското членство. Во месец декември, истата година, во состав на Месниот комитет била формирана воена комисија со задача да собира оружје, да увежбува младинци и да подготвува диверзантски активности.[2]

Во месец февруари 1942 година комисијата прераснала во воен штаб при Месниот комитет, во кој влегле: Андон Ќурчиев, Ристо Бутров, Љубен Пецанов, Томе Катарџиев и други. Со овие активности на Месниот комитет на КПЈ во градот се сметало дека е дојдено време да се организираат и првите партизани во градот и околијата. За таа цел била воспоставена врска со населбите во кои партијата имала поголеми активности (Богданци, Конско, Серменин и Негорци). Во есента 1942 година Месниот комитет на КПЈ ги забрзал подготовките за организирање на партизани.

Власта во градот, предупредена од своите повисоки органи во Софија, знаела дека во пролетта на 1943 година ќе се појават партизани и во Гевгелиско. Затоа им било наложено да преземат строги мерки против таквите лица. Партиската организација од градот насетила дека ќе следат апсења и донела одлука компромитираните лица да се подготват за излегување во планината. На 26. април 1943 година во Кожуф Планина се нашле првите доброволци-партизани од градот и околијата, а од Гевгелија биле: Ристо Бајалски, Димитар Григоров Зафиров, Димитар Кирилов Брзилов, Петар Христов Балабуров, Михаил Христов Делев, Василка Танова Дуганова, Јанко Милтијадев Инов (Урдинов), Надежда Васил Христова, Александар Мицев Ќаев, Марика Мицева Ќаева, Деко Андонов Ковачев, Васил Христов Карајанов, Христо Василев Поп-Ристов, Илија Танев Миов и Иван Христов Бајков.[3] Оваа група од 15 борци пристигнала во три групи, на 26. април, на 30. април и на 3. мај заедно со борци од околните места.





# ГЛАВА 3.
# ФОРМИРАЊЕ НА ОДРЕДОТ „САВА МИХАЈЛОВ“

За партизанска база на Кожуф било избрано тајно место, недостапно за луѓе кои не ја познаваат планината. Тука бил формиран партизанскиот логор во близина на месноста „Полјаната“. Во првите десетина денови логорот на гевгелиските доброволци-партизани неколку пати го посетил комесарот на Третата оперативна зона Димка Анѓелов-Габерот и Јован Радњански-Планински. На 10. мај 1943 година во нивно присуство бил формиран првиот гевгелиски партизански одред на кого му било дадено име „Сава Михајлов“, по името на славниот гевгелиски илинденски војвода и учител Сава Михаљов од Мачуково (1877–1905).



Раководството на одредот го сочинувале: Васо Карајанов - времен командант, Ристо Бајалски - комесар и Илија Миов - интендант. При самото формирање борците добиле и свои псевдоними земени од имињата на нашите илинденски војводи и комити. По излегувањето на првите партизани од градот во април и мај 1943 година, подолго време немало доброволци од градот. На 22. мај 1943 година дошло до фузирање на гевгелискиот одред „Сава Михајлов“ со тиквешкиот одред „Добри Даскалов“. Од овој момент борбените активности ги воделе двата одреда неразделно, сѐ додека не прераснале во поголеми воени формации.



Во септември 1943 година на партизанската војска ѝ се приклучиле Ристо Паскалиев, Панде Дуганов, Коста Стафидов и неговите две деца Ѓорге Стафидов и Митко Стафидов. На 20. април 1944 година од градот излегла поголема група партизани: Јанко Шопов, Јово Камберов, Момчило Митров, Пенчо Наков, Стојан Маркудов, Владо Кантарџиев, Димитар Јанев-Цуцин, Тања Бикова, Марика Доскова, Лена Ковачева, Ванчо Ѓоров, Бранко Ичоќаев и Ѓорге Ортаков.

На 2. август 1944 година во партизани излегле Ѓорги Вацев, Ташка Хаџи-Митрова, Тинка Џундева, Станка Брзилова и Ристо Сулев. На 20. август 1944 година во партизани заминале 15 младинци: Андон Тасев, Ѓорги Брзилов, Митко Алексов, Никола Чонев, Илија Аризанов, Ѓорги Биков, Блажо Аризанов, Ристо Ќаев, Ѓорги Шарков, Лазар Ташев, Драги Зафиров, Кочо Ристов, Ванчи Н. Апостолов, Ѓорге Ангов и Васо од Струмица. На 24. август 1944 година партизани станале Петар Панов, Ангел Поп-Ристов, Ѓорги Баравцалиев, Ристо Крушков и Борис Давалиев.

На 25. август 1944 година партизани станале: Ванчо Дучков, Јордан Балабуров, Доне Аризанов, Тане Камберов, Савка Коцирова, Дара Велкова, Јованка Стоева, Марика Смилкова, Марика Алчинова, Радуле Костов, Димка Аврамчев, Вано Вацев, Никола Јанчев, Андреа Чонев и Ѓорги Бајрактаров.

Ова покажува дека градот Гевгелија дал голем број борци во партизанските редови, а уште поголем бил бројот на позадинските активисти. Тие биле вклучени во разните конспиративни органи на народната власт, народно-ослободителниот одбор, народно-ослободителниот фронт, народно-ослободителниот одбор на жените (АФЖ), во скоевската организација, во младинската организација и други.

На 24. септември 1943 година двата одреда „Сава Михајлов" и „Добри Даскалов" и битолскиот одред „Гоце Делчев" формирале на Кајмакчалан баталјон под име „Страшо Пинџур". По нападот на баталјонот „Страшо Пинџур" на рудникот „Дудица" кај селото Тушин, кон партизаните се приклучиле голем број работници-рудари и од нив бил формиран, на 3. ноември 1943 година, Вториот баталјон наречен „Рударски". Додека, пак, во нападот на баталјонот „Страшо Пинџур" на подучастокот во Конско, на 15. декември 1943 година биле заробени повеќе бугарски војници, а исто така биле заробени и војници од блиските караули. Од нив на 18. декември 1943 година бил формиран бугарскиот баталјон „Христо Ботев" којшто се борел во корист на македонската народно-ослободителна борба. Командант на овој баталјон бил придобиениот командант на подучастокот во Конско, потпоручникот Дичо Петров.

На 26. декември 1943 година бил извршен вториот напад на подучастокот во Конско, сега сместен во училиштето. Овој напад не бил успешен, бидејќи заедно со војниците како заложници биле земени жени, деца и старци од селото, така што ударната сила на борците од Вториот баталјон („Рударски") не можела да се изврши во потполна мерка за да не страдаат заложниците.

# ГЛАВА 4.
# МЕРКИ НА ОКУПАТОРСКАТА ВЛАСТ

По појавата на партизаните на Кожуф власта најпрво презела предупредувачки мерки до населението и до граѓаните на Гевгелија да ги контролираат своите деца за да не излегуваат во шумата. Некои родители дури биле присилени да одат на Кожуф Планина и да ги довикуваат своите деца да се вратат дома. Откако тоа не дало резултати власта презела мерки за контролирало движење на луѓето, полициски час, а за патување во околните населени места требало да се извади потврда (открит лист).

Кон крајот на јуни 1943 година била формирана и Гевгелиската контрачета, на чело со поранешниот гевгелиски автономистички војвода Ѓорги Хаџи-Митров. Тој успеал да убеди една поголема група контрачетници и формирал контрачета. Во прво време се пријавиле околу 60 лица, но од нив активно учествувале околу 20.

За одбрана на градот власта формирала т.н. „бојни јадра", група наоружани луѓе кои би требало да го бранат









населеното место ако во него влезат партизаните. Во Гевгелиската градска општина за таа цел биле мобилизирани 22 лица, но тие не се јавиле на повикот, а оружјето останало во магацинот. Власта презела и други додатни безбедносни мерки, го зголемила бројот на полицајците, а отворила и две нови потстаници, една во Серменин и друга во Ума. Во тоа време во околијата имало 63 полицајци од кои во градот Гевгелија 31 полицаец.

Како резултат на полициските истраги и нивните агенти во градот Гевгелија на 9. јануари 1944 година се случил продор во Организацијата. Притоа, биле уапсени голем број активисти од градот, а на 17. март 1944 година воениот суд одржал јавно судење во Гевгелија. Овој суд изрекол повеќегодишни казни и голем број интернации во Бугарија - од околијата биле интернирани 165 лица, од кои од градот Гевгелија 69 лица.

Сепак, и покрај преземените мерки, во средината на 1944 година, во Гевгелискиот регион започнало масовно разгорување на востанието. На 28. мај 1944 година бил формиран Вториот гевгелиски одред, којшто дејствувал во Гевгелиско-Валандовскиот крај и пошироко. Овој одред на 7. ноември 1944 година триумфално влегол во градот Гевгелија со параден марш низ улицата, а градот бил прогласен за слободен.

# ГЛАВА 5.
# ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ГЕВГЕЛИЈА И ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА НАРОДНА ВЛАСТ

До капитулацијата на Бугарија на 9. септември 1944 година одредот оперирал на целата Гевгелиско-Валандовска територија и пошироко и ја имал иницијативата во свои раце. На 28. август 1944 година германските единици присутни во Гевгелија го презеле обезбедувањето на железничката линија со цел да си обезбедат посигурно повлекување на север.



На 6. ноември конечно се повлекле Германците од Гевгелиско и со специјално возило ја разориле железничката пруга Гевгелија–Демир Капија.

На 7. ноември градот Гевгелија бил ослободен и започнал нов период во животот на гевгеличани во слобода и слободен развој.








Together
МЕСАРНИЦА
SOHE



ДЕЛ ДЕСЕТИ

# ГЕВГЕЛИЈА ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА



# ГЛАВА 1.
# АДМИНИСТРАТИВНО-ЦЕНТРАЛИСТИЧКО И СОЦИЈАЛИСТИЧКО УПРАВУВАЊЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во март 1945 година биле одржани избори за месни народни одбори во Гевгелија, која по НОВ била седиште на Гевгелиската околија, во чиј состав влегувале општи-ните Гевгелија, Негорци, Миравци, Богданци, Стојаково, Валандово, Удово и Дојран. Административно-централистичкиот период на управување бил сведен на обезбедување храна за населението, памук за текстилните фабрики, месо за војската и др. Ваквиот начин на управување луѓето го чувствувале како своевиден притисок, поради што некои млади бегале преку границата.



На 23. април 1964 година е формирана првата месна заедница „Нов Дом" во Гевгелија и, практично, од овој момент започнува развојот на месните заедници во Гевгелија и општината. Гевгелија како една месна заедница функционира до 1982 година кога со реорганизација на месната заедница „Нов Дом" настанале пет месни заедници. Во 1965 година, согласно новата територијална поделба во државата, гевгелиската општина територијално се проширила на вкупно 26 населби кои се простирале по долината на Гевгелиската Котлина. Така, во нејзиниот состав влегле поранешните општински подрачја: Гевгелија, Негорци, Миравци, Богданци и Нов Дојран.

Општина Гевгелија била организирана и дејствувала преку самоуправување на работните луѓе и месните






H-1707

заедници и преку дејствување на општествено-политички заедници. Собранието на општина Гевгелија бил орган на општественото самоуправување и највисок орган на власта, кое во рамките на своите права и должности избирал свој Извршен совет. Негова основна функција била спроведување и извршување на законите, прописите и другите општи акти на повисоките органи на власта во Републиката и Федерацијата. Активностите, пак, на месните заедници биле насочувани и координирани од Општински одбор на месните заедници, кој бил конституиран на 3. април 1973 година.

По ослободувањето една од формите за развој на општина Гевгелија претставувало издвојувањето на средства од граѓаните преку месен самопридонес. Првиот месен самопридонес е воведен во 1963 година и оттогаш, па сè до распадот на СФРЈ постојано се обновувал, а собраните средства биле наменети за реализација на оддел-ни проекти од интерес на граѓаните. На 27. декември 1963 година се донесени првите одлуки за воведување на месен самопридонес во Гевгелија и селските населби: Ново Конско, Моин, Мрзенци, Негорци, Серменин, Ованец, Прдејци, Смоквица, Миравци, Давидово, Петрово и Габрово.







Првите десет години самопридонесите се воведувале со одлука на Собранието на општина Гевгелија, а од 1974 година за самопридонесот се изјаснувале сите граѓани во месните заедници, по пат на референдум.

На 29. декември 1975 година граѓаните од Гевгелија излегле на референдум и го дале својот глас за нов самопридонес, а решеноста да се промени изгледот на населбата, со сопствени средства, била присутна во сите населени места. По 1972 година, покрај издвоените средства за самопридонес, се предвидувало и организирање на работни акции на граѓаните за изградба на канализациони или водоводни мрежи, уредување на улици или, пак, изградба на домовите на културата.

Само во месните заедници во Гевгелија преку месниот самопридонес до 1984 година биле собрани вкупно 134.000.000 динари, кои биле наменети за изградба на значајни објекти во градот. Со овие средства во Гевгелија биле изградени 47.000 м водоводна мрежа, уредени повеќе улици, подигнати детски градинки и нова училишна зграда, како и многу други зафати за потребите на граѓаните.













# ГЛАВА 2.
# МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ГЕВГЕЛИЈА И ГЕВГЕЛИСКО (1963–1985)

Во сите 30 месни заедници во гевгелиска општина првите активности биле насочени кон разрешување на водоснабдувањето, како основен предуслов за подобрување на условите за живот во населбите. Од вкупниот број населби во општина Гевгелија, 70% овој проблем го решиле преку изградба на локални водоводи, додека другите водата ја добивале од бунари и природни извори. Современиот водовод во многу населени места ги заменил старите бунари и чешми од каде што населението, речиси до 70-тите години на XX век пиеле вода.

Во 1983 година целосно е разрешен проблемот со водоснабдувањето во петте месни заедници во Гевгелија, со изградбата на новиот водоснабдителен систем, кој располагал со 6 бунари, 5 пумпни станици и 1.000 $м^3$ резервоар. Водоводната мрежа изнесувала 47.331 м, а само главните водоводни линии се протегале на 9.000 м. За реализација на овој зафат 75% од финансиските средства биле обезбедени од месниот самопридонес на гевгеличани после 1974 година. Другите потребни финансиски средства ги обезбедиле Собранието на Општината и Републичкиот завод за здравство и здравствена заштита.

Вкупната должина на патната мрежа во општина Гевгелија изнесувала 237 км, од кои 42 % биле магистрални и регионални патишта, а 58 % од вкупната патна мрежа биле локални патишта. Во зависност од коловозната конструкција, патната мрежа, главно, била покриена со асфалтна покривка. Имено, 149 км патишта биле покриени со асфалт, 31 км биле макадамски, а 55 км биле со земјина подлога, додека 2 км биле покриени со коцка. Само гевгелиските улици зафаќале 99.568 $м^2$, а тротоарите 6.392 $м^2$, која површина ги покривала сите делови на петте месни заедници.

Првата асфалтирана улица во Гевгелија била улицата „Борис Кидриќ", асфалтирана во 1960 година, а една година подоцна била асфалтирана улицата „7 Ноември". За целосно асфалтирање и обнова на улиците во Гевгелија до 1984 година биле потрошени 100.000.000 тогашни југословенски динари. Модернизацијата на електричната мрежа на Гевгелија и околните населени места била, исто така, приоритетна. Програмата за електрификација целосно била реализирана уште во 1982 година, со дистрибуција на електрична струја до селските населби Конско, Куртамзали и Дурутли. Ваквите зафати претстоеле и во Габрово, Петрово, Милетково и Селемлија.












2-06
IV
RIC



# ГЛАВА 3.
# СТОПАНСТВОТО ВО ГЕВГЕЛИЈА ЗА ВРЕМЕ НА СФРЈ

По ослободувањето носители на стопанскиот развој во Гевгелија биле Државниот монопол, Фабриката за свилен конец, Пиперната, Соланата и овоштарскиот и шумарскиот расадник, во кои работеле 283 работници.[1]

Со решение на Околискиот народен одбор на Гевгелија, од 25. август 1952 година, е формиран Земјоделско-индустрискиот комбинат „Винојуг"[2] кој се занимавал со преработка на откупеното грозје од земјоделските производители. Првите лозови насади во „Винојуг" се подигнати во 1954 година, во месностите „Владаја", „Асанли", „Прдејци" и „Селемли". Од 1954 до 1960 година се подигнати 307 хектари, а во периодот од 1960 до 1970 година во ЗИК „Винојуг" се подигнати уште 216 хектари со плантажни лозови насади, со гроздоберен рекорд од 7.430 тони грозје во 1970 година. По 1970 година се подигнати уште 300 хектари со лозје во месноста „Авлаќ", „Калајџиев брест" и „Горничет".

Овој комбинат во периодот од 1970 до 1975 година е проширен со изградба на разладен простор за складирање на 3.000 тони, а од 1957 до 1975 година винарската визба располагала со 554 вагони. Во 1975 година инсталирана е и линија за полнење на шишиња со вино, мастика и други алкохолни и безалкохолни пијалаци. Во 1976 година пуштен е во употреба новиот ладилник со капацитет од 6.000 тони, така што со вкупно расположивите 9.000 тони претставувал најголем ладилник во Републиката. Во 1977 година никнуваат првите стаклени бавчи под кои се одгледуваат домати и краставици, а засадени се и првите стотини хектари со овошки.



Од декември 1979 година во рамките на ЗИК „Винојуг" работи и фабриката за конзервирање на зеленчук и овошје „Зора", која била пуштена во погон на 2. декември 1956 година. Во нејзин состав од 1964 година била и фабриката за мелен црвен пипер која била основана уште во 1949 година. Фабриката „Зора" произведувала 6.700 тони конзервиран зеленчук и слатко и 2.500 тони овошни сокови. До 1990 година комбинатот располага со 5.040 хектари обработливо земјиште, од кои 886 хектари лозје, 226 хектари овошни насади, 1.426 ораници и бавчи и други ливади и пасишта. Во ЗИК „Винојуг" имало 2.380 вработени, од кои 95 со факултетска диплома, а 60 со више образование.

На 1. јануари 1954 година се формира АД претпријатие за внатрешна и надворешна трговија на големо и мало „Солун", кон кое на 20. јануари 1976 година се припојува трговско-угостителското претпријатие „Кожув" од Гевгелија, а кон кое подоцна се приклучуваат ООЗТ за трговија при ЗИК „Винојуг" и единицата за трговија на ЗИК „Зора". Основна дејност на АД „Солун" било да врши промет на прехранбена, колонијална, текстилна стока, алкохолни и безалкохолни пијалаци, индустриски, железарски производи и електрични материјали, градежни материјали, апарати и уреди за домаќинство, како и откуп и продажба на селскостопански производи. Во пекарата на ова претпријатие дневно се произведувале од 80.000 до 100.000 кг леб и бели печива, а преку кланиците се вршело и снабдување со месо. Ова претпријатие развило и меѓугранична стопанска соработка со Р Грција преку бесцаринска погранична фри-шопска дејност.

Во 1968 година во Гевгелија е отворена првата стоковна куќа „Скопје" во Гевгелија, каде што до 1990 година биле вработени околу 80 луѓе. На 1. парил 1965 година започнала со работа конфекциската фабрика „Елегант", каде што се произведувала машка, женска и детска облека. На самиот почеток работеле 32 работника, а до 1990 година бројот на вработени се искачил на околу 2.000 луѓе, кои годишно произведувале 3.000.000 парчиња кошули, 300.000 парчиња постелнина и 6.000.000 парчиња лесна долна трикотажа. Најголем дел од производството се извезувал за странство.

Во 1965 година, во тукушто формираната ООЗТ „Алатница" започнала со работа фабриката „Електронка" со 94 вработени, како дел од „ЕИ – Ниш". Во Гевгелија се отворила и ООЗТ „ВФ Керамика" или фабрика за еднослојни и повеќеслојни кондензатори, сребрена паста, пиезо-керамика и разни керамички материјали за кондензатори. Најголем успех на ООЗТ „ВФ Керамика" бил извозот на кондензатори за холандиската фирма „Филипс" и јапонската фирма „Мурата" од Кјото.







Оваа фабрика до 80-тите години броела околу 400 вработени.

Во 1977 година се формирало оранжериско производство на цвеќе „Цвет", каде близу стотина вработени биле ангажирани за производство на каранфил, гербери, стрелиција, орхидеи и садници од каранфил кои биле извезувани на пазарите во Грција и Холандија. Во областа на градежништвото во Гевгелија во 1953 година била пуштена во употреба градежната организација „Пелагонија" која подоцна прераснала во ООЗТ „II градилиште Гевгелија" со 400 вработени. Градежно-занаетчиските услуги вршела занаетчиската градежна организација „Обнова", основана на 1. јуни 1966 година.

Покрај овие стопанско-индустриски капацитети во Гевгелија, на 17. октомври 1957 година била формирана транспортната организација „Вардар", подоцна „Трансбалкан" каде што до 1990 година биле вработени околу 1.500 луѓе. Главна дејност на ова претпријатие, кое располагало со околу 600 товарни возила со поединечна носивост од 26 тони, бил транспортот на стоки и патници. Покрај тоа располагало со модерна механичка работилница за одржување на своите возила, две бензински пумпи за свои потреби, повеќе патнички автобуси и паркинг-плац, заедно со магацински простор на влезот од Гевгелија.



Заклучно со 1980 година на подрачјето на општина, подигнати се 2.000 хектари лозови насади, над 350 хектари овошни градини, изградени се топли оранжериии на 88 хектари, цвеќарница со посебен меристем систем. Исто така, во општина Гевгелија биле отворени живинарска фарма за подмладок и живинарска фарма за производство на јајца, со капацитет од околу 400.000 носилки, фарма за крави, фарма за тов на јагниња, а во областа на индустријата биле изградени 12 капацитети што припаѓаат на 7 индустриски гранки.[3]

После распадот на СФРЈ, во 1990 година, односно по осамостојувањето на Република Македонија, дојде до промена на државниот систем на управување и капиталот од државна сопственост претрпе процес на приватизација. Повеќето од овие фирми престанаа со работа, а некои и денес работат со полн капацитет, но во приватна сопственост. Стопанските капацитети кои не успеале да спроведат успешна приватизација, набргу пропаднале.












ДЕЛ ЕДИНАЕСЕТИ

# ГЕВГЕЛИЈА ПО ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1991–2016)



# ГЛАВА 1.
# ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

По осамостојувањето на Република Македонија и прогласувањето на нејзината независност на 8. септември 1991 година, започнува процесот на трансформација на локалната самоуправа. На 28. мај 1996 година Собранието на општина Гевгелија го донесува новиот Статут на општина Гевгелија, според кој општина Гевгелија претставува единица на локалната самоуправа во која граѓаните ги остваруваат своите права. Во составот на Општината се наоѓаат населените места: Богданци, Дурутли, Куртамзали, Кованец, Конско, Нов Дојран, Ново Конско, Николиќ, Негорци, Миравци, Милетково, Мрзенци, Моин, Органџали, Петрово, Прдејци, Стојаково, Смоквица, Селемлија, Стар Дојран, Сретеново, Серменин, Севендекли, Фурка, Хума, Црничани, Чаушли и Џумабос.

Според Статутот органи на општината Гевгелија се Советот и Градоначалникот, кои се избираат на непосредни избори, управни и административни органи и Главен архитект на градот. Општината има печат, грб и знаме, а покрај многуте надлежности одредени со закон, донесува и Статут на општината, Деловник и Програма за работа на Советот на општината, Буџет на општината и завршна сметка. Во март 1997 година извршени се измени во Статутот на општина Гевгелија, така што, покрај другото, променета е рамката на населените места. Во состав на Општината, влегуваат: Гевгелија, Богородица, Кованци, Конско, Моин, Мрзенци, Негорци, Ново Конско, Прдејци, Серменин и Ума.

# ГЛАВА 2.
# СПОЈУВАЊЕ НА ОПШТИНА МИРАВЦИ СО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Во 1996 година село Миравци, првпат, добива статус на општина, во чиј состав се наоѓале околните населби Давидово, Петрово, Габрово, Милетково и Смоквица. Општината зафаќала територија од 106 км$^2$ и во неа, според пописот од 2002 година, живееле 2.626 жители. Прв градоначалник на општината бил Ангел Ангеловски (СДСМ), а по четиригодишниот мандат за градоначалник била избрана Сунчица Тошева-Петковска (ЛДП). Таа била прва жена градоначалник во Република Македонија.

Во првиот мандат со Советот на општина Миравци претседавал Ѓорѓи Костадинов, додека во вториот мандат претседател на Советот бил Виктор Паласкаров. Во 2005 година, според новиот Закон за територијална организација на државата, општина Миравци се припоила кон општина Гевгелија.



# ГЛАВА 3.
# ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

За прв претседател на општина Гевгелија, по осамостојување на Република Македонија, бил избран Ѓорѓи Атанасов (СДСМ), кој оваа функција ја обавувал од 21. јануари 1991 година до 16. декември 1996 година. За потпретседатели на Собранието на општината биле избрани Ратко Стојков, Александар Илин и Живко Алчинов. На првите локални избори, во Собранието на општината 31 одборничко место освоила партијата СДСМ, 6 одборнички места ЛП и 1 одборничко место освоила Земјоделската партија.

Со новиот Статут на општината, донесен на 28. мај 1996 година, органот „Претседател на Собранието на општината" е заменет со органот „Градоначалник на општина Гевгелија", а градоначалниците се избирале на непосредни избори, на секои четири години. Така, на вторите локални избори во општина Гевгелија учествувале 6 кандидати за градоначалник и 85 кандидати за советници. За нов градоначалник на општина Гевгелија, на 17. ноември 1996 година, бил избран Никола Ќуркчиев (СДСМ). За претседател на Советот на општина Гевгелија, на 16. декември 1996 година, бил избран Ѓорге Петков.

Во ноември 2000 година за нов градоначалник на општина Гевгелија бил избран Петко Смилков (СДСМ), а за претседател на Советот на општина Гевгелија бил избран Панде Кацарски. На локалните избори во 2005 година за градоначалник на општината бил избран Драги Делев (СДСМ), додека за претседател на Советот на општина Гевгелија повторно бил избран Панде Кацарски.

На локалните избори, кои се одржале на 22. март 2009 година, за нов градоначалник на општината е избран Иван Франгов (ВМРО-ДПМНЕ), а за претседател на Совет на општина Гевгелија е избран Александар Тодов. На последните локални избори, одржани во март 2013 година, за градоначалник на општина Гевгелија повторно е избран Иван Франгов, додека за претседател на Советот на општина, по конституирањето на новиот совет, на 18. април 2013 година, е избран Драги Хаџи-Николов.












## ДЕЛ ДВАНАЕСЕТТИ

# ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ГЕВГЕЛИЈА ОД МИНАТОТО ДО ДЕНЕС



# ГЛАВА 1.
# СТОПАНСТВОТО ВО ГЕВГЕЛИЈА ВО МИНАТОТО

Трговско-економскиот развиток на Гевгелија се јавува во 50-тите и 60-тите години на XIX век, кога Гевгелија го добила приматот на еден од поважните трговски центри во тогашната Кукушка каза, а подоцна, по 1886 година, и како главен трговски центар во Гевгелиската каза. Како главен двигател на економијата на градот во овој период, меѓу другите трговски занимања, било производството на свилен конец. Но, освен свиларската дејност во Гевгелија, населението се занимавало и со занаетчиска дејност, која датира уште од средината на XIX век, а до 1900 година во Гевгелија работеле следните занаети: дограмаџии (столари), колари, самарџии, шнајдери, ковачи, папуџии, лимари, мутафчии, бербери, бакарџии, бојаџии, фурнаџии, сарачи и други. Исто така, населението во Гевгелија се занимавало и со земјоделство и сточарство (одгледување на крупен и ситен добиток).



Клучен напредок за стопанско-економската состојба на Гевгелија имало организираното производство на свилен конец, поточно, во основањето на манифактурните работилници. Тие потоа прераснале во фабрики т.н. филанди кои, всушност, ја мобилизирале целата економија на градот до Првата светска војна (1913/14 година), но и во периодот помеѓу двете светски војни.

## 1.1 СВИЛАРСТВОТО ВО ГЕВГЕЛИЈА

Одгледувањето на свилена буба во Гевгелија започнало некаде околу 1850 година. Прв со одгледување започнал некој си Голуб од с. Гуменџа, кој кога доаѓал во Гевгелија семето од свилена буба го донел помеѓу луѓето со чиста лушпа од орев[1]. Околу 1860 година луѓето започнале и самите да одгледуваат свилена буба по домовите. Поради голем интерес гевгеличани почнале да посетуваат и т.н. свиларски школи во Солун и Бруси (Мала Азија), така што одгледувањето станало стручно.

Гевгелија и нејзината околина претставувале погодна почва за одгледување на свилена буба. Тоа го условувале поволните климатски услови и виреењето на црниците чијшто лист претставува основна и единствена храна за свилената буба. Во Гевгелија и Гевгелиско се одгледувале цели шуми црничкови дрвја.

Инаку, турската државна власт сè до 1880 година воопшто ништо не придонела за унапредување на производствениот



процес на кожурци во Македонија, па и во Гевгелија. До оваа година свилената буба во Гевгелија се одгледувала така што секое семејство, без користење на научни достигнувања, дома си произведувала семе. Од 1880 до 1912 година односот на турската држава се менува и преку низа организациони и развојни мерки извршила извесно влијание за унапредување на свиларството во Отоманската империја, а со тоа и во Гевгелија.[2]

Првите попрости филанди (еден вид преоден тип од занаетчиство во манифактурни работилници) се изградени уште пред 1850 година. Според податоци на некои патеписци, во овој период во Гевгелија постојат 9 филанди (свиларници) во кои биле вработени 70–100 работници, главно, жени. Дури во 1898 година во Гевгелија била отворена првата фабрика, изградена во близината на сегашната пошта и работела еден подолг период, од 1898 до 1913 година, а во 1931 година од земјотресот била целосно уништена.[3]

Фабриката била во сопственост на султанот Абдул Хамид II, а ја раководел Али Ефенди. Во фабриката работеле 100 работници, главно, жени, без работни законски права, со 10–15 раборни часа на ден. Оваа фабрика била една од најстарите фабрики за свилен конец во Европа. Според Јоанис Ксантис пред оваа фабрика имало помала, наводно прва фабрика за свилен конец: „Околу 1887–1888 година е подигната една мала фабрика за преработка на свилените кожурци од 8–10 казани, во која работеа жени, а фабриката на султанот Абдул Хамид II беше подигната во 1900/1901 година со најнов тогашен систем со 60 казани.[4]

Според извесни бугарски податоци, во времето на султанот Абдул Хамид II, во Гевгелија постоела три пати поголема фабрика за свилен конец, во сопственост на браќата Накови, која произведувала 64.000 кг кожурци на сезона, додека фабриката на султанот Абдул Хамид II произведувала 20.000 кг кожурци на сезона. Оваа фабрика, најверојатно, се наоѓала во централното градско подрачје и истата е разрушена за време на Првата светска војна (1917/18 година). Податокот за постоењето на друга фабрика може да се најде и во весникот „Работническа искра" од јануари 1910 година: „Во Гевгелија има две европски фабрики за производство на свилен конец. Целата околина на градот е засадена со црничкови насади и населението се прехранува претежно од оваа индустрија. Во двете фабрики работат околу 350 души, повеќето жени и деца од различни народности..."[5]

За време на Балканските војни, а особено за време на Првата светска војна, во Гевгелиско се уништени значителен број на црничкова површина, а производството на свилен конец бележело постојано намалување. За намалувањето на производството, исто така, придонеле паѓањето на цената на кожурците, од 18 динари во 1919 на 13 динари во 1932 година, како и увозот на вештачки свилен конец од високоразвиените земји. Така, на гевгелискиот пазар. непосредно пред Балканските војни, се откупувале по околу 1.000.000 кг свилени кожурци, а во 1913 година само 450.000 кг. Во 1919 година производството на кожурци се намалува за 10 пати во споредба со производството од 1911 година[6] , така што во 1931 година тоа изнесувало 174.767 килограми.

Меѓутоа, иако Гевгелискиот регион бил главниот центар за одгледување на свилена буба, сепак, требало да минат цели 25 години за во Гевгелија да се основа претпријатие за преработка на кожурци, односно,за точење на свила. Имено, во 1938 година е изградена фабрика, во сопственост на трговската фирма „Дингарец, Голочевец и Стојановиќ"[7] од Скопје и браќата Лазар и Јован Ралеви, трговци од Гевгелија. Таа е единствениот индустриски објект што бил изграден во текот на 22 години постоење на стара Југославија во овој крај. Машините работеле на парен погон, а инсталациите биле набавени од Грција и Италија. Работните простории



се состоеле од една хала поделена на три дела, во првиот дел биле сместени 46 легени за одвиткување т.е. точење на кожурци.

Во вториот дел била администрацијата, а во третиот дел свилениот конец се навиткувал на штрингли. Годишно се преработувало околу 18.000 кг свилени кожурци. Во претпријатието работеле вкупно 60 работници и службеници.[8] Фабриката свечено била пуштена во работа на 1. март 1938 година и набргу станала позната надалеку, бидејќи во неа се произведувал најдобриот свилен конец. Фабриката била на местото на денешниот Градски трговски центар во Гевгелија, а оџакот на фабриката стои и дене и е заштитен со закон. Во гевгелија фабриката работела сè до 1951/52 година, за потоа истата да биде префрлена во Велес.



## 1.2 ТРГОВИЈАТА ВО ГЕВГЕЛИЈА

Покрај одгледувањето на свилена буба дел од гевгелиското население се занимавало и со трговија и одгледување на земјоделски култури. Трговците својата стока ја набавувале во Солун, Серез, Воден, но и од источните градови, Струмица, Петрич, Горна Џумаја и други. Трговијата се одвивала со карвани од коњи, мазги и камили, придружени со приватно обезбедување – јасакчија. Најчесто се тргувало со прехранбени производи, жито, текстилна стока и друго.

Со изградбата на железничката станица во Гевгелија градот прераснал во главно трговско средиште во Гевгелиската каза. До 1912 година, односно, до пред почетокот на Првата светска војна Гевгелија, покрај градската турска чаршија, главната царска улица и сокаците, имала и неколку пазари, како: ајван или ат-пазар (сточен пазар), емиш-пазар (овошен пазар), себзе-пазар (пазар за зеленчук), ун-пазар (пазар за брашно), житен пазар, пазар за рогозини, пазар за индустриски пиперки, црвен пазар и волна, како и пазар за свилени кожурци или копринен пазар и одун-пазар (пазар за огревни дрва).

Уште во 1863 година Хан забележал дека главниот пазарот во Гевгелија е голем и богат, а во 1890 година А. Тошев за пазарот на Гевгелија запишал: „На пазарот, кој станува во петочен ден, се собираат луѓе од целата каза за да ги распоредат своите стоки“[9]. На овој пазар трговците нуделе најразлична стока, од брашно, жито, ориз, црвен пипер, млечни производи, разен зеленчук, риби, лубеници, дињи, вино, како и текстил, облека, чевли и разни занаетчиски производи. Пазарот се наоѓал во средината на градот, во близината на градската чаршија. Неделниот пазар работел во петок, а подоцна и во четврток и заземал многу големо пространство.

Освен овој пазар особено прочуено било пазариштето во Гевгелија за откуп на кожурци во цела Македонија, па дури и во цела европска Турција. Инаку, пазарот се наоѓал во близината на беледиската (општинската) управна зграда[10]. Најголемо движење на пазарот имало во времето кога се продавале кожурците, односно од 1. јуни до 11. јули, секоја година, кога се собирале и се продавале кожурците, кои се собирале од сите села на Гевгелиската околија[11]. Пазарот за кожурци се наоѓал на местото на денешната зграда на Општинскиот суд во Гевгелија.

Друг познат пазар во Гевгелија бил и пазарот за откуп на огревно дрво кое се наоѓал пред тогашната Гевгелиската банка, односно, до конакот на богатиот турчин Мулајлија Ефенди (денешната градска библиотека)[12]. Овде, главно, луѓето имале можност да купуваат дрва за огрев за домаќинствата. Дрвата ги носеле на магариња, мазги и магарешки коли. На пазарот доаѓале луѓе од Гевгелија и околните села, а најпосетуван бил од Турците од Габрово[13].

Исто така, постоеле разни дуќани на трговска стока, дуќани за текстил, кондури, бакарни производи, продавници за месо, коларници и друго. Целокупното стопанство во Гевгелија, во периодот од 1860 до 1912 година, било упатено кон Солун. Сите пазарни вишоци, земјоделско-сточарски и занаетчиски производи се пласирале на солунскиот пазар, а од него се купувало индустриска и занаетчиска стока што ја немало во Гевгелија. Во 1884 година, од Гевгелија биле извезени 9.870 тони, а увезени 1.447 тони стока[14]. Преку Солун, главно, се извезувала стоката за високоразвиените европски земји. Непосредно по Балканските војни, Гевгелија била важно извозно место за повеќе селскостопански култури. Годишно од Гевгелија за Солун и Европа се извезувале 500.000 кг свилени кожурци, 10–17 илијади оки памук, 20–23 илијади оки памучно семе, 400 вагони дрвен јаглен, 4–5 илијади оки волна, 4–5 илјади оки јарина, 10 илјади оки козина, околу 40–50 илјади парчиња кожи и друго[15].

Во Гевгелија до Балканските војни имало дваесет и неколку одлично снабдени бакалници, преку 70 други бакали, магацини за готови облеки, неколку магацини снабдени со брашно и друго. За време на Првата светска војна трговијата значително опаѓа поради тешките материјални штети на населението од војната која ја зафатила и Гевгелија. По Првата светска војна останале помали ситни трговски дуќани и продавници за манифактурна стока. Во 1928 година Гевгелија имала 11 трговски дуќани и продавници во сопственост на Македонци. Меѓу лицата кои се занимавале со трговија на разни стоки биле Мито Беширов, Лазар Костов, Ристо Толев, Илија Чаушев, а во триесеттите години браќата Ралеви, Арнаудови и други. Некои од нив, како Беширови, Аџи-Накови, еврејските трговци Аврам Ботан, Менгеш Брудо, Мошен Каен и други своите производи ги извезувале и надвор од земјата[16].

Во овој период просечно во Гевгелија, на годишно ниво, се откупувале 250.000 кг кожурци, 120.000 кг тутун, 70.000–80.000 кг памук, 10.000–15.000 кг волна и друго. Главно, од повоениот период до ослободувањето (1944 година), производството во Гевгелија и Гевгелиско било значајно намалено, односно, се сведувало на индустриските производи како текстил, обувки и слично, што биле увезувани од Словенија, Хрватска и Србија биле скапи, а економскиот стандард на населението во Гевгелија бил низок.



## 1.3 ЗАНАЕТЧИСТВОТО ВО ГЕВГЕЛИЈА

Кон крајот на XIX и почетокот на XX век населението во Гевгелија, покрај свиларската и трговската дејност, се занимавало и со занаетчиство. Занаетчиите во Гевгелија главно го сочинувале градскиот среден слој. Помеѓу повеќето занаети кои се негувале во Гевгелија, најстари занаети биле: мутавчискиот, папуџискиот, сарачкиот, кираџискиот, арабаџискиот, коларскиот, сарачкиот, берберскиот, бакарџискиот, шивачкиот и други.

Мутавчискиот занает во Гевгелија го работел единствено Дино Мутафчиев (1864–1964), кој бил активен од почетокот на XX век па сè до 1930 година. Изработувал повеќе





видови занаетчиска роба како чулови за перење злато, зобници за крупен добиток и друго. Но, се занимавал и со ортомарски занает при што изработувал вреќи, дисаги и зобници од претходно изработени овчи и кози кожи[17].

Арабаџискиот занает, по изградбата на железницата, бележел успех. Арабаџиите биле трговци кои носеле жита, памук, ќумур, вино, јајца, сол, шеќер, масло, разни видови накит (прстења, обетки), игли и друго. При крајот на XIX и почетокот на XX век со арабаџиство се занимавале околу 15 лица, меѓу кои биле Атанас Арабаџиев, Тано Арабаџиев, Димче Јосифов, Нако Арабаџијата и други[18].

Папуџискиот занает е друг стар занает од кој живееле повеќе фамилии во Гевгелија. Папуџиството во Гевгелија се појавиле уште во 1980 година, а занаетот прв го започнал Филип Старделов со својата фамилија. Истовремено папуџиството го изучувале и фамилиите Ичоќаеви, стариот Јован и неговиот син Ристо Ичоќаев.

Во периодот пред 1912 година во Гевгелија имало 10 чевларски и 10 папуџиски дуќани. Од овој период меѓу познатите биле: Трајко Наков, Ристо Стамов, Дојчин и Дино Бутров, Дељо Старделов, Атанас Василкин, Глигор Мамков, Никола Карајанов, Ристо Качеов, Јане Тополов, Гугата Камберова, Гонче Елимов, Ристо Караколев и други[19].

На втората генерација папуџии припаѓале: Петар Мамков, Мито Роснов, Ристо Ефтимов, Русчук Ќаев, Тодор Бегов, Живко Гунов, Мито Калакавалиев, браќата Ѓорге и Мито Кусиникови, Санде Ангов, Ѓорге Ников, Јордан Велешанецот, Киро Тодов, Гоце Зајринов и други. Сите тие биле самостојни папуџии кои работеле рачно во периодот од 1920 до 1945 година и изработувале чевли со висок квалитет. Во овој период, во Гевгелија, имало 20−30 самостојни дуќани[20]. Во 1946 година е формирана и првата занаетчиска папуџиска задруга во Гевгелија, која била активна сè до 1950 година. Нејзин претпоставен бил Тодор Бегов. Од 1961 година папуџиската задруга почнала да се распаѓа, а папуџиите повторно станале самостојни занаетчии. Овој занает од 80 –тите години на XX век почнал да изумира.

Сарачкиот занает е друг стар занает што денес е исто така изумрен. Овој занает датира уште од Првата светска војна, а за најстар занаетчија се смета Милутин Попов кој работел од 1926 година, па сè до крајот на својот живот





во 1991 година.Својот занаетчиски дуќан го отворил во 1928 година[21].

Бакарџискиот занает бил најраспространетиот занает во периодот од средината на XX век, па сè до 1912 година. Овој занает се делел на казанџиски и калајџиски, а се изработувале разни бакарни садови, котлиња, арании, тави, легени, чинии, теписи, џезвиња, тенџериња, ѓумови и друго. При крајот на XIX век и почетокот на XX век во Гевгелија имало 20−25 лица кои се занимавале со бакарџиство, меѓу кои и браќата Диновци, Андон Кукушки, Мицо Калајџијата, Ристо Бојков, Мицо Мулаев, Ристо Влахов, Глигор Влахов и други[22].

Коларскиот занает започнал да се негува некаде пред 1905 година, после 1918 година почнал повеќе да се шири, а особено зел замав по 1935 година. За најстари занаетчии во градот се сметаат Вангел Пајдаков, Петар Калинов, Мито Поп Ристов, Петре Брзилов и други. Колите ги правеле по порачка, а работниот ден на мајсторот-колар бил 10,12, па и 14 часа.

Тишлерскиот занает почнал да се негува во Гевгелија уште во 1918 година, а најбаран бил во периодот меѓу двете светски војни, сè до 1950 година[23].

Покрај наведените занаетски дејности во Гевгелија имало и други занаети како шарлагански, самарџиски, воденичарски, лимарски, ќурчиски, кујунџиски, берберски, ковачки, чојаџиски и други. До 1912 година имало 132 дуќани, а најбројни биле чевларските, берберските и фурните[24].

Според податоците на Иван Иваниќ во 1906 година Гевгелија имала жив сообраќај со 225 дуќани, 24 магацини и 9 анови. За време на Балканските војни, а особено во периодот на Првата светска војна, занаетчиството било економски погодено и биле уништени голем број занаети. Така, во 1928 година бројот на занаетчиски дуќани бил преполовен – останале 63 дуќани[25].

Опаѓането на занаетчиското производство особено се засилило по економската криза во 1929–1932 година,

како резултат на опаѓањето на цените на земјоделските производи, а со самото тоа и на занаетчиските производи. Но, по ослободувањето занаетчиството долги години стагнирало, односно не се развивало паралелно со развитокот на стопанството во целина и порастот на животниот стандард на населението, бидејќи се мислело дека тоа го губи своето место и улога во услови на развивање на индустријата. Дури по 1980 година занаетчиството во Гевгелија повторно е во процвет. Така во градежништвото, услугите, угостителството и другите занаетчиски дејности дејноста ја обавуваат околу 500 занаетчии, а оваа бројка подоцна уште повеќе била зголемена[26].

До 1990 година занаетчиската дејност во Гевгелија бележи стагнација. Денес од занаетите во град Гевгелија постојат само неколку, како берберскиот занает, чевларскиот, златарскиот, шнајдерскиот, часовничарскиот и занаетите во областа на градежништвото, како молерајскиот, тишлерскиот, автомеханичарскиот (автомеханоелектричар) и други. Од старите занаети во Гевелија останале 9 берберски дуќани, 3 чевларски дуќани, 2 златарски дуќани кои произведуваат накит, потоа, 4 шнајдерски дуќани, 2 часовничарски[27], повеќе тишлерски и молерајски работилници и други.

## 1.4 ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО ГЕВГЕЛИЈА

Поради поволните климатски услови месното население во Гевгелија и Гевгелиско се занимавало со земјоделство. Од производството најмногу се произведувале жита – пченица, 'рж, јачмен. До крајот на 80-тите години од XX век главно место имало производството на афион. Во 1889 година во Гевгелија се произвеле 500 оки афион. Се смета дека афионот во овој крај е пренесен по 1840 година. Пред 1912 година во Гевгелија и Гевгелиско се произведувале околу 600 кг афион. Пред Првата светска војна се извезувале од 10.000–17.000 оки памук годишно, до 30.000 оки памучно семе. За сусамовата култура не постојат конкретни податоци, но од шарлангаџиите може да се заклучи дека оваа култура била доста одгледувана.



Доста одгледувана била и тутуновата билка која датирала уште од XVIII век. Во 1895 година во самата Гевгелија била изградена „реза" за тутун, а по 1909 година била изградена и шестокатна зграда за тутунов склад[28]. Зградата била пуштена во употреба во 1910 и била лоцирана на просторот каде што денес се наоѓа паркот во близината на Железничката станица кај т.н. Гарџово место. Фабриката била во сопственост на еврејски трговци од Солун, а во неа работеле повеќе од 600 работници, претежно жени, со по 10 работни часа на ден.

Од средината на XIX век, па сѐ до 1912 година гевгеличани одгледувале и други земјоделски и овошни култури како пиперки, домати, зелка, краставици и разни овошки. Замјоделството се негувало сѐ до ослободувањето, а во периодот на Првата светска војна (1914–1918) драстично е намалено.

# ГЛАВА 2.
# СТОПАНСКИ РАЗВОЈ НА ГЕВГЕЛИЈА ПО САМОСТОЈУВАЊЕТО

По осамостојувањето на Република Македонија, во сите општини, вклучувајќи ја и општина Гевгелија, почнала имплементацијата на Законот за приватизација на националниот капитал. Како резултат на овој процес стопанството во Гевгелија претрпело сериозен економски удар, што се одразило и на стандардот на граѓаните во овој крај. Некои од постојните стопански и индустриски капацитети биле затворени, некои пратени во стечај, некои биле на работ на рентабилноста, а еден дел спровеле успешна приватизација и продолжиле да работат .

Најдобар барометар за економските прилики претставува движењето на бројот на вработените и бројот на невработените лица во Општината. Според податоците на Бирото за вработување во 1989/1990 година, во општина Гевгелија, во чиј состав влегувале и сегашните општини Богданци и Дојран, имало 13.500 вработени лица, а биле евидентирани 1.800 невработени. Во април 1994 година бројката на невработени се зголемува на 4.200 лица.

Во 1996 година, според официјалните податоци на Бирото за вработување, во општина Гевгелија се регистрирани 9.500 вработени, додека бројот на невработените се зголемува на 4.996 лица. Неполни десет години подоцна, во 2007 година, општина Гевгелија, без општините Богданци и Дојран, во Агенцијата за вработување во Гевгелија, биле евидентирани 2.544 невработени лица.

Во 2016 година во општина Гевгелија, според податоците на Агенцијата за вработување од ноември 2016 година, на списокот на невработените се наоѓаат само 582 лица, од кои 489 во Гевгелија, 47 во Негорци, 30 во Миравци



и 16 во Богородица. Стапката на невработеност изнесува 4,59 % и претставува една од најниските стапки на невработеност во Р Македонија.

Во периодот од 2003 до 2005 година природното движење и структурата на населението во општина Гевгелија е следен: 32 % се под 25-годишна воздраст, а во другите возрасни групи мажите се значително побројни. Густината на населението изнесува 43 жители на км$^2$, што е под просекот во државата. Во општина Гевгелија има 7.221 домаќинство, со просечен број од 3,5 членови во домакинството, со вкупна површина за домување од 683.580 м2. Секој член на семејство има, во просек, по 23,68 м2 простор за живеење.

Како една од географските и културни крстосници во Европа, општина Гевгелија со векови била центар на производството и на трговијата, посебно на земјоделски производи и храна, овошје, зеленчук и квалитетни вина. Во 1995 година индустријата и рударството учествуваа со 33 % во вредноста на општинската економија, земјоделството и рибарството со 30%, градежништвото 3,1 %, трговијата со 24 %, туризмот и угостителството со 2,7 %, шумарството со 2,6%, транспортот и комуникациите со 0,9 %, други преработувачки и персонални услуги со 1,8 %, а сите останати сектори со 1,6 %.

Во градот Гевгелија постојат неколку индустриски зони, Југозападна-Западна, Ракита, Деленица, деловностопанската зона Блокотехна, како и Технолошко инвестиционата и развојна зона кај Прдејци. Во овие индустриски зони се концентрирани 95% од индустриските капацитети во Општината, и тоа од областа на текстилната и на прехранбената индустрија, како и индустријата за пластика.

На 31. декември 2005 година во општина Гевгелија имало вкупно 2.597 регистрирани деловни субјекти, од кои 982 се претпријатија, 1.042 трговски друштва, 312 трговципоединци и 261 останати. Доминантната економска активност во Општината отпаѓа на трговијата (44 %), потоа на преработувачката индустрија (13 %), на земјоделството (13 %), на ловот и шумарството (13%), на сообраќајот и комуникациите (8 %). Туристичко-угостителските објекти придонесуваат со 5 % во економската активност, како резултат на блискоста на границата со Грција.

Според евиденцијата на општина Гевгелија во 2016 година се регистрирани 940 претпријатија, 883 трговски друштва, 279 трговци-поединци и 213 други.

Во 2005 година вкупните приходи по глава на жител во Гевгелија изнесувале 7.560 денари (123 евра), а во 2011 година 13.293 енари (216 евра). Тоа претставува 145,2 % од националниот просек, кој ѝ овозможува на општина Гевгелија да се најде во втората група на општини, веднаш зад централните скопски општини.



# Глава 3
# ЕКОНОМСКИ ПРОФИЛ

Како резултат на климатско-почвените погодности, земјоделството и производството на храна отсекогаш имале голема важност за добриот стандард и за стопанскиот развој во Општината. Се одгледуваат широк спектар на овошје и зеленчук, вклучувајќи производи што се карактеристични за медитеранското поднебје, како што се смокви, маслинки, калинки, лимони, грозје, кикиритки, киви и други. Во стаклените бавчи и во пластениците, покрај раноградинарските производи, се одгледуваат и различни видови цвеќиња.

Пријатните климатски услови се надополнети со термоминерална вода која речиси ја има под целокупниот гевгелиски дел на котлината, со добри потенцијали за производство на квалитетна храна и еко-производство, но и за развој на спа-туризмот. Целокупното земјоделско земјиште во Општината изнесува 8.440 ха, од кои 3.260 се користат како ораници и бавчи, 1.000 ха се засадени со лозови насади, 100 ха со овошни, 300 ха се ливади и 3.880 ха се пасишта. Околу 80 % од обработливото земјиште е кај индивидуалните земјоделци, а останатото е кај правните лица. Годишното земјоделско производство во поширокиот регион изнесува околу 100.000 тони, од кои само во општина Гевгелија се произведуваат над 50.000 тони, од кои 20.000 тони се раноградинарски производи, 20.000 тони грозје, како и други земјоделски култури.

Приватните земјоделски фирми во општина Гевгелија одгледуваат раноградинарско производство на 27 ха во оранжериите, од кои годишната берба изнесува 3.000 тони, претежно домати и краставици. На индивидуалните земјоделски површини, под пластеници, се засадени 120 ха со домати со вкупен род од 8.000 тони. На лозовите насади во Општината, застапени на 1.000 хектари, годишно се произведуваат над 18.00 трпезното грозје, од кое најголемиот дел се извезува, а плантажите се проширувaат. Исто така и винските сорти на грозје се традиционално застапени, со воведување на нови сорти.

Општина Гевгелија располага со 3.880 ха пасишта кои се идеален ресурс за одгледување овци и друг вид на стока. Во Општината има 12.000 овци, 1.000 кози и 750 говеда, додека бројот на живината се движи константно околу 100.000. Во периодот 2000–2005 година бројот на овци е намален за 3.000, додека бројот на говеда е намален за 1.000. Намалувањето на сточниот фонд се должи на скапата сточна храна и на ниската откупна цена на месото и на млекото. Во земјоделството и шумарството функционираат 37 компании со 387 вработени.

Текстилната индустрија претставува најголем извор за вработување во Општината. Имено, во 10 конфекциски компании работат скоро 2.000 вработени. Овие текстилни компании, главно, работат „lon" систем. Компанијата „НОЕЛ" е најголемата конфекциска фабрика во Општината, а и во регионот, со над 900 вработени, каде што се произведуваат најпознатите светски брендови на кошули. Околу 95 % од производството на текстилот во општината е наменето за извоз.





Во Општината има 20 компании кои се занимаваат со преработка на овошје и на зеленчук. Најголемиот дел од преработеното овошје и зеленчук е наменето за извоз. Тоа се, пред сè, познатите традиционални специјалитети како што се ајварот, летниот пинџур, лутеницата, различните видови слатко и други конзервирани производи. Компаниите за преработка на овошје и на зеленчук („Вори", „Випро", „МТД Пајдаков", „Дием" и „Хина") располагаат со вкупен капацитет од над 20.000 тони.

Во Гевгелија се наоѓа најголемиот производител на наливно вино во земјата – во винаријата „Ригоимпекс" се произведуваат 15 милиони литри наливно вино годишно кои целосно се извезуваат. Постојат и помали семејни винарии, како „Јостела" и „Керем", кои произведуваат помали количества на висококвалитетни флаширани вина.

Градежната индустрија бележи пораст во последниве години, имајќи го предвид бројот на новорегистрираните градежни фирми. Во градежната индустрија постојат 10 активни компании со 500 вработени. Поголемиот дел од нив работат на локално ниво, но постојат можности за нивно ангажирање и надвор од Општината.

Во металната и во електроиндустријата работат 4 компании, од кои некои со мешовит македонско-грчки капитал („Унион Инг", „Евро Порта" и „Кофриз"), со вкупен број на 170 вработени. Најголемиот дел од производството го пласираат на странскиот пазар.

Индустријата за пластика и пластични маси (полиетиленски и полипропиленски цевки, системи за наводнување и канализација) во последните години бележи значителен развој во општина Гевгелија. Во Гевгелија се наоѓа најголемиот производител и извозник на полиетиленски цевки на Балканот - „Конти-Хидропласт", кој своето производство го пласира на странскиот пазар. Во металопреработувачката индустрија работат и други помали производители.

Во Општината постојат повеќе компании кои се занимаваат со превоз на патници, на стока и складирање на производи, со 600 вработени. Како резултат на бегалската криза значително се зголеми бројот на такси-компании, кои располагаат со над 200 возила. Во последните десетина години се појавија прилично голем број мали приватни транспортни компании специјализирани за транспорт на земјоделски производи. Во трговијата на големо и мало функционираат 115 компании со 496 вработени, а во угостителството над 15 компании со скоро 2.000 вработени.



## 3.1 ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

Општина Гевгелија има одличен потенцијал за развој на разновиден туризам поради предностите што ги нудат местоположбата, климата, инфраструктурата, чистата животна средина и богатото природно и културно наследство. Развојот на туризмот е, главно, насочен кон бањскиот, планинскиот и казино-туризмот, но и кон добриот потенцијал за проширување на туристичката понуда. Во прв ред, со руралниот и културниот туризам, спа-туризмот, а, секако, и гастрономскиот туризам.

На само 3 км од Гевгелија се наоѓа граничниот премин Богородица, на македонско-грчката граница, преку кој годишно поминуваат скоро 5 милиони патници.

Гевгелија и околината располагаат со хотелски капацитети од околу 700 легла, од кои најголемиот број се наоѓаат во репрезентативните хотел-казина. Имено, на југот од земјата се наоѓаат најрепрезентативните сместувачки и угостителски објекти во земјата – хотел „Рамада Плаза" со казиното „Принцес", хотел-казино „Фламинго" и хотел-казино „Аполонија". Исто така, сместувачки капацитети нудат и мотелот „Вардар", хотел „Нар", хотел-казино „Сенатор", како и Негорските Бањи.

Од угостителските капацитети Општината располага со 40 ресторани, од кои некои се познати и надвор од земјата, потоа, 2 дискотеки и 16 кафе-барови. Во 2005 година во Гевгелија преноќувале, една или повеќе вечери, 43.000 туристи (10 % од вкупниот број на национално ниво). Од ова бројка, 30.000 биле домашни, а 12.500 странски туристи. Во споредба со 2001 година,кога бројката изнесувала 20.682 (15.786 домашни и 4.896 странски туристи), порастот е значителен. Најголемиот број туристи доаѓаат од Грција (2.446), од Србија и Црна Гора (940), од Холандија (732) и од Бугарија (361). Бројот на туристи последниве години значително се зголемува, пред сè, на гости од соседна Грција.

На падините на Кожуф Планина, близу до селото Конско, се наоѓа одмаралиштето Смрдлива Вода, познато по својата лековита минерална вода. А, на околу 19 км се наоѓа Ски-центарот „Кожуф" кој се протега на истоимената планина, на 2.200 метри надморска височина. Познатото лекувалиште Негорски Бањи, со хотелите „Божур", „Јасен" и „Илинден" (300 легла), претставува значаен бањско-рекреативен центар. Бањите располагаат со базени со топла и со студена минерална вода, со услови за медицински третман и со спортски капацитети.

Важно место на туристичката мапа во Општината зазема и археолошкиот локалитет „Вардарски Рид" кој со својата атрактивна локација нуди одлична можност за развој на археолошки и на културен туризам.


Кула за набљудување на Вардарски рид


Новиот Градски пазар




Apollonia Club


PRINCESS


CASINO
Flamingo
ΧΡΟΝΙΑ
ΠΟΛΛΑ
CASINO





Кожуф планина



Скијачки центар „Кожуф“



Смрдлива вода



Хотел „Нар“





ДЕЛ ТРИНАЕСЕТТИ

# ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ ВО ГЕВГЕЛИЈА ОД МИНАТОТО ДО ДЕНЕС



# ГЛАВА 1
# ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Неорганизирана здравствена дејност на просторот на град Гевгелија  постоела уште од крајот на XIX и почетокот на XX век, кога Гевгелија била уште под турска власт. Во овој период, населението во Гевгелија добивало нестручна медицинска помош од страна на народни емпириски лекари, познати во народот како екими. Исто така, во овој период, месното население се лекувал и на примитивен начин со разни магиски обреди, култни ритуали, пренесување жртви и други празноверија.

Институционализација на превентивна и здравствена дејност во Гевгелија имало веќе во 1889 година со присуството на школован здравствен кадар во градот. Како прв школован лекар во Гевгелија бил грчкиот лекар Кивердинис кој исто така водел и антимакедонска пропаганда во градот и поради тоа Македонците избегнувале да користат здравствена услуга кај него. Токму од тие причини овој лекар го лекувало претежно турското население во градот и припадниците на партијаршијата (гркоманите). Поради антимакедонската дејност на овој лекар, членовите на Македонската револуционерна организација од Гевгелија го осудиле на смрт и го ликвидирале.

Прв дипломиран лекар во град Гевгелија бил гевгеличанецот Кирил Дудуклиев во 1905 година, меѓутоа овој лекар никогаш не работел во град Гевгелија. Првиот лекар гевгеличанец кој работел во Гевгелија бил Коста Чохаџиќ[1],  кој дипломирал во 1910 година во Париз, а со работа во Гевгелија започнал во 1911 година. Како гинеколог-акушер и доктор по општа медицина, д-р Чохаџиќ работел во Гевгелија и околните села две години, а потоа заминал за Скопје. Д-р Коста Чохаџиќ е првиот лекар-специјалист, кој почнал да води стручно породување во домашни услови во  Гевгелија. Исто така д-р Чохаџиќ е првиот лекар кој вовел стручно изведување на вариолизација кај децата во Гевгелија во 1911 година. Овој еминентен доктор бил и основоположник на гинекологија и акушерство во Република Македонија.

Во периодот на Балканските војни и Првата светска војна повремено престојуваат лекари од санитетите на завојуваните војски. Така д-р М. Вулиќ од српскиот санитет, во 1913 година отворил лабараторија во Гевгелија, каде произведувал вакцини против колера со која покрај војската го вакцинирал и месното население. Имено, дека на овие простори почнала да се организира здравствена заштита и грижа на населението потврдува


Првата болница во Гевгелија

д-р Трифун Грековски



д-р Коста Чохаџиќ



и првиот американски лекар-хирург во Гевгелија д-р. Џејмс Ф. Донели[2]. Овој хирург на Црвениот крст оставил личен дневник, во форма на мемоари, во кои забележал податоци за престојот и за неговата служба во град Гевгелија, од денот на пристигањето, на 18. декември 1914 година, па сѐ до шест дена пред неговата смрт, на 17. февруари 1915 година.

Според податоци на д-р Донели во овој период во Гевгелија има 6 доктори, 12 медицински сестри, неколку болничари и друг медицински персонал. Исто така, според овие податоците на д-р. Донели, Гевгелија била под српска управна власт и тогашната српска болница се наоѓала во зградата на старата фабрика за тутун, која некогаш ја поседувал султанот Абдул Хамид II, а која била сместена на главната улица. Д-р Донели ја делел собата со двајца други доктори, во тотална беда по војната. Меѓу другото, во еден од неговите записи, наведува дека ранетите од Првата светска војна биле испраќани во Гевгелија да се лекуваат: „Ужасно е да се видат млади луѓе кои умираат како муви. Нема веќе дрво за да се направат ковчези, а во бараката каде што се чуваат телата, четириесет веќе чекаат за погреб“. Во овој период во Гевгелија владеела и епидемија на тифус од која многумина починале.

По престојот во Гевгелија сер Томас Липтон во еден свој коментар вели: „Првата болница која ја посетив на патот кон Ниш беше во Гевгелија. Тоа беше американска болница и бев одведен во секоја соба од страна на д-р Донели. Имаше околу 1.400 пациенти, главно, заболени од тифус. Многу пациенти лежеа без ќебиња или душеци, само во нивната облека. Состојбата беше ужасна...“

Доктор Џејмс Ф. Донели починал од тифус на 21 февруари 1915 година и неговите останки се погребени во дворот на манастирот „Св. Вознесение Христово“ во Гевгелија.

Последиците од Првата светска војна биле огромни. До 1924 година градот се наоѓал во период на обновување, бидејќи бил делумно разурнат од војната. Во тоа време месното население било многу осиромашено и оболено, главно, поради неповолните санитарно-хигиенски услови, но и поради лошата исхрана. По војната се појавиле многу болести, особено царувала маларијата, но не биле ретки појавите и на туберкулоза, дифтерија, дизентерија, црвени тифус и паратифус и други болести. Инаку, по завршувањето на Првата светска војна, во Гевгелија била основана Општа цивилна болница со капацитет од 15 болнички кревети. Оваа болница била сместена во еден т.н. „импровизиран објект“, но нема податоци за медицинскиот персонал во Гевгелија за овој период.

Во 1924 година во Гевгелија пристигнува д-р Трифун Грековски[3], а четири години по неговото доаѓање во


д-р Александар Сингер

градот е отворена нова Општа болница со капацитет од 25 болнички кревети. Таа била сместена во адаптираниот објект на некогашниот католичко-унијатски конак од 1924 година. Оваа болница функционирала сè до 1960 година кога била изградена нова современа болница во Гевгелија. Освен тоа, во периодот меѓу двете светски војни во Гевгелија работеле една антималарична станица, неколку приватни лекарски ординации и една приватна аптека. Во периодот меѓу двете светски војни во Гевгелија, од 1925 до 1935 година, д-р Трифун Грековски работел сам како лекар по општа медицина. Подоцна, односно во 1936 година, во Општата болница во Гевгелија стапил на работа и младиот доктор Димитар Мицев од Стојаково кој завршил Медицински факултет во Белград. Овие двајца лекари, практично, го покривале целото градско население, како и, населените места Богданци, Дојран, Валандово и Миравци со околните села. Д-р Трифун Грековски, кога се вратил од Женева, каде и дипломирал на Медицинскиот факултет, со себе донел повеќе стручни медицински книги на француски јазик, за најсовремено лекување на болестите кај човекот.

Со воспоставувањето на новата окупаторска власт, во периодот од 1941 до 1944 година, д-р Трифун Грековски ќе биде почесто мобилизиран во воените трудови единици на бугарската армија, надвор од град Гевгелија. Тогаш за управник на гевгелиската Општа болница бил поставен, нов лекар, д-р Мирчев, Бугарин по народност. По ослободувањето во Гевгелија работат: здравствена амбуланта, мала Општа болница и антималарична станица. Поради дефицит на лекарски кадар во Македонија, д-р Александар Сингер, по свое барање, доаѓа во град Гевгелија во 1946 година.

Во 1954 година д-р Трифун Грековски се враќа во Гевгелија каде што работи како управник на Здравствената станица. Во овој период Здравствената станица се наоѓала во недоволно функционална состојба, со мал број болнички кревети и со амбуланта. Оваа Здравствена станица е формирана во 1959 година, со решение на Народниот одбор на општина Гевгелија. По враќањето на д-р Трифун Грековски во Гевгелија, тој работи заедно со лекарите д-р Александар Сингер[4] и д-р Костадин Гушев. Во 1961 година на лекарскиот тим во Гевгелија се приклучува и д-р Костадин Грековски. Од 1954 година до изрлдбата на новиот Медицински центар во Гевгелија како амбуланта се користеле и простории во денешната зграда на Управата за приходи каде што извесно време работел и доктор Сингер.

По изградбата на автопатот Скопје–Гевгелија, во 1960 година, била предадена во употреба нова зграда наменета за болница во Гевгелија, изградена за потребите на градежниците-бригадири[5]. Во 1964 година Здравствената станица се трансформирала во Здравствен дом. По заминувањето на д-р Александар Сингер на специјализација во Загреб, тој повторно се враќа во Гевгелија во 1969 година, како квалификуван интернист, каде го основа Интерното одделение при Медицинскиот центар во Гевгелија и работи како интернист до 1983 година кога и се пензионира.

Во 1971 година во град Гевгелија се формира Медицинскиот центар со 11 вработени лица, од кој смо еден лекар интернист - д-р Александар Сингер, една медицинска сестра, една акушерка и двајца болничари и хигиеничари.

Веќе во 1985 година во Медицинскиот центар работат 400 лица, од кои 15 лекари специјалисти, 8 лекари на специјализација, 23 општи лекари, 7 лекари стоматолози и над 90 медицински сестри и друг способен кадар за квалитетно извршување на должноста. Болничко-стационарната дејност во Медицинскиот центар во Гевгелија се одвивала преку 7 одделенија и служби кои располагале со 150 болнички кревети, одделение за Физикална терапија со 45 легла и Невропсихијатриска болница со 250 кревети. Во овој период во Гевгелија, заразно-епидемичните болести, смртноста од болести на луѓето, а посебно на малите деца, била сведена на минимум[6].

По 1990 година, односно со реформите во здравствениот систем во Република Македонија од 1994 година, во Медицинскиот центар во Гевгелија започнале реорганизациски процеси. Најпрво, од Медицинскиот центар се издвоил Центарот за јавно здравје во чиј состав се наоѓале 4 служби: социјална медицина со организација на здравствена дејност, служба за микробиологија, епидемиолошка скужба и одел за хигиена. Центарот за јавно здравје бил ПЕ Гевгелија при Заводот за здравствена заштита - Велес. Во овој период во општина Гевгелија има вкупно 70 лекари, 25 специјалисти или еден лекар на 701 жител[7].

Од крајот на 2005 година Медицинскиот центар во Гевгелија се дели на три, односно четири правни субјекти - институции: ЈЗУ Општа болница Гевгелија, ЈЗУ Здравен Дом Гевгелија, ЈЗУ Невро-психијатриска болница - Негорци и матични приватни лекари. Во овој период во општина Гевгелија имало 81 лекар, 52 специјалисти или еден лекар на 496 жители.

Со здравствените реформи од 2005 година, била формирала ЈЗУ Општа болница Гевгелија, која е јавна здравствена установа што врши здравствени услуги во областа на згрижувањето и третманот на болести, специјалистичко консултативна дејност , физикална терпаија и медицинска рехабилитација.

Во рамки на ЈЗУ Општа болница Гевгелија работат повеќе медицински гранки, односно во установата се обавуваат активности во следните организациони единици: интерна медицина; педијатрија; хирургија; оддел за анестезија, реанимација и интезивна нега; лабораториски испитувања; дејност за протекција на мајката и детето; биохемиска лабораторија; патохистолошка дијагоностика; соба за аутопсија и биопсија; невропсихијатрија; офталмологија; оториноларингологија; ортопедија; дерматовенерологија; физикална медицина и рехабилитација; оддел за инфективни болести; и сервис за транспорт на болниот со амбулантско возило во терциерна здравствена заштита. Кадровската поставеност на установата ја сочинуваат 22 доктори специјалисти од сите области, 15 доктори на медицина кои се на специјализација, над 47 сестри и техничари, како и лабараториски техничари и фармацевти, административен кадар и друг стручен персонал.

ЈЗУ Здравствен Дом Гевгелија како самостоен сектор на здравството во Гевгелија, почнал со работа на 25. ноември 2005 година, а во негов состав спаѓале итна медицинска помош, превентивна медицинска помош, консултативна медицинска помош и биохемиско-лабараториска дијагностика. Оваа служба ги покрива општините Гевгелија, Богданци и Дојран. Својата функција ЈЗУ Здравствен Дом Гевгелија ја обавува преку следните служби: Служба за итна медицинска помош и домашно лекување, Служба за превентивна здравствена заштита на предучилишни и училишни деца до 18-годишна возраст, Служба за поливалентна патронажа, Служба за превентивна стоматолошка заштита на деца до 14-годишна возраст, Служба за биохемиско-лабараториска дијагностичка дејност и Служба за снабдување со лекови и помошни медицински материјали. Исто така, во просториите на ЈЗУ Здравствен Дом опстојуваат концесионери од областа на општа медицина, стоматологија и гинекологија.



Негорски бањи

ЈЗУ Психијатриска болница - Негорци е формирана како Невропсихијатриска болница - Негорци, во состав на поранешниот Медицински центар - Гевгелија, на 2. февруари 1972 година. Основоположник бил првиот лекар-специјалист невропсихијатар м-р д-р Томислав Бајрактаров, каде што работи до 1980 година. Болницата е специјализирана за давање на психијатриска заштита преку Одделение за акутни состојби, Одделение за третман на пациенти со изречена мерка на безбедност, Одделение за третман на алхоколизам и други болести на зависност, Одделение за хронични состојби и Одделение за психогеријатрија. Болницата со психијатриска нега го опслужува југоисточниот регион во Р Македонија.

Покрај овие здравствени установи во општина Гевгелија здравствена нега пружа и Физиотерапевскиот центар, што се наоѓа крај Негорски минерални бањи, на 4 км од Гевгелија. Познатиот српски географ Јован Цвииќ при посетата во 1898 година на овој регион Негорските минерални бањи ги детерминира како термоминерални извори, кои само слободно извираат без притоа да имаат своја намена, затоа што практично не постоеле никакви објекти за нивно користење. Во 1903 година по налог на Шукри-паша, заповедникот на Османлискиот гарнизон од Гевгелија, била изградена зграда (бања) на појакиот (потоплиот) извор, која што била поделена на два базена – машки и женски, со простории за одмор по капењето. Исто така, северно од овој базен, на оддалеченост од 100 м, бил изграден и друг објект (ладна бања) и тоа со два базена и две простории за одмор. Овие базени биле изградени во тркалезна форма, а водата во базените стално протечувала. Од овие два објекта денес постојат само остатоци, а меѓу народот базените се нарекуваат Шукриеви бањи.

Негорски Бањи денес имаат, главно, медицинска функција. Водата се користи за капење и делува благопријатно со својата топлина и хидрографскиот притисок. Посебно е значајно за бањата што нејзината топлина е скоро еднаква со телесната топлина на човекот, а корисна е во лекувањето на голем број болести, меѓу кои ревматски заболувања, дегенеративни заболувања на коски, зглобови и ’рбетниот столб, посттрауматски и постоперативни состојби, заболувања на нервниот систем, дерматолошки заболувања (псоријаза, егземи), заболувања на уринарен систем, кардиоваскуларни заболувања, респираторни заболувања, латентен дијабет, остеопороза, пореметување во менструален систем и лекување на женски стералитет, кое е единствено во Република Македонија. Во составот на бањите постои здравствен оддел за терапевски услуги, а во бањите се застапени електротерапија, кинези-терапија, парафин-терапија, мануелна терапија и рачна масажа (реласакциона, медицинска, спортска). Одделот за терапија дневно опслужува до 180 пациенти, а терапевските услуги ги вршат лекарски, физиотерапевски, сестрински и друг стручен персонал[8].

Во 2010 година, во општина Гевгелија имало вкупно 81 лекар, 61 специјалисти или еден лекар на 428 жители, а веќе во 2015 година бројот се зголемува на 91 лекар, од кои 55 специјалисти или еден лекар на 376 жители.

Исто така, фармацевтската дејност во Гевгелија се развивала паралелно со развојот на здравството. Во Гевгелија, веднаш по Првата светска војна д-р Анасташевиќ ја отворил првата аптека која работела сè до 1941 година. Во 1928 д-р Анасташевиќ изградил нова, современа аптека, каде во 1937 година е вработен и вториот дипломиран фармацевт Ѓорѓе Јанешлиев. Оваа аптека била добро снабдена со лекови. Во 1966 година во Гевгелија е изградена нова современа аптека во која работат покеќе магистри и техничари, а која работела сè до распаѓањето на СФРЈ.

Од осамостојувањето на Република Македонија во Гевгелија бројот на аптеки константно се менува во зависност од демографските движења на населението во градот. Денес во Гевгелија работат вкупно 11 приватни аптеки, обезбедени со факултетски кадар.

Во Гевгелија има многу развиена стоматолошка здравствена услуга, која ја обезбедуваат повеќе приватни стоматолошки ординации кои нудат квалитетна здравствена заштита на населението во и надвор од Гевгелија.

Прва аптека









# ДЕЛ ЧЕТИРИНАЕСЕТТИ

# КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИТЕ И ОПШТЕСТВЕНИ ПРИЛИКИ ВО ГЕВГЕЛИЈА ОД МИНАТОТО ДО ДЕНЕС



# ГЛАВА 1.
# ПРОСВЕТАТА ВО ГЕВГЕЛИЈА – ТУЃИТЕ ПРОСВЕТНИ ВЛИЈАНИЈА

Туѓите просветни влијанија во Гевгелија и Гевгелиско во минатото биле силни и истите извршиле големи штети врз националната, црковно-духовната и општествено-политичката определба и слобода на гевгеличани и месното население околу градот. Овие пропагаторски, асимилаторски и шовинистички оператури во Гевгелија, главно, биле спроведувани преку матичните цркви на овие држави. Таквата нивна воено-политичка практика ја остварувале не само со помош на оружјето, туку и преку насилна просветно-образовната дејност и преку отворање на туѓи училишта.

## 1.2 ГРЧКОТО ПРОСВЕТНО ВЛИЈАНИЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Најсилното политичко и социјално влијание во Гевелија наметнувала грчката национална пропаганда која била засилена во јужните градови на Вардарска Македонија. Особено по уништувањето на Пеќката патријаршија (1766 година) и афтокефалната Охридска архиепископија (1767 година), а како центар на грчката пропаганда била Цариградската патријаршија. Елинизацијата во Гевгелија ја вршел црковниот грчко-патријаршиски апарат преку своите црковни поданици.

Јоанис Ксантис во својата книга „Историја на Гевгелија", забележува: „Гевгелија пред 1880 година немаше училиште, зашто поради малиот број на жители не само што не постоеше доволен број на ученици, но и малкубројните нејзини жители не можеа да поддржат еден учител. Од оваа година наваму е подигнато едно мало, ниско, направено со плитари училиште со една сала. Учениците учеа само писма, но не и грчки јазик и така учениците читале слободно, но без да го познаваат значењето и суштината на она што го читале[1]."

Јордан Иванов во 1915 година забележува дека во периодот од 1858 до 1868 година во Гевгелија имало едно ланкастерско училиште со учебен јазик – грчки и со еден учител Грк, додека околината е обично целосно словенска и во самиот град домашен јазик е словенскиот. Според исказите на постарото месно население се смета дека во Гевгелија имало грчко училиште уште пред 1880 година. Бројот на ученици во грчкото училиште, сè до 1880 година, во сите одделенија бил 50 ученици, по што започнала организирана грчка училишна дејност[2].

Во 1886 година, со финансиски средства на грчката државна каса, во дворот на црквата „Св.Троица"[3] , во кое биле сместени основното и прогимназијалното машко и женско училиште и забавиштето[4] било отворено и грчко училиште. Грчката Цуфлиска школа, која била на два ката, имала 7 сали, 4 училници, една канцеларија и една голема сала за свечености на долниот кат. Оваа сала се употребувала и како забавиште и како сала за свечености по повод празникот на Св.Троица, на кој празник се одржувал и помен во чест на добротворот Цуфли[5] и починатите дотогашни учители.

Оваа училиште во 1901/1902 година било урнато и на негово место било изградено двокатно, од нов тип, додека во текот на Првата светска војна ова хигиенско училиште било повторно разурнато, а по војната училишнната зграда била повторно приспособена и во неа било сместено училиштето „Крсте Мисирков"[6] кое денес се наоѓа северозападно во град Гевгелија.

Според податоци на А. Тошев во текот на учебната 1889–1900 година, прогимназијалното машко училиште имало 4 учители, еден од Струмица - раководител на училиштето, кој добивал 120 турски лири годишно, двајца од Гевгелија, а за еден не се знае од каде бил. Во женското училиште имало две учителки, едната од градот, а другата од Солун, а во него заедно со забавиштето имало вкупно 250 ученици, од кои 160 машки и 90 женски. Во 1905 година во Гевгелија, во основното и прогомназијалното училиште имало вкупно 7 учители и учителки и 200 ученици[7].


Грчко „Цуфлијско" училиште

## 1.3 БУГАРСКОТО ПРОСВЕТНО ВЛИЈАНИЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Бугарското просветно влијание поинтензивно проникнува во Македонија, вклучувајќи ја и Гевгелија, во 70-тите години на XX век. Спроводник на тоа влијание била Егзархијата[8] која освен црковно имала и национално-политички карактер.

Гевгелија и Гевгелиско не влегувале во состав на Егзархијата, но тоа не ѝ пречело на Егзархијата да го прошири своето влијание и во овие краишта на Македонија кои не биле под нејзина јурисдикција, па и во Гевгелија. Влијанието на Егзархијата во Гевгелија, на прв поглед, се покажало надежно за населението на градот и истото било релативно прифатено, бидејќи населението преку него очекувало истиснување на туѓиот грчки јазик и просвета

и воведување на словенски народен јазик во црквите и отварање на училишта на словенски, македонски јазик. Всушност, Егзархијата своето влијание го засилувала преку отварање на егзархиски училишта во Македонија, па и во Гевгелија.

Најпрво, Егзархијата отворила училишта во некои села во Гевгелиска околија, а во 1875 година за првпат отворила училиште во Гевгелија[9]. Прв егзархиски учител во Гевгелија бил Јанаки С. Балтаџиев од с. Гајтаново[10]. Егзархиското училиште во Гевгелија од 1857 година, всушност, било македонското општинско училиште кое поради притисок на Патријаршијата и поради слабата економска состојба не можело да опстане. Ова училиште било сместено во куќата на Тодор Ќаев, а во 1882 училиштето било преместено во словенскиот параклис каде што денес се наоѓа црквата „Св. Кирил и Методиј".

Во 1886/1887 година во Гевгелија имало две егзархиски училишта (според С. Тошев), а во 1889/1890 година покрај нив било отворено и забавиште. Тогаш машкото училиште имало 4 одделенија и 2 класа, а женското имало 4 одделенија и 1 клас. Во прво одделение имало 9 ученици, во второ 7, во трето немало и во четврто 4. Во забавиштето имало 35 машки и 20 женски деца. Во 1891/1892 година бил отворен први, односно, втори клас, а во 1896 година бил отворен трети клас. Бројот на ученици во прогимназијалното училиште во Гевгелија под егзархиска управа се движел од 41 ученик во 1897/1898 година до 343 ученици во 1904/1905.

## 1.4 СРПСКОТО ПРОСВЕТНО ВЛИЈАНИЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Од 1868 до 1889 година српското просветно влијание немало големо значење  јужно од Велес. Со Основањето на Политичко-просветно одделение при Министерството за надворешни работи на Србија, во 1889 година започнало да навлегува српското влијание и во Гевгелија. Ова политичко-просветно влијание имало за задача отворање на српски училишни општини, по пример на Егзархијата, печатење на учебници, книги и весници и школување на питомци од Македонија.

Со давање на царско ириде од 1. јули 1895 година Србија започнала слободно да отвора училишта во Солунскиот и Битолскиот вилает. Во Гевгелија во тој период се ширела српската пропаганда, која била прифатена од некои фамилии во градот. Во април 1897 година во Гевгелија било отворено српско основно училиште во куќата на Насо Велев, на главната улица, близу тогашната зграда на гимназијата и економското училиште.

Бројот на ученици во четирите одделенија до 1908 година, до кога и постоело, не изнесувал повеќе од 20–50 ученици. Според сеќавањето на Јован Џаџев и Јордан Поп Спојков, првиот учител во Гевгелија бил некој си Црногорец Јованче, па Симо Тетовчанец и други. Но, најдолго време како учител се задржал Стефан Тановиќ, роден во Богородица, Гевгелиско.

## 1.5 ДРУГИТЕ УЧИЛИШНО-ПРОСВЕТНИ ВЛИЈАНИЈА ВО ГЕВГЕЛИЈА

Освен највлијателните училишно-просветни мисии, како грчката, бугарската и српската, во Гевгелија имало и навлегување на романската, унијатско-католичката и турската просвета, преку отварање на истоимени училишта во Гевгелија. Романското просветно влијание во Гевгелија било поддржано од влашката население, особено по 1900 година. Ова влијание во Гевгелија навлегло од Солун преку трговска размена и комуникација на Власите од Гевгелија и Солун. Како резултат на оваа дејност и напорите на неколку влашки семејства од Гевгелија во учебната 1990/1901 година, во Гевгелија е отворено и влашко училиште. Училиштето било сместено во куќата на Наум Влаот, на источната страна од „Пољаната", а го отворило Македонско-романското друштво од Букурешт. Меѓу учителите бил Петар Јуфа и неговата жена, но учители биле испратени и од Прилеп и од Романија. Во училиштето се предавало на романски јазик (влашки), имало 4 одделенија со 7–10 ученици, на почеток, а во 1905 години достигнало и до 20 ученици[11].

Кога станува збор за турската просвета во Гевгелија, турската политичко-воена власт, како доста доминантна во градот, не го афирмирало културно-просветниот живот во градот и, воедно, не бил доволно оптштествено форсиран, па сè до 1908 година турската образовна дејност назадувала зад патријаршиската и егзархиската.

До 1890 година Турците имале две училишта од кои едното било основно, а другото еден вид духовна семинарија. Во истата година е формирано уште едно основно училиште. Сите училишта биле сместени во џамиите, а изведувачи на наставата биле оџи. Главна книга која ја изучувале учениците била верската книга Коран[12].

Унијатската просветна дејност во Гевгелија е најсилна во 1881 година, по доаѓање на архиепископот Нил. Тоа настојувал да се изгради католички параклис и да се отвори унијатско училиште. Се смета дека основното унијатско училиште во  Гевгелија е отворено во учебната 1885/1886 година кога е изграден унијатскиот параклис и конакот. На тоа место се наоѓа истата зграда каде денес е сместено основното музичко училиште „Васо Карајанов", а параклисот, кој денес не постои, се наоѓал во самиот двор на конакот[13].

Во периодот од 1890 до 1895 година основното унијатско училиште прераснува во унијатска прогимназија. Наставата се одвивала на македонски јазик, а имало вкупно 20 ученици во сите паралелки. Училиштето било сместено во просториите на конакот, а меѓу учителите Македонци бил и Јероним Стамов. До 1912 година бројот на ученици изнесувал 10 души од Гевгелија[14].

# 1.6 МАКЕДОНСКАТА ПРОСВЕТНА ДЕЈНОСТ ВО ГЕВГЕЛИЈА И ПОТРЕБАТА ОД НАЦИОНАЛНА МАКЕДОНСКА САМОБИТНОСТ МЕЃУ ГЕВГЕЛИЧАНИ

Во 60-тите години на XX век во Гевгелија и Гевгелиско започнале за првпат да се отвораат општински училишта на народен јазик, т.е. говорен македонски јазик. За оваа дејност најрано и најмногу се залагал архимандритот Хаџи Павел Божигропски. Тој во 1852 година го превел Евангелието од грчки на словенски јазик и го растурил во Солунско, Воденско, Ениџе-вардарско и Гевгелиско. Бил во честа посета на Гевгелија и Гевгелиско. Како резултат на неговата родољубива дејност се основани првите народни т.е. македонски училишта во Јужна Македонија: Ениџе-Вардар, Воден, Солун и Гевгелија во 1865, а за секое училиште годишно давал по 1.000 гроша.

Покрај овој голем преродбеник, кој извршил силно влијание за македонската националната свест во Гевгелија и Гевгелиско, други такви преродбеници кои дејствувале во Гевгелија и Гевгелиско биле Партениј Зографски и Кузман Шапкарев кои често ја посетувале Гевгелија. Но, и Венјамин Мачуковски кој честопати навраќал во своето родно место Мачуково и во Гевгелија каде што вршел одредено влијание







сред широките народни маси со цел тие да се отргнат од Грчката патријаршија.

Развојот на школството и образованието најдиректно влијаело и на појавата и разгорот на национално-ослободителното движење во Гевгелија и Гевгелиско кое, особено по формирањето на ВМРО, во илинденскиот и поилинденскиот период, оставило длабоки и неизбришливи траги. До крајот на 80-тите години на XIX век до 1912 година од Гевгелија вкупно 65 лица завршиле средно образование, а 10 више и високо. Развојот на школството во овој крај доживува голема стагнација по Балканските војни, Првата светска војна, делбите на Македонија и периодот меѓу двете светски војни, но и фашистичката окупација.

## 1.7 УЧИЛИШНА ПРОСВЕТНА ДЕЈНОСТ ВО ГЕВГЕЛИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ (1912/13–1944)

Во текот на учебната 1912/1913 година ниедно училиште во Гевгелиската и Валандовската околија не работи поради воените дејствија од I Балканска војна. Во текот на II Балканска војна во Гевгелија е отворено прогимназијално училиште, меѓутоа во почетокот на Првата светска војна и низ целата војна културно-просветниот живот во Гевгелија е сведен на минимум.

Големосрпската денационализаторска политика меѓу двете светски војни била спроведена преку училиштата. Во 1919/20 година во Гевгелија е отворено првото основно училиште[16], а во 1920/21 година биле отворени првите прогимназијални паралелки во Гевгелија, со воведување на полудневна настава[17]. Оваа неполна гимназија не функционирала редовно. Од 1919 до 1941 година во Гевгелискиот регион завршиле средно училиште само 30 ученика и 13 студенти дипломирале на разни факултети. Така во 1935/1936 година во Гевгелиската околија скоро 50 % од населението било неписмено[18].



## 1.8 ПРОСВЕТАТА ВО ГЕВГЕЛИЈА ВО ПЕРИОДОТ ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО (1944/45–1990)

Првите македонски училишта во Гевгелија, по ослободувањето, беа отворени во учебната 1944/1945 година, а неполна гимназија во наредната 1945/1946 година, со петти клас, кој по две години работење е укинат. Така, денешниот СОУ„Јосиф Јосифовски" својот почеток го доживува во 1952 година кога неполната нижа гимназија, со исто име, прераснува во Полна (осумкласна) гимназија. Со работа започнува на 28. септември во новоизградена зграда кај железничката станица во која учат трети, петти и еден шести клас. Во 1956/57 година доаѓа до трансформација на школскиот систем и училиштето станува Виша гимназија со четири виши класа, додека нижите се приклучуваат кон ОУ „Владо Кантарџиев".

Гимназијата не работи во 1959/60 година, а повторно продолжува со работа следната година, како Економско училиште, сè до 1970/71 година. Во 1976 година извршено е интегрирање со Металското училиште „Ристо Поп-Ристов", при што е формиран Училишниот центар за средно образование „Јосиф Јосифовски", со 19 паралелки во гимназиска и 6 паралелки во металска насока.

Според стопанските потреби следи отворање на електронасока во 1977/78 и угостителска насока во 1978/79 година. Гимназијата во 1982/83 година според новиот концепт се трансформира во Биотехничка и Културолошка гимназија. Веќе во 1989 година во средното образование се воведува нова реформа со што се воведени струките: природно-математички техничар и информатички техничар, покрај веќе постоечките: културолошка, машинска и угостителско-туристичка струка во која освен образовните профили од III степен (готвач и келнер) е воведен образовен профил од IV степен (хотелско-туристички техничар).

Подоцна се укинати економската и електро-струката, а гимназиската се трансформира така што природно-математичката струка стана природно-математичка гимназија, а учениците од културолошката насока се определија за општа гимназија. Во 1991 година се воведе завршен испит за учениците во завршните класови, а за учениците од гимназија матура која беше укината со воведување на насоченото образование. Во 1992 година се воведе приемен испит за запишување во средно образование. Иновации гимназиското образование доживува во 2001/02 година кога се воведени изборните подрачја: општествено-хуманистичко, природно-математичко и јазично-уметничко подрачје. Приемниот испит во средно образование е укинат, а полагањето државна матура им овозможува на учениците да се запишат и на избраниот факултет без полагање приемен испит.

Во 2006/07 година е повторно воведена економска струка, а во машинската струка во 2009/10 година нов образовен профил автотехничар-мехатроничар во 2009/10 година. Со вака поставена структура на образовни профили направен е обид да се одговори на потребите на пазарот на трудот, како и на желбите и интересите на младите луѓе, водејќи грижа за нивно ефективно вклучување во современите општествени настани и побарувања.


Изградба на УВ„Ј.Јосифовски“


Првото училиште во куќата на Ристо Ќаев

Веднаш по ослободувањето, во 1944 година, е основано ООУ „Владо Кантарџиев". Училиштето работи 12 години како четригодишно основно училиште, а како осмогодишно основно училиште работи до денес, односно 60 години. Училиштето располага 4.000 м$^2$ корисен простор и 12.000 м2 училиштен двор. Во училиштето работи библиотеката „Антон Димитров", која го носи името на нашиот сограѓанин, кој живееше и почина во САД, а својата заштеда, пред смртта, ја подари на својот град Гевгелија за изградба на училиштето. Инаку, дел од ова училиште се и подрачните училишта во Мрзенци и Богородица[19].

ООУ „Крсте Мисирков" е изградено во 1967 година, како продолжение на истоимeното училиште кое било лоцирано во центарот на Гевгелија, кај старото грчко училиште, односно на местото на денешниот хотел „Аполонија". Училиштето е на два ката и располага со корисен простор од 1.211 м2 и двор со површина од 4.116 м2 или вкупна површина од 5.327 м2. Училиштето располага со 20 училници, 4 кабинети, 1 спортска сала и 1 надворешно спортско игралиште. Во 1995 година била направена двокатна доградба како нов административен дел. Во рамките на ова училиште се наоѓа и подрачното училиште во Моин[20].

Во Гевгелија работи и основното музичко училиште „Васо Карајанов", основано со акт на Собранието на општина Гевгелија од 5. октомври 1978 година, а се наоѓа во просториите на некогашната гевгелиска болница и породилиште. Во учебната 1983/1984 година во ова училиште заврши првата генерација[21].

Остатоци од Егзархиското училиште



# 1.9.ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ГЕВГЕЛИЈА ДЕНЕС

Просветно-образовниот систем во Гевгелија денес се спроведува во 5 образовни институции, меѓу кои две основни училишта „Владо Кантарџиев" и „Крсте Мисирков", едно средно општинско училиште „Јосиф Јосифовски", една високо образовна институција – Факултет за туризам, бизнис и логистика и едно основно незадолжително музичко училиште „Васо Карајанов".

СОУ„Јосиф Јосифовски" е сместено во објект со површина од 3157 м2, кои опфаќаат: простории за раководната служба и наставниците, простории за ученички организации и библиотека, училници за општа намена кои имаат компјутерска техника, специјализирани наставни простории и простории за информатика, угостителска и фискултурна сала и работилници. Училиштето има 48 простории, административни и простории за изведување настава. Учениците од прва до четврта година следат настава во гимназиско образование (општествено-хуманистичко подрачје и природно-математичко подрачје), угостителско-туристичка струка, машинска струка и економско-правна и трговска струка.

Во изминатиов период во училиштето постигнати се голем број измени во инфраструктурата на училишната зграда, како и осовременување и усовршување на техниката и нагледните средства, со што е овозможен напредок за остварување на подобар и поефикасен наставен процес. Едновремено училиштето е доближано до степен на енергетски ефикасно и модерно училиште.

Исто така, со бројни инфраструктурни зафати значително се подобрени условите за престој и настава во основните училишта „Владо Кантарџиев" и „Крсте Мисирков". Притоа,

преку целосна замена на столаријата и други конкретни зафати зголемена е енергетската ефикасност.

Во учебната 2016/2017 година во СОУ„Јосиф Јосифовски“ наставата ја следеле 756 ученици во 38 паралелки, од кои 337 ученици во гимназиско образование, а 419 ученици во стручно образование.

Во ООУ„Владо Кантарџиев“ наставата во учебната 2016/2017 година, од прво до деветто одделение, ја следеле 786 ученици, и тоа, во 37 паралелки. Додека во ООУ„Крсте Мисирков“ во истата учебна година, наставата од прво до деветто одделение ја следеле 764 ученици, организирани во 33 паралелки.

На Факултетот за туризам, бизнис и логистика, отворен во 2008 година, во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, досега се запишани 1.072 студенти, од кои 310 се дипломирани.











## 1.10.Предучилишно образование во Гевгелија

Првата детска градинка во Гевгелија била отворена веднаш по ослободувањето, во просториите на старото училиште „Работнички", каде што бесплатно биле згрижени 30 деца, чии мајки работеле во Филатурата. По неколку години бројот на децата се зголемува на 150, а во куќата на улица „Ѓорѓе Велков" 10 во Гевгелија биле отворени и првите јасли, каде што биле згрижени 25 бебиња. Во 1961 година со решение на месната заедница „Нов дом" е регистрирана детската градинка „Детска радост", која денес својата дејност ја реализира во 6 наменски објекти.

Имено, предучилишното образование и згрижување на децата, во рамките на ЈОУДГ „Детска радост", се врши во Централната детска грдинка (1978 г.),„Цветови" (1982 г.) и „Сончогледи" (1983 г.) во Гевгелија, како и во детските градинки во Негорци, во Миравци и во новоизградената детска градинка „Малото штркче" во Богородица. Наскоро, со изградбата на новиот објект, и децата од Прдејци ќе бидат згрижени во детска градинка.

Во учебната 2016/2017 година во сите шест детски градинки, во Гевгелија и во населените места, се запишани 652 деца, од кои 54 во детските јасли. Тоа значи дека 55% од децата до 6 годишна возраст во општина Гевгелија се опфатени со предучилишното образование. Во рамките на кругот на детската градинка „Цветови" во Гевгелија работи и Дневниот центар за деца со посебни потреби.



# ГЛАВА 2. БИБЛИОТЕКАРСТВОТО ВО ГЕВГЕЛИЈА[22]

Во 1910 година по иницијатива на учителите и учителките во градот формирано е првото градското читалиште кое го носело името „Просвета". До формирање на ова читалиште дошло како резултат на општествено-економскиот развој на градот. Имено, местоположбата на градот и комуникациската поврзаност претставувале важен фактор за кон крајот на XX век да се појават разновидни културни активности.

Во периодот меѓу двете светски војни читалиштето не работело редовно. Имало години, посебно кога неговите управи биле во рацете на симпатизерите на работничкото движење или во рацете на самите партиски организации, кога читалиштето било затварано. Таков бил случајот во 1924, 1928 и 1938 година. Во време на фашистичката окупација читалиштето работи повремено и претставувало значајно место за ширење на напредните идеи. Окупаторот прекуаквите институции се обидувал да ја спроведува политиката на денационализација, но скоро безуспешно.

Во 1941 година, под притисок на неколкумина напредни дејци, околискиот управник Кирил Драгомиров бил принуден да свика јавен собир за основање на читалиште. Овој собир се случил во Фискултурниот дом и на него присуствувале околу 300 души, главно младинци. Меѓутоа, бугарската власт брзо заклучила дека зад оваа дејност стојат организирани комунисти и дека читалиштето е со антибугарски карактер.

По слободувањето на Гевгелија и формирање на народноослободителен одбор, започнале активностите за обновување на читалиштето. По овој повод повикани се сите граѓани да ги донесат сите научни или просветни книги со кои располагаат, во Културниот дом. Со оваа народна акција во 1944 година биле собрани околу 3.000 книги, а во наредната 1945 година, во почетокот на февруари, Градската библиотека ја започнала својата работа. Таа била сместена во приватната просторија на гевгеличанецот Мицо Чугунцалиев, а во 1945/50 е преместена во сегашната зграда, но само на првиот кат. Во 1960 година се отвораат повеќе селски библиотеки како матични клонови на гевгелиската Градска библиотека. Во 1985 година на библиотеката ѝ е отстапен и вториот кат од зградата, со што Библиотеката добила вкупен простор од 250 м$^2$.

Прв библиотекар бил Димитар Ристов, кој во Библиотеката работел до своето пензионирање во 1957 година, а потоа за раководител бил назначен Александар Вацев. Во периодот од 1962 до 1978 година библиотеката во Гевгелија работи со тројца библиотекари, шест подрачни библиотеки и со вкупен број од 10 работника, а во наредните години се вработуваат тројца со високо образование, така што во 1985 година библиотеката имала вкупно 12 работника и во годините што следувале, до 1995 година, во Библиотеката работеле 19 луѓе.



Библиотеката располагала со богат книжен фонд од различни жанрови. Во 1945 година Библиотеката располага со 300 книги. Во 1957 година детското одделение располагало со 600 книги, а одделението за возрасни со 2.730 книги. Во 1967 детското одделение располагало веќе со 4.776 книги, а возрасното со 9.446 книги. Во 1987 година бројот на детското одделение се зголемил на 12.400 книги, додека бројот на книги во возрасното одделение 23.056 книги. Во 1995 детското одделение располагало со 19.200 книги, а возрасното одделение со 27.303 книги. Исто така и бројот на членови низ годините перманентно се зголемувал, така што во 1976 имало 1.119 членови, во 1977 година 1.149, во 1978 1.200, додека во 1995 година бројот на членови изнесувал 1.030.

Библиотеката располагала со богата збирка од весници и списанија и тоа 66 насловни списанија и 18 весници од кои биле формирани 987 томови периодични публикации. Во овој оддел била вклучена и збирката од посебен специфичен книжен фонд од над 400 библиотечни единици, меѓу кои е и оригиналот на „Огледало" од Кирил Пејчиновиќ. Целиот книжен фонд е сместен во посебен магацински простор опремен со стандардна билиотечна опрема. Денес Библиотеката го носи името на македонскиот револуционерен деец „Гоце Делчев", располага со 60.000 наслови, монографски публикации од кои 8.000 се за деца. Годишно во Библиотеката членуваат над 1.000 членови.





Димитар Ристов, прв библиотекар



Оригиналот на „Огледало" од Кирил Пејчиновиќ





# ГЛАВА 3.
# ЛИТЕРАТУРНО ТВОРЕШТВО

Гевгелија отсекогаш имала богато литературно творештво на плеада литературни творци, кои оставиле белег во македонската литература.

Владимир И. Картов е македонски историчар, правник и професор, автор на голем број научни и стручни трудови. Со богато творештво. Роден е во Смоквица, Гевгелиско (1935), дипломирал на Вишата педагошка школа во Скопје на групата историја-географија и на Филозофскиот факултет во Скопје, на групата историја, како вонреден студент. Исто така, дипломирал на Правниот факултет во Скопје во април 1964 година. Во меѓувреме се запишал на постдипломски студии на Факултетот за политички науки во Белград, а во 1974 година ја одбранил докторската дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје под наслов: „Културно-просветната политика на владејачките режими во Југославија спрема македонскиот народ во периодот меѓу двете светски војни. Во 1975 годна д-р Владимир Картов е избран за доцент на Правниот факултет во Скопје, каде што работи како професор. Тој за монографијата на истакнатиот македонски револуционер Сава Михајлов, во 1977 година ја добил Седмоноемвриската награда на општина Гевгелија, во вид на златна плакета.

Георги Старделов е македонски естетичар, есеист, литературен критичар, теоретичар и академик. Роден е во Гевгелија (1930), дипломирал филозофија на Филозофскиот факултет во Белград, докторирал по филозофски науки во 1965 година, а бил професор на Филозофскиот факултет во Скопје (1956-1966), негов декан (1975-1977), прв декан на Интердисциплинарните студии по новинарство (1977-1981), претседател на Друштвото на писателите на Македонија и претседател на Македонскиот ПЕН центар. За член на МАНУ бил избран во 1986 година, во периодот од 2000 до 2004 година бил потпретседател на МАНУ, а од 1 јануари 2008 година бил избран за претседател на МАНУ. Во МАНУ од 1993 година раководел со макропроектот „Историја на културата на Македонија" од кој во негова редакција биле издадени 20 тома. Старделов е плоден научен работник во повеќе дисциплини (филозофија, историја, естетика, теорија и социологија на културата и уметноста, историја на литературата



д-р Владимир Картов



Илија Карајанов



Илија Цацев



Ристо Стамков

Јово Камберски (1923-1995), роден е во Гевгелија, завршил средно образование, покрај другото бил и директор на „Вардар - филм" во Скопје. Член на ДПМ од 1979 година, има објавено две книги со раскази и четири романи, меѓу кои и „Пресуда".

Илија Карајанов, македонски поет, есеист и критичар.Роден е во Гевгелија (1943-2016), завршил Филолошки факултет во Скопје, по што работи како професор во гимназијата „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија. Член на ДПМ е од 1987 година и автор на повеќе стихозбирки: Сончогледово око (1978), Цветови на слободата (1979), Полноќен сонопис (1987), Сономорје (1991), Слики од југот (1995), Зорници во сонот (1997), Сонети без почеток и крај 1999), Свилени звуци (хаику поезија, 2000).

Илија Цацев (1926 - 1991) македонски поет, роден е во Гевгелија, завршил Природно-математички факултет, група географија во 1954 година, работел како професор по географија во гимназијата „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија. Објавил 19 стихозбирки, а бил член на Друштвото на писателите на Македонија од 1990 година.

Ристо Стамков, автор е на 16 книги, претежно роднокрајна литература. Роден е во Стојаково (1939) завршил високо образование и работел до пензионирањето како наставник.

На помладата генерација на автори и припаѓаат неколку имиња, кои со свои литературни трудови го збогатиле гевгелиското творештво. Кирил Кангов е автор на две книги на поезија и член на ДПМ, а младиот писател Стефчо Стефанов на својот роден град му го подари првиот толковник на зборови со гевгелиски дијалект „Гевгелексикон". Прерано починатиот млад автор Бошко Бозаџиевски (1981-2008) својата прва стихозбирка „Плачот на ангелот" ја објави на 17 годишна возраст.

Стефан Марковски е македонски писател, поет и филозоф од најновата генерација на македонски писатели, член е на ДПМ. Роден е во Гевгелија (1990), каде завршил основно и средно образование, дипломирал на Катедрата за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот Факултет „Блаже Конески" и е апсолвент на Институтот за Филозофија на Филозофскиот Факултет при Универзитетот „Св. Кирил



Стефан Марковски



Стефчо Стефанов

и Методиј“ во Скопје. Моментно е на постдипломски студии на Факултетот за Драмски Уметности - насока Филмско и ТВ сценарио. Марковски е автор на неколку стихозбирки, збирка на раскази и два романи, а добитник е на Седмоноемвриската награда на општина Гевгелија, награда на GOI – Токио и UNESCO во 2009, наградата Бели мугри и други награди.

Од Гевгелија и поранешната територија на општината потекнуваат неколку познати македонски книжевни имиња, како што се Димитар Ќорнаков, кој е роден во Стојаково и и припаѓа на првата генерација македонски истражувачи на средновековната уметност и на богатото културно наследство. Тој е автор на повеќе монографските трудови, меѓу кои „Творештвото на мијачките резбари“, „Македонска резба“, „Македонски манастири“, „Резбарски центри во Македонија“, „Цркви и манастири во Тиквешијата“, „Соборните храмови во Македонија од времето на преродбата“.

Од овој крај потекнуваат Атанас Вангелов, македонски поет, раскажувач, критичар, есеист, книжевен теоретичар, драмски автор, преведувач, кој е роден во Богданци (1946) и Васил Тоциновски, македонски писател, есеист, критичар, книжевен историчар и преведувач, кој е роден во Стојаково (1946).

# ГЛАВА 4.
# ТЕАТАРСКАТА ДЕЈНОСТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Првата театарска претстава која е изведена во Гевгелија на македонски мајчин јазик е претстава „Македонска крвава свадба“, која била забранета. Оваа претстава првпат е изведена во 1905 година во куќата на Аргир Манасиев, учител од Мачуково. Во периодот од 1908 до 1912 година во Гевгелија почнале да се прикажуваат првите театарски претстави чиј носител била учителската интелигенција и лица кои се школувале во Солун, Цариград и други места.

Според пишаните документи во летото 1908 година, непосредно по прогласувањето на Хуриетот, по иницијатива и раководство на Васил Дудуклиев, тогашен студент по медицина во Бејрут, во Гевгелија била прикажана пиесата „На сила оженување“. Всушност, во 1909 година, во основното училиште, во дворот на денешната црква „Свети Кирил и Методиј“, е формирана првата театарска група, машка и женска, која настапувала со повеќе театарски претстави.

Со основањето на првата театарска група, во основното училиште во дворот на црквата била адаптирана специјална сала за театарски претстави. Тука најчесто се изведувале претставите „Ревизор“ од Гогољ, „Разбојници“ од Шилер и многу други. Интресно е да се спомене дека овие театарски претстави се изведувале на локален гевгелиски говор. Теарскиот живот постојано се одржувал сè до почетокот на Првата светска војна.

Со изградба на Соколскиот дом во 1935 година започнува и поорганизиран театарски живот во градот. На репертоарот се наоѓале популарни претстави како „Сомнително лице“ од Б. Нушиќ, „Јазовец пред суд“ од П. Кочиќ и други, кои можеле да ги видат не само гевгеличани, туку и жителите од околните населби. Аматерската театарска група гостувала во Дојран, Валандово, Богданци, Миравци, а неколкупати дури и во Солун.

Меѓутоа, театарскиот живот во Гевгелија го достигнува својот врв со изградбата на Народниот театар во 1955 година. Театарската сезона ја отворал полупрофесионален ансамбал кој за кратко време го збогатил репертоарот на претстави кои привлекувале големо внимание. За доајен на гевгелиското глумиште се смета Ванчо Дуганов, потоа, Јован Камберски, Жарко Хаџикојчев, Марија Каркалашева, Ташка Хаџи Митрева, Душко и Родна Данаилови и многу други.

Во 60-тите години аматерскиот театар во Гевгелија престанува со работа, но во 1970 се формира КУД „Јосиф Јосифовски“, а во негови рамки и драмската секција која ја продолжила работата на аматерскиот театар. Всушност, КУД „Јосиф Јосифовски“ се формира по 60-тите години, а од 70-тите почнува поинтензивно да работи. Бил формиран добар артистички тим чиј член бил и афирмираниот македонски артист Мите Грозданов. Заедно со него во 1970 година била изведена и првата премиера на „Црнила“ од Коле Чашуле која на Републичките аматерски драмски смотри добила две награди и три пофалници. Гевгелискиот аматерски театар бил прогласен за најдобар во Македонија, а се здобил со три златни маски освоени на репрезентативните театарски аматерски смотри во Требиње.

Во 1990 година земјотресот му нанел сериозни штети на Народниот театар, а шест години подоцна, во 1996 година, Народниот театар во Гевгелија го зафати пожар при што овој значаен објект остана без покрив. Во декември 2011 година, со финансиска поддршка од ЕУ, која издвои 438.000 евра, но и со дополнителните 150.000 евра што ги издвои општина Гевгелија, зградата на Народниот театар во Гевгелија беше целосно реконструирана. Со тоа театарот повторно му беше вратен на градот со богата театарска традиција.

Во меѓувреме театарската дејност во Гевгелија ја продолжуваат неколку аматерски драмски групи. Во 1995/96 се формира драмската група „Дон Кихот“, која сè уште работи и







на театарската сцена во градот има поставено 24 претстави за возрасни и 5 детски претстави, во режија на професорката Даниела Цишева. Во истиот период, во рамките на Пионерскиот дом работи детска театарска точка на поставки која, која под раководство на Нада Ристова, има повеќе пригодни драмски поставки. Во 2001 година е формирана театарскатагрупа за деца и млади „Малиот принц", која под раководство на Тони Аврамов, реализира неколку театарски претстави.

Од 2002 до 2009 година, работи аматерското театарско друштво „Кабаре 6", кое на сцената во кино „Култура" поставува алтернативни едночинки, а учествува и на Festival alternativnog kazališnog izricaja, во Р Хрватска.

Од 2007 година свој придонес во театарскиот живот на Гевгелија има драмската секција при СОУ „Јосиф Јосифовски". Младите актери на театарската сцена имаат поставено повеќе целовечерни театарски поставки, во режија на професорката Жаклина Атанасова, како и една праизведба во Република Македонија на драмата „Супермен го убија неколкумина непознати" од Катарина Тодоровиќ. Меѓу драмските изведби на оваа театарска група се: „Сомнително лице" од Бранислав Нушиќ, „Балканот не е мртов – магија Еделвајс" од Дејан Дукоски, „Сон на летната ноќ" од Вилијам Шекспир, „Чорбаџи Теодос" од Васил Иљоски, современата американска драма „Сметка, молам" од Џонатан Ранд со која што драмската група ја освои втората државна награда на натпреварот МАССУМ 2015, бронзен медал на Меѓународниот фестивал на уметностите „Утринска ѕвезда" одржан во Банско 2015 година, како и сребрен медал на истиот фестивал, во 2016 година, за изведбата на драмската претстава „Чорбаџи Теодос".



# ГЛАВА 5.
# МУЗИЧКИОТ ЖИВОТ ВО ГЕВГЕЛИЈА ОД МИНАТОТО ДО ДЕНЕС




15 години градски мешан хор
Гортинија




Град на култура















# 5.1. МУЗИЧКИОТ ПЕРИОД ВО ГЕВГЕЛИЈА ДО ПРВА СВЕТСКА ВОЈНА

Во периодот кога Гевгелија е прогласен за град во 1886 година, единствени форми на организирано музичко изразување биле фолклорот и црковното пеење. Од црковните пејачи, нашите музиколози го издвојуваат името на Иван Илиев[23] од Богданци, кој учел црковно пеење по византиска нотација во манастирите во Водоча и Вељуса. Бил истакнат црковен псалт кој го ангажирале побогатите семејства по црквите во Гевгелиско и Струмичко. Во 1894 година го составил зборник „Црковно песнопение" со христијански химни напишани со византиска нотација.

За разлика од црковното пеење, музичкото изразување низ фолклорот е многу поразновиден и побогат. Се пеат љубовни, трудољубиви, обичајни песни поврзани со верските празници, селските слави, а потајно се пееле и комитски и ајдучки песни, главно, при семејните веселби. Највпечатливи, сепак, биле „русалиските игри", кои предизвикувале и најголем интерес кај патеписците и етномузиколози од цел свет: („... Во слободното време се забавуваат со ајдучка игра со големи мечеви во рацете, замавнуваат, се удираат меч со меч, прават свртувања во круг, потскокнуваат, повремено потклекнуваат и подвикнуваат" – Едвард Браун)[24].

Токму во историјата на кореографијата на овие игри се отсликува и влијанието на големите култури, кои го оставиле во нашиот регион. Имено, русалиските игри, според музиколозите, потекнуваат од Античките игри „Розалии" – празник на мајското цвеќе, со обредни песни и инструментални мелодии и игри кои македонското население ги задржало и по прифаќање на христијанството, кога прво биле забранети (во 1230 година ги спомнува архиепископот Хоматијан). Но, потајно се задржале и добиле витешки карактер, како и посебни мистични елементи во периодот на т.н. „некрстени денови" од Божиќ до Богојавление. Во периодот кога „играат" русалиите, жените не смееле да перат, да се капат и да ги капат децата.

Во периодот на Отоманската империја игрите се поврзувале и со борбата на комитите, а после Илинденското востание смееле да се изведуваат само со дрвени сабји – кал'чки. Русалиските игри најмногу се задржале во Гевгелискиот регион, сè до Втората светска војна. Русалиската дружина броела и до 40 русалии, на чело со командувач (балтаџија) вооружен со секира, а останатите со сабји. Со себе воделе двајца тапанџии и двајца зурлаџии. Додека русалиските игри го симболизираат витештвото, моралноста и духовната чистота, во истиот период на „некрстените денови" се играле и т.н. џамаларски игри, со комичен и исмејувачки карактер.

Освен овие игри, кои биле најпопуларни, се организирале и карневаслки игри, најверојатно пренесени од Солун, кои се одржувале во месец март. Со засилување на пропагандите на соседните земји, во Гевгелија почнува и одреден вид музичко образование. Училишните мани-



фестации се изведуваат со пеење песни, најчесто во групи. Во овој период се појавуваат и првите податоци за инструментални состави во Гевгелија. Финансиран од Грчкиот конзулат во Солун, Македонскиот комитет од Атина и богати гркомани од Гевгелија, во 1905 година е формиран блех-оркестар со 32 лимени инструменти. Работеле по слух и изведувале народни песни и нивни обработки за време на народните и училишни свечености во Гевгелија, но и по околните блиски места.

Нешто подоцна, во 1908 година, наставникот и војвода Аргир Манасиев, како ученик на Францускиот колеџ во Солун, формира блех-оркестар, кој работи поорганизирано, настапувајќи за време на верските и народни празници. Во јуни 1909 година овој оркестар има интересен настап. Патувајќи за Косово за да се поклони на царот Мурат I (1359–1389) султанот Мехмед Решад V поминал низ Гевгелија. Додека оркестарот свирел пригодни песни во знак на гостопримство пред вагонот на султанот, убава гевгеличанка му подарила и гранка свилени кожурци, а султанот ја наградил со златник[25]. Оркестарот активно работел до 1913 година. Се смета дека овие два оркестра се и првите во музичката историја на денешна Македонија.

## 5.2. МУЗИЧКИОТ ЖИВОТ ВО ГЕВГЕЛИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Меѓу двете светски војни луѓето од гевгелискиот крај, а со тоа и од градот Гевгелија, продолжиле да ги негуваат традиционалните обреди и обичаи поврзани со верските празници, како и фолклорните обичаи поврзани со тоа. Но, српската власт настојувала да го збогати културниот живот со нови форми. Меѓу другото во Гевгелија било формирано и пејачко друштво „Краљ Петар".

Друштвото постоело сè до падот на српската власт во Македонија. Во овој период особено се истакнува и дејноста на учителот Спиро Калезиќ кој во учебната 1928 година во Негорци го формира и првиот училиштен хор. Во црковната музика се воведува српското „црковно поење" од српскиот композитор Стеван Ст. Мокрањац и полека се напушта традицијата на старо-македонското византиско пеење, иако во помалите цркви во селата сè уште се употребува.

За време на Втората светска војна бугарската пропаганда посветувала големо внимание на развојот на просветата и образованието. Во овој период се формираат прогимназии по селата, на училишните претстави се рецитира, се пее и се изведуваат кратки драмски пиеси.

## 5.3. МУЗИЧКИОТ ЖИВОТ ВО ГРАД ГЕВГЕЛИЈА ПО ВТОРА СВЕТСКА ВОЈНА ДО ДЕНЕС

Уште за време на Народноослободителната борба и дејствувањето на партизанските одреди биле поставени основните принципи на македонското школство и просвета. Во октомври и ноември 1944 година, во Гевгелиско–Дојранско–Валандовско биле направени првите чекори за македонско национално школство со организирање на два учителски курса.

Предметот пеење бил застапен во рамките на наставните предмети кои се изучувале, а во наставните планови било предвидено да се изучуваат химната, маршеви, народноослободителните песни, песни за ора и други народни песни. Исто така, секојдневно била застапена работата на хорот составен од курсистите со кој раководел аматерот-диригент Томе Андреев. Овој хор се подготвувал за митинг, со музичка програма од химни, револуционерни песни, борбени песни и руски борбени песни. По ослободувањето народната власт продолжува да го афирмира народното творештво, се организираат фестивали на народни песни и ора, но сè повеќе развојот на музичките активности го преземаат училиштата, Домот на културата и Народниот театар. Музичкиот живот во Гевгелија претставува важен сегмент од целокупното културно живеење на градот. Во секое училиште се формира хор и мандолински оркестар кои освен на училишните претстави, учествуваат и при прослава на државните, републичките и градските манифестации.

Во УЦ „Јосиф Јосифовски" работи мешан младински хор, кој бил формиран уште во 1952 година, под раководство на наставникот Александар Поповски. Со хорот подоцна работи професорот Атанас Атанасов, изведувајќи целовечерни концерти, а за својата работа е награден со неколку државни награди (8 сребрени плакети). Хорот го има добиено и највисокото градско признание, Наградата „7 ноември". Последните десетина години, хорот, под диригентската палка на професорот Илија Атанасов, е најуспешен средношколски хор во Македонија и на државните и регионални хорски смотри редовно освојува највисоки први места. Во 2016 година освојува и сребрен медал на Меѓународниот фестивал на уметностите „Утринска ѕвезда" во Р Бугарија.

И во основните училишта работат детски хорови, кои учествуваат на училишните и градски манифестации, а позначаен успех постигнува хорот при ОУ „Крсте Мисирков" под диригентство на наставникот Крсте Издушнов, кој освојува и три први места на државните хорски смотри во Кавадарци.

Особено значаен удел во развојот на музичката култура во Гевгелија има основањето на музичкото училиште „Васо Карајанов". По иницијатива на композиторите Тома Прошев и Стојан Стојков, во 1978 година училиштето започнува со работа, а прв негов директор е Ѓорѓе Улишев. Училишната програма ги опфаќа предметите пијано, виолина, флејта и кларинет, а од 1993 година се формира и балетски оддел. Училиштето развива богата концертна активност во Гевгелија и околните места. Неизоставен дел од работата на наставниот кадар се и многубројните учества на државните и меѓународни натпревари. Досега музичкото училиште го завршиле вкупно 261 ученик од кои 30 ученици го продолжиле своето музичко образование во некои од средните музички училишта во Р Македонија.

Во овој период се јавуваат и резултатите на првите професионални музички работници кои организираат манифестации, музички здруженија и ансамбли, кои постигнуваат завидни резултати. Во 1976 година е организирана културно-уметничката манифестација „Дојрански ракувања", од 1999 година редовно се организира манифестацијата посветена на сериозната музика „Музички моменти", во 2010 година здружението „Леге артис" ги организира регионалните хорски смотри „Тома Прошев", старогрaдската песна ја негува манифестацијата „Распеана чаршија, почнувајќи од 2008 година, а фолклорот „Фолклорен ѓердан". Од 2011 година во Гевгелија се одржува меѓународниот натпревар на млади пијанисти, а Гевгелија е, исто така, домаќин на детскиот музички фестивал „Калинка", хуманитарниот фестивал во чест на прерано починатиот гитарист Ристо Калиников „СРВ Фест" и повеќе други музички настани.

Гевгелија и општината биле родно место на неколку од најзначајните македонски композитори и музиколози, кои како поле за своја уметничка и професионална реализација ја наоѓаат надвор од Гевгелија. Композиторот и музиколог Тома Прошев (1931–1996), роден во Богданци, студира во Загреб, магистрира во Љубљана, своето образование го надоградува во Париз, каде специјализира кај познатата композиторка Надја Буланже. Работи како професор во Загреб и на Факултетот за музичка уметност во Скопје, каде го формира и познатиот ансамбл за современа музика „Света Софија". Како тема за својата четврта симфонија Прошев ја употребува познатата гевгелиска народна песна за војводата Леонид Јанков „Трба, трби гевгелиско".

Од Гевгелија потекнува музикологот и композитор Драгослав Ортаков (1928–2007), кој студира во Загреб, потоа во Белград и композиција во Париз. Се враќа во Скопје и работи како



професор на ФМУ и како музиколог остварува фасцинантен опус. Автор е на повеќе книги: „Музичката уметност во Македонија", „Arsnova macedonica", критики, брошури и статии за историјата на македонската музика, а посебен интерес претставува неговата истражувачка дејност во областа на византиското црковно пеење.

Особено значење во денешната македонска музика има композиторот Тома Манчев (1950), роден во Гевгелија, каде завршува гимназија, во Скопје дипломира на ФМУ. Знаењето го надградува со највисокиот степен на студии, уметничка аспирантура во Прага, а докторира на Музичката академија во Софија. Силен творечки дух, богата разновидност на музички идеи длабоко и возбудливо отсликани со мајсторска оркестарска техника провејува низ неговите симфонии: „Пеганофонија", „Симфонија за гудачи", „Стара песна", „Егзодус" и други камерни и солистички дела.

Посебно место во гевгелиската музичка историја зазема Градскиот мешан хор „Гортинија". Тоа е првиот музички ансамбл од Гевгелија кој покажува уметнички резултати високо вреднувани во домашната, но и странската јавност.















Понесен од успехот на средношколскиот хор при СОУ „Јосиф Јосифовски“, во 1996 година професорот Атанас Атанасов го формира градскиот хор „Сава Михајлов“. Хорот покажува одлични резултати, но, во 2001 година престанува со активност. Во 2004 година диригентот Илија Атанасов повторно го формира хорот со име „Гортинија“. Хорот развива богата концертна активност со целовечерни концерти во Гевгелија, низ Македонија и во странство, а на поголемите црковни празници настапува со „Златоустова литургија“ од Атанас Бадев.

На својот репертоар Хорот поставува композиции од домашни, но и странски автори, повеќето од нив првпат изведувани во Македонија (Пендерецки, Whitacre, Свиридов, Стравински), а во 2014 година премиерно во Македонија го изведува вокално-инструменталното дело Requiem на современиот англиски композитор John Rutter. Хорот настапува низ Македонија, Србија, Шпанија, Австрија, Италија, Полска, Турција, Црна Гора, учествувајќи на домашни и меѓународни хорски натпревари каде за својата работа добива високи признанија: Гранд При – златна плакета во Србија, сребрени плакети во Италија, Австрија, Турција, Црна Гора.

Значаен удел во развојот на аматерското музичко образование и култура има отварањето на Пионерскиот дом во 1983 година. Во 1989 година, во Пионерскиот дом се организира првиот општински натпревар во модерен балет во пионерска и младинска конкуренција, „Гевгелија–денс“. Во 1992 година е организиран првиот детски музички фестивал „Калинка“ кој во 1994 година стекнува карактер на интернационален детски фестивал. Во 2003 година е организирана првата фолклорна смотра на Меѓународниот фолклорен фестивал „Фолклорен ѓердан“.

Покрај постоењето на русалиските групи, се формираат и првите културно-уметнички друштва „Јосиф Јосифовски“, „Бојмија“, „Браќа Толеви“, „Негорци“, „Танец-Миравци“, кои бележат активно учество на пригодни манифестации од локален, регионален, државен и меѓународен план.

Паралелно со музичките друштва, во Гевгелискиот регион делувале и пејачки групи. Со својата активност се издвојува групата „Распеани гевгеличани“ формирана во 1971 година, под раководство на наставникот Александар Поповски, која и денес функционира.

Интересен белег во музичката историја на градот остави професорот по географија во гевгелиската гимназија Илија Џаџев[26]. Со својата хавајска гитара, самостојно организира голем број, најчесто, хуманитарни концерти, не само во Гевгелија, туку и низ светот.

Музички состави под влијание на западната поп-музика, во 60-тите години настапувале на игранки и претежно свиреле рок-музика, а некои од нив изведувале и своја компонирана музика. Вокално-инструментални состави од овој период биле „Тајфуни“, „Орфеи“ и „ВИС Милстоунс“, во кој членува и легендарниот гитарист меѓу гевгеличани – Лазе Самич. Во 80-тите и 90-тите години се појавиле повеќе музички состави со амбиција за афирмација, застапувајќи многу подправци на рок-музиката, кои правеле обиди и за снимање на своја авторска музика. Меѓу нив се групите „Добра земја“, „Кондатрк“, „Зијан“, „Флавораид“, „Скитници“, „Викинзи“, „Енџи“, „Параноид“, „Земјотрес“ и „Апсаздан“.

Од музичките состави од овој период, посебно се издвојува групата „Зијан“ формирана во 1978 година, во состав: Апостол Митров – Аце, Коце Динев, Ане Динев, Ристо Ќорнаков и Кире Зарлинов. На концерти во групата настапуваат и Антонио Какров и Филип Динев. Групата со своите успешни настапи подолго време опстојува меѓу звучните имиња на македонската поп-сцена. Во 1987 година, групата „Зијан“ била победник на гитаријадата во Заечар, а во 1988 година и на Младинскиот фестивал во Суботица, каде ја освоиле првата награда од жирито и од публиката. Со првиот албум „Низводно“, во 1991 година, на државната манифестација „12 величествени“ групата добива награда за најдобар албум на годината, а песната „Пушти коси“ е прогласена за хит истата година. Групата го има добиено и највисокото градско признание, Наградата „7 ноември“.

Освен групата „Зијан“ позначаен успех постигнува и групата „Скитници“ кои снимаат неколку свои авторски песни. Денес во Гевгелија функционираат повеќе локални музички состави како „Шиндев“ „Aqarius“, „Панта реи“, „G-note“, чии членови се претставници на младата популација, кои покажуваат интерес кон сопствено, авторско музичко творештво. Со своја авторска музика и настапи се истакнуваат и некои соло-пејачи - Оливера Станковска и Васил Ангов, а, секако, и македонскиот идол Иван Раденов.

# ГЛАВА 6.
# ЛИКОВНИОТ ЖИВОТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Почетоците на ликовното творење во Гевгелија се врзуваат со името на Ѓорги Хаџи-Наков – Гисник, сликар, аматер, кој твори некаде пред Втората светска војна. Со неговото творење, всушност, започнува и развојот на ликовниот живот во градот, кој го карактеризираат богатство од ликовни уметниви и творештво. Гевгелиската ликовна школа остави белег не само на ликовниот живот на југот од земјата, туку и пошироко. Во неа ликовните уметници можат да се поделат според генерациска припадност, според поле на изразување и според образованието. На првата група ликовни творци, родени во период помеѓу 1910 и 1941 година, ѝ припаѓаат: Ѓорги Хаџи-Наков – Гисник, Зафир Хаџимитров, Борис Петров, Димитар Гаспаров, Никола Бутров и Ѓорги Зарлинов. Според генерациската припадност во втората група родени (1945–1950 година) се ликовните творци Ѓорге Хаџи-Николов, Гаспар Гаспаров, Ѓорге Стамков, Јордан Јанев, Атанас Крстев, Глигор Старделов, Ангел Карајанов, Славе Ка'лчев и Илија Аризанов. Репрезенти на третата група (родени 1954–1960 година) се Владо Аврамов, Фиљо Танов, Драги Хаџи-Николов, Данчо Ка'лчев, Зоран Карагонов, Миле Петров, Апостол Митров, Гордана Николова - Петрова и Васе Митров. Во групата родени помеѓу 1975–1985 година припаѓаат Миле Ничевски, Гордана Хаџи-Николова Малашев, Стела Динова, Мирјана Крстева Масети, Адријана Манчева, Миле Стојанов, Горан Јованов, Ирена Којкова - Пејовиќ, Перо Кованцалиев, Дамјан Ѓуров, Ангел Миов, Ивана Миленковска, Елена Димитрова, Динка Карајанов, Иван Ка'лчев, Мирјана Прошева, Христина Николова, Димитар Мицев, Катерина Чугунџалиева и Димитар Бајалџалиев. Петата група ја сочинуваат родените меѓу 1986–1991 година: Сотир Хаџи-Николов, Александар Јанев, Ѓорге Петровски, Тодор Попов, Зоран Георгиев, Александра Латковска, Илија Димитров, Елена Ристова, Елена Ѓуров и Златица Илин.

Според полето на изразување, во изминатите осум децении, во Гевгелија творат сликари, графичари, склуптори и мулти-медиа, кои според образованието имаат завршено Средно уметничко училиште, Виша педагошка школа, Педагошки факултет и Факултет за ликовни уметности. Свој придонес во ликовниот живот на Гевгелија имаат и ликовните творци-аматери: Ценка Попова Милковска, Вангел Срнарков, Љубица Томова, Томе Лазаров, Златко Трајков, Родна Маркова, Љупчо Серафимов, Венци Лисовски, Ристо Јовановиќ, Роберт Наковски, Оливера Томиќ, Ице Капсаров, Габриела Гошева, Душко Апостолов.

Сите ликовни уметници во Гевгелија, од најстарата, па, се до најмладатагенерација, членуваат во Друштвото на ликовни уметници во Гевгелија-ДЛУГ. Друштвото е формирано во 1980 година и оттогаш, па, се до денес претставува главен двигател за случувањата во ликовниот живот на градот. Некои од најмладата генерација на ликовни уметници во Гевгелија се здружени во „Мултимедија центар“, кое организира редовни годишни изложби.





Што се однесува до гевгелискиот ликовен живот и ликовен фонд значително се збогатуваат со отворањето на Графичката колонија „Гевгелија“ во 1979 година, која ја организираше Работничкиот универзитет „Кирил и Методиј“, а во чија работа секоја година учествуваа графичари од цела Македонија и од тогашните југорепублики, како и од соседните земји. Исто така, во Гевгелија, од 1987 до 2003 година, работеше и ликовната колонија „Дојрана“. Во 2002 година започна со работа меѓународната ликовна колонија „Аполонија“, која се уште опстојува и претставува една од најрепрезентативните ликовни колонии во Република Македонија и пошироко. Пред се, поради ликовните уметници, кои учествуваат во нејзината работа и делата што остануваат во оваа колонија, што ја организира фондацијата „Аполонија“.

За богатото уметничко творештво гевгелискиот писател и професор Илија Карајанов запишал: „Семиотиката на овие творци на боите, светлините, формите заизворува од колективната меморија на македонскиот народ и неговата духовна историја низ вековите. Смислата на уметноста творците ја согледуваат во исконската борба на човекот против минливоста и заборавот. Корените на нивните дела, во најголем дел, се блиски до големата жива метафора на Медитеранот. Под убавината на нашето јужно поднебје, сакале ние или не, делата на гевгелиските уметници не можат да бидат ништо друго освен СВЕТЛИНАТА.“



Ѓорѓи Хаџи Наков Гисник



Никола Бутров



Борис Петров



Драги Хаџи Николов



Ѓорѓе Зарлинов




Данчо Кал'чев



Димитар Гаспаров





Јордан Јанев



дамјан ѓуров





Перо Кованцалиев



Мирјана Крстева Массети



Миле Ничевски



Гордана Хаџи Николова Малашев



# ГЛАВА 7.
# ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Во историјата на Гевгелија, информирањето, поточно, издавањето на весници и списанија имало посебно место. Значаен придонес во афирмирањето на македонската национална мисла и информативна дејност имал Ангел Динев ( 1891 - 1952), роден во Смоквица, Гевгелиско. Тој бил македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, деец на ВМРО (Обединета), македонски општественик, новинар, публицист, историчар и политички работник. Во Солун работел како фурнаџиски работник (1909-1911), а во 1922 година се доселил во Софија. Како соработник на весникот „Илинден", уредуван од Арсениј Јовков , објавил повеќе уводни статии, а бил раководител и на Гевгелиското братство (1927-1947). Ангел Динев бил сопственик и уредник на „Македонски вести" (1935-1936), работел и како редактор на весникот „Доброволец" (1944), а познати се неговите дела „Македонските Словени", „Илинденската епопеја" и „Политичките убиства во Бугарија".

Во поновата историја, од времето на НОБ, па до денес, во градот перманентно излегуваат од печат весници и списанија[27]. Во сè уште неослободениот Гевгелиски регион излезе првиот број на весникот „Гевгелиска искра" – периодичен весник на Пропагандниот одел при Околискиот комитет во 1944 година. Првиот број, печатен на македонски мајчин јазик, излегол во октомври 1944 година во Серменин, а третиот и последен број во 1945 година во Гевгелија. Издавач бил „Агрипром" при Околискиот комитет на КПМ за Гевгелија, кој бил формиран на 8. октомври во Грчиште. Соработници биле Ангел Џеков, Ристо Елимов, Киро и Васил Ќортошеви, Никола Карогонов, Митко Зафировски и други. Бил печатен на шапирограф, на обична хартија, на формат 30 х 21 см. Во поднасловот на весникот стои: „За културно-просветни и економско-политички прашања".

Весникот „Борец" претставува периодичен весник на Културно-просветниот одбор на 21. МНО бригада, на 50. Дивизија, од 1944 година. Првиот и единствен број излегол на 17 декември 1944 година во Гевгелија.

Весникот „Гевгелиски глас" е весник за општествено-политички прашања, првиот број излегол на 7. ноември 1968 година, а вториот и последен на 24. декември 1968 година. Издавач бил Локална радиостаница Гевгелија, чиј директор бил Никола Кулишев, а главен и одговорен уредник Ѓорги Стојменски. Весникот излегол во тираж од 5.000 примероци, како јубилејно издание посветено на Денот на ослободувањето на Гевгелија.

Весникот „Јужен глас" е весник на Културно-просветна заедница на Гевгелија од 1974 година. Првиот број излегол во 1974 година, издавач била КПЗ на Гевгелија, а единствениот број бил печатен во тираж од 1.000 примероци. Весникот „Винојуг" бил весник на ЗИК „Винојуг", кој започнал да се печати во 1975 година и вкупно биле печатени 14 броја. Излегувал месечно, а подоцна и двомесечно во тираж од 2.000 примероци.

По осамостојувањето на Република Македонија, во Гевгелија излегле повеќе весници и списанија. Во 1992 година изглегле два броја од информативното гласило „Темелник" на Организациониот одбор на Деновите на гевгелиското школство во Гевгелија.

Весникот „Гевгелиска јавност" бил независен општински месечник кој излегувал еднаш месечно, а на почетокот и два пати месечно. Првиот број излегол на 11. март 1994 година, издавач бил ПП „АБЦ" – Гевгелија, а главен и одговорен уредник бил Кире Јанишлиев. Излегле 30 броја на весникот „Гевгелиска јавност", а последниот број бил отпечатен во месец јуни 1996 година.

Весникот „Де Блок" бил, исто така, независен општински месечник кој излегувал еднаш месечно. Првиот број излегол на 11. ноември 1996 година, а вкупно биле печатени пет броја. Издавач било здружението „Дрем дрем ле лее", главен и одговорен уредник бил Венци Лисовски.

Од 2004 година излегува регионалниот независен неделник „Добар глас", кој на почетокот излегувал еднаш неделно, а подоцна еднаш месечно или еднаш на два месеца. Првиот број излегол на 8. април 2004 година, а вкупно биле издадени 20 броја. Издавач бил ТД „Добар глас", главен и одговорен уредник бил Љубчо Алексовски.

Исто така, од 2004 година излегува „Гевгелија инфо", информативен билтен на општина Гевгелија, кој излегувал еднаш месечно, а првиот број бил отпечатен во април 2004 година. Во 2009 година билтенот „Гевгелија инфо" се преименува во весникот „Гевгелиски магазин", чиј издавач останува општина Гевгелија. Овој општински информативен весник ги отсликува сите актуелни општествено-економски и културолошки збиднувања во град Гевгелија и околината. Излегува континуирано до денес. Главни и одговорни уредници се Љубчо Алексовски и Кире Јанишлиев. Се печати во тираж од 2.000 броја кои се бесплатни.

Од 2006 година еднаш годишно излегува од печат Училиштен весник, во издание на СОУ „Јосиф Јосифовски" - Гевгелија, кој информира за активностите, наградите и достигнувањата на училиштето. Весникот го уредува училишна новинарска група, уредник е професорката Жаклина Атанасова, а се печати во тираж од 500 до 1.000 примерока.

Радио-информирањето во Општината се остварувало преку радио-станицата во Гевгелија, која со својата дејност започнала на 16. мај 1956 година, со примитивна техника и со слаба чујност. Десет години подоцна, во 1966 година, прераснала во локална радио-станица „Радио Гевгелија", а во 1971 година во употреба бил даден среднобранов радиопредавател од



10 КВ. Малку подоцна започнало со емитување на стерео-програма на УБК подрачје. Во 1986 година антенскиот столб бил реконструиран, височината била зголемена од 46 на 81 м, со што чујноста била зголемена неколкукратно. Вкупниот обем на емитуваната радио-програма годишно изнесувала околу 1.500 часови, од кои 1.150 сопствена програма, 350 часа заедничка програма со „Радио Скопје" и 260 часа полноќна програма во живо. Подоцна во рамките на радиото било основана телевизиска дејност, а информативната куќа била преименувана во „Радио-Телевизија Гевгелија" или РТГ и ја покривала со телевизиски сигнал целата Општина[28].

Друг информативен сервис во Гевгелија е приватната телевизија ТВ „Нова 12", која постои од април 1992 година, под името ТВ „Канал 12", а чиј сопственик е Ѓорѓе Џундев. Телевизијата имала и мал прекин на работата од една и пол година, а потоа повторно продолжила со работа, под ново име - ТВ „Нова 12". Оваа локална телевизија ја покрива цела општина Гевгелија со телевизиски сигнал и врши тв-размена со повеќе национални телевизии во РМ[29]. Покрај оваа локална телевизија десеттина години своја тв-програма емитуваше и телевизијата ТВ МИГ 21 .

# ГЛАВА 8.
# СПОРТСКИОТ ЖИВОТ ВО ГЕВГЕЛИЈА ОД МИНАТОТО ДО ДЕНЕС

До пред 1922 година, односно до формирањето на ФК „Кожуф", во Гевгелија не постоел организиран спортски живот. Сепак, кај народот, неорганизирано, во зимскиот период, кога луѓето биле ослободени од земјоделските работи, слободното време го користеле во изведување на разни игрarии. Турците таквите игрarии ги викале - ѝлинџил'к. Овие игрarии биле разновидни: фрлање стап со зашилен врв како копје, играње дл-камбара (денешната игра анчанчари), кршистап (поставен стап забоден во земја и од далечина групата мава со друг стап со цел да го собори), затрчување и рипање во далечина во плева или во песок, фрлање на камен, борење или Турците го викале ѓуреш – пеливанство (кај Турците борачите го мачкале со зејтин голото тело, а нашите борачи биле облечени), клинкање на една нога, гуцкање со прчка, тегнење со и качување по јаже и други.










## 8.1 ФУДБАЛОТ ВО ГЕВГЕЛИЈА[30]

Организиран спортски живот во Гевгелија почнува во првата третина од XX век, односно со настанокот на ФК „Кожуф". Сè до 1922 година во Гевгелија имапо импровизирана фудбалска игра. Всушност, младите од градот, поради големата желба за спортска дружба, сами си правеле топка од меурот од домашни свињи т.н. дујалка, кои ја дувале и ја користеле како фудбалска топка. На чистинките во своите маала тие импровизирале капии со камења и распределени во екипи играле секојдневно.

